# ПЛАНИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ВТОРО ОДДЕЛЕНИЕ

| НАСТАВНИ ТЕМИ | |
|---|---|
| 1. СЛУШАЊЕ И ЗБОРУВАЊЕ | 40 часа |
| 2. ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ | 65 часа |
| 3. ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | 60 часа |
| 4. МЕДИУМСКА КУЛТУРА И МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ | 15 часа |
| **ВКУПНО** | 180 часа |

resursi.literatura.mk

ПЛАНИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ЗА ВТОРО ОДДЕЛЕНИЕ

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК |
| **Вид / категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Одделение** | II – ВТОРО одделение |
| **Теми / подрачја во наставната програма** | 1. Слушање и зборување<br>2. Почетно читање и пишување<br>3. Литература, изразување и творење<br>4. Медиумска писменост и медиумска култура |
| **Број на часови** | 5 часа неделно / 180 часа годишно |
| **Опрема и средства** | ✓ Таблет, компјутер, звучници, слушалки.<br>✓ Паметна (смарт) табла.<br>✓ Маркери во боја.<br>✓ Наставни листови, плакати, постери, илустрации со слики (одделни или во низа) поврзани со содржините и активностите.<br>✓ Книги (приказни, басни, бајки, стихотворби, гатанки, поговорки).<br>✓ Списанија за деца, илустрирани енциклопедии за деца, илустрирани речници.<br>✓ Дигитална библиотека со книги.<br>✓ Библиотека во училница со книги.<br>✓ Анимирани филмови, аудиовизуелни записи од театарски претстави, интернет образовни софтвери и други аудиовизуелни средства и други средства во зависност од целта. |

ПЛАНИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ЗА ВТОРО ОДДЕЛЕНИЕ

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

**Подрачје:** ***Јазична писменост***

| **Ученикот/ученичката знае и/или умее:** | |
|---|---|
| I-А.1 | да ги изразува и пренесува своите мисли, чувства, информации и ставови во различни комуникациски ситуации на својот мајчин јазик преку различни медиуми и за различни цели; |
| I-А.4 | да го користи стандардизираниот јазик, со почитување на граматичките и правописните правила при усно и писмено изразување; |
| I-А.6 | да ги идентификува основните карактеристики на мајчиниот јазик (азбука, историја, дијалекти итн.) и сличностите и разликите со другите јазици; |
| I-А.8 | да разбира содржини на аудиопораки: да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и резимира информациите од пораките и да ги искаже (писмено и усно) со свои зборови; |
| I-А.9 | да разбира содржини на пишан текст: да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и резимира информациите од текстот и да ги искаже (писмено и усно) со свои зборови; |
| I-А.12 | да користи информации од различни извори и медиуми и критички да пристапува кон нив, земајќи го предвид изворот, контекстот, целта и веродостојноста на презентираните информации |
| **Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:** | |
| I-Б.1 | преку изучување на мајчиниот јазик се развива сопствениот јазичен и културен идентитет, а преку јазичната комуникација се пренесува културното наследство и културата на живеење; |
| I-Б.2 | со употребата на јазикот во различни контексти и средини и во различни форми се овозможува ефикасна комуникација и интеракција (секогаш имајќи предвид со кого се остварува комуникацијата); |
| I-Б.4 | содржината и начинот на изразување на сопственото мислење можат да придонесат за одржување и за подобрување на комуникацијата, но и да предизвикаат недоразбирање и конфликти. |

resursi.literatura.mk

ПЛАНИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ЗА ВТОРО ОДДЕЛЕНИЕ

**Подрачје:** ***Дигитална писменост, Личен и социјален развој, Општество и демократска култура и Уметничко изразување и култура.***

| **Ученикот/ученичката знае и/или умее:** | |
|---|---|
| IV-A.2 | да процени кога и на кој начин за решавање на некоја задача/проблем е потребно и ефективно користење на ИКТ; |
| IV-A.5 | да определи какви информации му/ѝ се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини; |
| V-A.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците кои се јавуваат на патот кон нивно остварување; |
| V-A.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина; |
| V-A.10 | да применува етички начела при вреднување на правилното и погрешното во сопствените и туѓите постапки и да манифестира доблесни карактерни особини (како што се: чесност, правичност, почитување, трпеливост, грижа, пристојност, благодарност, решителност, одважност и самодисциплина); |
| V-A.13 | да комуницира со другите и да се презентира себеси соодветно на ситуацијата; |
| V-A.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените грижи и потреби на конструктивен начин; |
| V-A.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите; |
| V-A.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите; |
| V-A.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и да донесува рационални одлуки. |
| VI-A.3 | да ги формулира и аргументира своите гледишта, да ги сослушува и анализира туѓите гледишта и со почитување да се однесува кон нив, дури и тогаш кога не се согласува; |
| VI-A.5 | да ги разбира разликите меѓу луѓето по која било основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн.); |
| VI-A.6 | да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и кај другите и да се спротивставува на дискриминација; |
| VI-A.7 | да препознава манифестација на вербално и физичко насилство во сопственото опкружување, да ги согледува последиците од насилството и да се спротиставува на него; |

resursi.literatura.mk

| | |
|---|---|
| VIII-А.1 | да манифестира познавање на различните форми на уметничко изразување од сите области на културата (литературата, музиката, визуелните уметности, изведбените уметности, декоративните уметности, архитектурата, дизајнот); |
| VIII-А.3 | да ги изразува сопствените идеи, искуства и емоции, користејќи уметнички или други форми на креативно изразување (индивидуални или колективни); |
| VIII-А.4 | да ги интерпретира идеите, искуствата и емоциите изразени во уметничките продукти креирани од други кои се припадници на сопствената или на други култури; |
| VIII-А.5 | да манифестира познавање на сопствената култура и на различните начини на нејзино изразување преку литературата и визуелните уметности, музиката и танците, градбите и другите културни продукти. |
| **Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:** | |
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење – ги олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативноста и иновативноста, нуди разни можности за забава; |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот кој самиот/самата го вложува и од резултатите кои самиот/самата ги постигнува; |
| V-Б.4 | секоја постапка која ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина; |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остварување на целите и надминување на предизвиците во секојдневните ситуации; |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му/ѝ биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби; |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика водат кон личен напредок на индивидуален и социјален план. |

resursi.literatura.mk

ПЛАНИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ЗА ВТОРО ОДДЕЛЕНИЕ

| | |
|---|---|
| **Предмет : МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК** | **ВТОРО ОДДЕЛЕНИЕ** |
| **Наставно подрачје : СЛУШАЊЕ И ЗБОРУВАЊЕ** | Време на реализација 40 часа |
| **Изготвиле:** Наташа Тодоровска | Од ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| **Адаптирале:** | |

**<u>РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ</u>**

**<u>Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:</u>**

- ✓ комуницира невербално и вербално во врска со содржината на слушнат текст;
- ✓ учествува во разговор преку изразување мислење, поставување прашања и одговарање на прашања;
- ✓ раскажува и опишува според согледување, набљудување и искуство;
- ✓ прераскажува и раскажува, користејќи ги соодветно глаголските времиња (сегашно, минато определено, минато неопределено и идно), како и директен и индиректен говор.

| Содржини и (поими) | стандарди за оценување | часови | активности | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Слушање со разбирање** | Повторува (невербално или вербално) слушнат текст или делови од слушнат текст. | 1 | •Учениците преку фотографии од различни места(природа, река, езеро, планина, село, спортско игралиште, базен и сл.) раскажуваат за своите доживувања од летниот одмор.<br>•Учениците внимателно слушаат краток текст посветен на доживувања од летниот распуст(наставникот може да биде автор на текстот) и одговараат на прашања во врска со содржината:<br>• Каде беше момчето/девојчето на летување?<br>• Со кого беше таму?<br>• Како му/ѝминуваа деновите?<br>• Што ти се допадна најмногу во текстот?<br>• Дали сметаш дека ќе продолжи нивното другарување? Како? | фотографии од различни места –природа, река, езеро, планина, село, спортско игралиште, базен | Усни одговори на прашања<br><br>Се искажува за содржината на слушнат текст |
| | Постапува според слушната инструкција (во упатство или во порака). | 2 | •Учениците фатени за рака во круг по дадени насоки пренесуваат позитивна мисла со шепотење на соученикот од десната страна. Пример:**Ти си добар другар**.<br>Последниот ученик гласно ја кажува и се проверува дали внимателно ја слушнале и ја споделиле мислата. | кутија<br><br>картички со искази | Усни одговори на прашања<br><br>Практични изведби - |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Слушање со разбирање** | | | •Во кутија се ставени картички со кратки и јасни искази со различни инструкции. Учениците извлекуваат картичка, гласно го читаат исказот и постапуваат според упатството.<br>• Избриши ја таблата!<br>• Нацртај сонце во тетратката!<br>• Кажи ја азбуката!<br>•Игра во парови - Води го другарчето до избран предмет!<br>Еден ученик има врзано очи со марама, а другиот го води низ училницата до избраниот предмет со јасни инструкции(број на чекори, насоки лево-десно) | марама | Следи насоки по слушнати инструкции<br><br>Активно учество во работа во пар/група<br><br>Учество во изведување заклучоци |
| | | | • Игра **„ Топло, ладно“** - Учениците се поделени во групи. Една група излегува надвор од училницата, а друга група треба да го скрие предметот. На даден знак групата влегува и учениците со насоки „**ладно, ладно, топло, топло, жешко“** треба да ги одведат до предметот.<br>•Игра**„ Возот тргнува...“-** Учениците се поставени во круг. Ученикот кој ќе биде локомотива се одредува со помош на броеница**.** Се движи по внатрешната страна на кругот пеејќи: „*Возот тргнува, локомотивата кружи, ајде (името на ученикот) со нас да се дружиш*!“ Ученикот чие име е кажано треба да се фати за половината на „локомотивата“. Потоа тој ученик ја пее песничката, извикувајќи го името на друг ученик сè додека сите ученици не се фатат на „возот“.<br>•Игра**„Расипан телефон“** – Наставникот кажува еден збор и учениците треба да го пренесат зборот до последниот ученик со шепотење и само еднаш. Не смеат да го повт-рат зборот доколку друг ученик не слушнал внимателно. Последниот ученик го кажува зборот и се открива дали точно се завршила играта. | предмет од училницата | |
| | Го идентификува бројот на говорници кои го кажуваат текстот што го слуша и препознава дали говорниците се деца или возрасни, машки | 1 | •Преку проектор учениците следат презентација со фотографии на кои се претставени еден маж/жена, две деца, група луѓе од различни возрасти и сл. Се поведува дискусија:<br>• Што прави мажот/жената на сликата?<br>• Што би правел само еден човек ?<br>• Што можат да прават двајца и сл.<br>•Секоја група добива работен лист каде се претставени фотографии | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>звучници<br><br>презентација со | Усни одговори на прашања<br><br>Препознава број и возраст на говорници деца/возрасни, |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | или женски. | | со различни говорници: деца, мажи, жени, возрасни лица и сл. Учениците слушаат снимени аудио записи каде се слушаат различни гласови во монолошка или дијалошка форма, фрагменити од анимиран филм, а учениците треба да ги препознаат сликите кои одговараат на записите.<br>•Учениците во група читаат кратки искази или текстови и ги поврзуваат со соодветната слика. | фотографии<br><br>работен лист | машки/ женски во текст<br><br>Активно учество во работа во пар/група |
| **Слушање со разбирање** | Ги идентификува ликовите кои зборуваат во текстот што го слуша (дали се луѓе, животни или растенија).<br><br>Ги идентификува ликовите во слушнатиот текст и определува кој (и кога) зборува тивко, умерено или гласно | 4 | •Секој ученик треба да одбери **пример** по едно домашно/диво животно кое му се допаѓа и не му се допаѓа. За двете треба да се искажи зошто го има тоа мислење.<br>•Учениците внимателно слушаат изразно читање на текст и одговараат на прашања. Предлог текст по избор на наставник(Пр. „Волкот и мечката“)<br>•Наставникот повторно го чита текстот со насоки да внимаваат учениците во кои делови ликот ќе зборува тивко, умерено или гласно и каква порака пренесува ликот со тонот на зборување.<br>•Учениците добиваат работен лист со драмскиот текст и го читаат по улоги- Раскажувач , Волк и Мачка. | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br><br>Лист со драмски текст за секој ученик<br>Тетратка | Усни одговори на прашања<br><br>Ги идентификува ликовите кои зборуваат во текстот што го слуша (дали се луѓе, животни или растенија).<br><br>Ги идентификува ликовите во слушнатиот текст и определува кој (и кога) зборува тивко, умерено или гласно<br><br>Извлекува |
| | | | •Идентификување на ликови од драмски текст„Весна и Цивко“по улоги и разговор за содржината низ прашања.<br>•<u>Подготовка на просторот</u>-Рамка од картон подготвена како прозорец, пченица, хартиена маска од птица.<br>•<u>Подготовка на учениците</u> за драматизација – поделба на улоги: Раскажувач, Весна и Цивко.<br>Насоките на наставникот за драматизација на текстот:<br>• Јасно и гласно изнесување на говорот на ликот;<br>• Правилна артикулација и дикција;<br>• Внесување на емоционалност при драматизација;<br>• Користење на невербален говор;<br>• Движење во простор соодветно улогата. | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br><br>рамка од картон подготвена како прозорец, пченица, хартиена маска од птица | |
| | | | •Идентификување на ликови од текст„Полноќен разговор“ стр. 136. и разговор за содржината низ прашања.<br>Одговараат на поставени прашања во врска со содржината и | компјутер<br>проектор<br>бела табла | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Ги идентификува ликовите кои зборуваат во текстот што го слуша (дали се луѓе, животни или растенија). | | ликовите во текстот.<br>• Кои се главни ликови во текстот - мајката која правела ручек, доматот или пиперката?<br>•Читање на текстот по улоги:раскажувач, пиперка и домат. Учениците треба да внимаваат на интерпункциските знаци и да откријат која реченица можат да ја читаат гласно, која потивко, а каде да читаат со умерена јачина. | картички со плодови(овошје и зеленчук)<br><br>боички<br>учебник стр.136 | заклучок од дијалогот на ликовите |
| **Слушање со разбирање** | Ги идентификува ликовите во слушнатиот текст и определува кој (и кога) зборува тивко, умерено или гласно | | •Прашања за размислување - Како се заштитуваат птиците од студ и глад во зимскиот период?<br>•Учениците внимателно слушаат изразно читање на песна „ Дете и врапче“ од книгата „Палавото зајаче“ од Ненад Цамбазов. Наставникот чита со промена на динамиката (одредени стихови ги чита тивко со цел да ја доживеат содржината, а други погласно) .<br>•Учениците добиваат текст од песната и воочуваат во која строфа говори детето, а во која врапчето.<br>Се формираат парови за читање со насоки:<br>• Врапче – чита потивко, со умерено темпо (изморено, гладно, исплашено)<br>• Дете - чита погласно, го мотивира и охрабрува врапчето дека ќе се грижи за него.<br>•Извлекување на заклучок - Како може да им помогнеме на птиците во зима? Кратко видео(Наставникот преведува од англиски јазик)<br>https://www.youtube.com/watch?v=dvPuhLC9GjU | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>звучници<br><br>книгата Палавото зајаче“ од Ненад Цамбазов.<br><br>копија со текст од песната за секој ученик | Усни одговори на прашања<br><br>Идентификува ликови во слушнат текст<br><br>Воочува говор изговорен со различна динамика соодветно содржината |
| | Го идентификува бројот на реченици содржани во текстот додека го слуша текстот (најмногу три реченици). | 1 | <br>•Учениците се насочуваат да опишат слика и да состават 2-3 реченици т.е кратка приказна.(за мравката)<br>•Анализа на краток текст„ **Есенска случка“** (стр.13).Учениците го читаат текстот и откриваат од колку реченици е составен. Воочуваат дека речениците се кратки. Знаат дека треба да ги почитуваат интерпункциските знаци при читањето. ( Наставникот им обрнува внимание при читањето да воочат точка, запирка, прашалник и извичник и истите да ги почитуваат) | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br><br>учебник стр.13<br>тетратка | Усни одговори на прашања<br><br>Идентификува од колку реченици е составе нслушнат текст |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Слушање со разбирање** | Опишува места, локации, изглед на предмети и лица според содржината на слушнатиот текст. | 1 | •Наставникот покажува **предмет**(пример играчка автомобил) и бара од учениците да ја опишат како изгледа и за што служи.<br>Учениците внимателно слушаат изразно читање на текст „Прв подарок“(стр.12), одговараат на прашања за содржината, а потоа се искажуваат за особините на главните ликови;<br>• **Горан**- добар, радосен, дарежлив, добар другар<br>• **Билјана**- добра другрка, среќна, радосна<br>•Учениците избират предмет од својот училишен прибор и го опишуваат по дадени насоки. | | Усни одговори на прашања<br><br>Опишува места, предмети, лица во слушнат текст |
| | Идентификува и кажува податоци за времето, местото, начинот и други околности на вршење на некое дејство или за особини на ликови, предмети и појави опишани во слушнатиот текст.<br><br>Резимира содржина на слушнат текст. | 1 | •Наставникот ја раскажува приказната „**Дедото и репката**“. По случаен избор неколку ученици добиваат улоги и се поставуваа по дадена инструкција - дедото зад репката, бабата зад дедото, внучето зад бабата....и се движат обидувајќи се да ја откорнат репката. <br>•Учениците се поделини во групи, ја читаат и ја резимираат содржината преку одговор на прашања.<br>•Секоја група добива сликички кои треба да ги постават соодветно на А4 лист, да запишат 3 реченици и да ги прочитаат. Рeчениците треба да содржат имиња на ликови, да се определи место и време на настани. | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br><br>текст од приказна „Дедото и репката“<br><br>сликички<br>ножици<br>А4 бел лист | Усни одговори на прашања<br><br>Определува ликови, време, место и настан во слушнат текст<br><br>Учество во изведување заклучоци |
| | Идентификува нелогичности во слушнат текст. | 1 | •Учениците читаат реченица на пишана на таблата и се поведува дискусија што не е логично во неа.<br>**Дупката се исплаши од мачката и се скри во глувчето.**<br>Се запишува правилно и се изведува заклучок за правилно подредување на зборовите во реченицата.<br>Учениците во парови читаат и анализраат испревртени реченици(учебник стр.46).<br>• Кучето го зеде ловецот и појде на лов.<br>Ги подредуваат зборовите правилно и ја запишуваат реченицата.<br>• Ловецот го зеде кучето и појде на лов. | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>маркер<br>учебник стр.46<br>тетратка | Усни одговори на прашања<br><br>Препознава неправилен редослед на зборови во реченици |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Слушање со разбирање** | Идентификува нелогичности во слушнат текст<br><br>Идентификува непознати зборови во слушнат текст. | 1 | •На таблата се истакнати картички со кратки зборови и учениците треба да составаат една завршена мисла (да откријат брзозборка). Со поместување на картичките треба да ја состават брзозборката.<br>Криво \| под \| клечка \| крива \| јаре \| лежеше, \| крив \| гризеше. \| јавор<br>•Наставникот истакнува плакат со брзозборката и се објаснуваат зборовите кои им беа непознати и заради кои не можеа да ја разберат содржината. Ја изговараат 2-3 пати брзозборката за да им предизвика весело расположение.<br><br><br>Учениците во групи добиваат различни кратки брзозборки, ги откриваат непознатите зборови и се обидуваат да ја разберат содржината на нелогичниот текст. Пример:<br>Тапан тропа, трупа ,туп, Томче тегне тежок труп. \| Спие слатко старец сом, сега сони седми сон. \| Бел петел в бела пепел преташе | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br><br>картички со кратки зборови<br><br>селотејп<br><br>тетратки<br><br>лист со текст од брзозборка-индивидуално за секој ученик | Усни одговори на прашања<br><br>Идентификува нелогичности во слушнат текст<br><br>Идентификува непознати зборови во слушнат текст<br><br>Учество во изведување заклучоци |
| | Идентификува непознати зборови во слушнат текст<br><br>Составува реченици со новонаучените зборови. | 1 | •Учениците поделени во групи разгледуваат различни енцикопедии. Низ прашања се дискутира за илустрациите и содржините кои ги забележаат во енцикопедиите.<br>• Дали имате слушнато за зборот енцикопедија?<br>• Какви содржини содржи?(животни, растенија, вселена, човечко тело, воден свет и сл.)<br>•На учениците им се чита текстот „Енцикопедија“ (учебник стр.105), а потоа низ прашања се разработува неговата содржина.<br>Наставникот дава објаснување за енциклопедија и дека содржините кои можат да пронајдат во неа се вистинити.<br>Го запишува поимот енцикопедија како новонаучен збор и неговото значење на таблата.<br>•Учениците ги разгледуваат енцикопедиите и избираат одредена содржина која го предизвикала нивниот интерес. Читаат и доколку имаат непознат и нејасен збор запишуваат бараат негово толкување и составуваат реченица со новонаучениот збор.<br>Од секоја група се читаат некои содржини и се запишуваат три-четири реченици со новонаучени зборови | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br><br>различни енцикопедии<br><br>учебник<br>тетратка за почетно пишување | Усни одговори на прашања<br><br>Препознава и бара објаснување за непознати зборови<br><br>Составува реченици со новонаучените зборови. |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Поставува прашања од различен тип (да/не-прашања, кој/што-прашања, каде/кога прашања) поврзани со слушната содржина.<br><br>Одговара на прашања од различен тип (да/не-прашања, кој/што-прашања, каде/кога прашања) во врска со слушната содржина. | 1 | • Учениците претходно се запознаени со содржината на текстот. Пр. **„ Кртот Чипсо“**<br>Учениците во пар добиваат картички со прашања. Еден ученик го чита прашањето, а друг одговара со полна реченици<br>• **Што** пронајде Чипсо?<br>• **Каде** ги однесе компирите?<br>• **Кого** сакаше да го повика?<br>• **Кога** се предомисли за својата одлука?...<br>• Изведување заклучоци - со поставување на различни прашања може да добиеме јасни информации за одредена содржина.<br>• Учениците поделени во групи треба да запишат на А4 лист три прашални реченици со користење на прашалните зборчиња. Под секое прашање оставајќи простор за одговор. На даден знак од наставник групите ги менуваат листовите и ги одговараат прашањата на групата од која го добиле листот. | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br><br>Текст„Кртот Чипсо“<br><br>картички со прашања<br><br>А4 лист | Усни одговори на прашања<br><br>Поставува и одговара на прашања од различен тип.<br><br>Учество во изведување заклучоци |
| **Реагирање по слушнат текст** (невербална и вербална комуникација) | Прераскажува со правилна употреба на реченици со минато неопределено време (Жирафата ја изела целата храна. Децата стоеле надвор.). | 2 | •Учениците поставени во круг пеат песна за есента.(*корелација со музичко образование*). Подаваат лесно сунгерно топче и кажуваат зборови за есента и нејзините карактеристики. Ученик кажува пр. **дожд** и го фрла топчето кон друг ученик кој треба да ја продолжи играта со нов збор (пр. чадор, ветер, облак, ајвар...)<br>• Читање на текстот **„Последниот лист“** од учениците и низ прашања се насочуваат да го прераскажат текстот со користење на реченици во минато неопределено време<br>-Наставникот објаснува без користење на терминологија **-Времето било многу студено. Една вечер Месечината на црешовата гранка здогледала само еден лист...**<br>• Учениците добиваат лист со прашални реченици од текстот. Еден ученик го чита првото прашање и повикува учник кој сака да го одговри со целосна реченица. На ист начин се одговараат сите прашања со цел да им се олесни прераскажувањето на текстот. | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>звучници<br>сунгерно топче<br><br>учебник<br><br>лист со прашања од текст за секој ученик | Усни одговори на прашања<br><br>Усно прераскажува со употреба на реченици со минато неопределено време<br><br>Учество во изведување заклучоци |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | •Преку гатанки учениците се воведуваат во откривање на содржината.<br>Не го плаши мраз и студ, ни Северко, Сечко лут. Пролетта ја вести, со сонце ве чести. (кокиче)<br>Една баба многу стара, кокичиња, врапци кара, сестра е на баба Зима, триста ума таа има. (баба Марта)<br>•Учениците внимателно следат изразно читање на текстот „Март“ учебник стр. 88 и одговараат на поставени прашања за содржината. Следат насоки по дадени клучни зборови усно да го прераскажат текстот со употреба на реченици во минато неопределено време(тоа не им се нагласува, само им се дава пример како усно да прераскажуваат).<br>Пр. Едно кокиче храбро стоело исправено на студениот ветер.<br>Неколку ученици самостојно или со поддршка од наставник со насочени прашања го прераскажуваат текстот. | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br><br>гатанки подготвени од наставник<br><br>учебник стр. 88<br><br>тетратка | |
| **Реагирање по слушнат текст** (невербална и вербална комуникација) | Невербално реагира (преку мимики, гестови или ономатопеја) во знак на согласување/ несогласување, верување/неверување, сомневање, изненадување, потврдување /одрекување, потсмевање, лутење во врска со слушната содржина. | 1 | •Дискусија со учениците:<br>• Зошто сакам да седам во иста клупа со ...?<br>• Дали соработувате и се дружите и по часовите?<br>•Учениците слушаат текст во кој ликовите изразуваат согласување и несогласување со нешто или со некого, верување и неверување во нешто искажано, сомневање во нешто, изненадување, потврдување и одрекување, потсмевање и лутење на некого.<br>- *Предлог текст **„Другари“** – од книгата „Земја на лажговците“ од Н. Џамбазов.*<br>•Се договараат невербални начини на реагирање на содржината на текстот, реакција на постапка на некој од ликовите и сл.<br>• Согласување - палец нагоре, климање со глава и сл.<br>• Несогласување - палец надолу, одмавнување со глава<br>Наставникот го чита со паузитекстот и ја следи невербалната реакција на учениците.<br>• Миле го штипеше, му се подбиваше на Ванчо дека беше мал и слаб.(палец надолу)<br>• Ванчо со љубов го следеше раскажувањето на учителката и вредно учеше(палец нагоре, климање со глава и сл)<br>Извлекување заклучоци - Наставникот кажува исказ, а учениците треба со кревање или спуштање на палец да го искажат своето мислење. | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br><br>примереок од текстот другари<br><br>тетратка | Усни одговори на прашања<br><br>Користи невербален говор при искажување на согласување/ несогласување со содржината<br><br>Учество во изведување заклучоци |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Реагирање по слушнат текст** (невербална и вербална комуникација) | | | 1. Треба да му се потсмевам на послабите деца.(палец надолу)<br>2. Можам да земам ужинка од другар без да го прашам. | | |
| | Реагира со куси искази („Да./Не.“; „Добро.“; „Се разбира.“; „Договорено!“; „Навистина?“; „Мислиш?“; „Како да не!“) во знак на согласување/ несогласување, верување/неверување, сомневање, изненадување, потврдување/ одрекување, потсмевање, лутење во врска со слушната содржина. | 1 | •На поширок простор во училницата се означува права линија со креда или јаже. На едната страна од линијата се става лист со зборот ДА, а на другата страна со зборот НЕ. Наставникот кажува изкази на кои учениците одговараат со ДА или НЕ со поместување во соодветниот простор, а не со зборување.<br>• Надвор врни снег.<br>• Бојан има сини очи.<br>Се извлекува заклучок за невербална комуникација, на исказите одговараа со движење кон просторот со точниот одговор. Соодветното движење одговараше на исказите ДА/НЕ .<br>•Наставникот истакнува слика со вселенско летало, а под неа запишува или истакнува картончиња со куси искази :<br>**Да. Не. Добро. Се разбира!**<br>**Договорено! Навистина? Мислиш? Како да не!**<br>Учениците преку анализа на текстот „Вселенско летало“-учебник стр. 135 го доживуваат разговорот.<br>**Дарко:** Здраво,како си?<br>**Иве:** Добар сум.<br>**Дарко:** Вчера видов вселенско летало од мојот балкон.<br>**Иве:** Навистина!<br>•Учениците во пар добиваат картички со прашања, а одговорите треба да ги даваат со примена на куси одговори како од истакнатите картички на таблата. Наизменично поставуваат прашања и даваат одговор.<br>- Дали сакаш сладолед од лешник? - **Да.**<br>- Дали оваа година ќе одите на одмор во Охрид? - **Можеби!**<br>*(Во времето за други активности може да се вежба драматизација на текстот„Вселенско летало“* | креда<br>додолго јаже<br>А4 бел лист со исказ ДА<br>А4 бел лист со исказ НЕ<br><br>картончиња со куси искази :<br>Да. Не.<br>Добро.<br>Се разбира!<br>Договорено!<br>Навистина?<br>Мислиш?<br>Како да не!<br><br>учебник<br><br>картички со прашања | Усни одговори на прашања<br><br>Реагира со куси искази во врска со слушната содржина.<br><br>Активно учество во работа во пар<br><br>Учество во изведување заклучоци |
| | | | •Со учениците се разговара на одредена тема. **Пр:** за нивната омилена храна, начинот на исхрана дома и додека се на училиште. Им се поставуваат прашања од следниот вид:<br>**1. Да/не одговори**<br>- Дали сакаш да јадеш спанаќ? | | Усно одговара на слушнати |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Реагирање по слушнат текст** (невербална и вербална комуникација) | Усно одговара на слушнати прашања, со избирање на еден од три понудени одговори, со дополнување реченица со збор или со да/не-одговор. | 1 | - Дали сам си подготвуваш храна?<br>2. **Прашања со избор (3 понудени одговори )**<br>- Каков вид на ужинка најчесто јадиш на големиот одмор?<br>• Кифла, геврек<br>• Крофна, кроасан<br>• Смоки, бисквити<br>3. **Реченици со дополнување**<br>• Сакам да пијам сок од .....<br>• За појадок најчесто јадам....<br>•Учениците на самолеплив стикер запишуваат омилен вид на храна. Ги лепат стикерите на табла. Се групираат стикерите според видот на храна која најмногу сакаат да јадат учениците.<br>**овошје колачи пица тестенини месо...**<br>Наставникот ги насочува учениците да се обидат да поставуваат прашања по дадениот пример:<br>- да/не одговори - Дали Јане сака да јади месо?<br>- избор од 3 одговори ( ученик лепи 3 стикери еден под друг и дава избор на друг ученик да избери омилено јадење од трите понудени) и сл. | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>самолепливи стикери | прашања, со избирање на еден од три понудени одговори, со дополнување реченица со збор или со да/не-одговор.<br><br>Учество во изведување заклучоци |
| **Изговор** (гласови, слогови, зборови и реченици) | Правилно ги изговара гласовите на македонскиот гласовен систем. | 1 | • Секој ученик го кажува своето име и гласовите од кои е составено. Пример: Кирил(К-И-Р-И-Л).<br>•Наставникот го запишува името на таблата и разговара со учениците - гласовите ги изговараме и слушаме, но кога ги запишуваме користиме писмени знаци-букви. Учениците во тетратка ги запишуваат своите имиња и се искажуваат од кои букви се составени.<br>•Учениците од кутија извлекуваат картичка со големи печатни букви од азбуката, правилно ја изговараат и кажуваат збор кој ја содржи (на почеток, на средина и на крај). Пример: Б – буре, риба, заб.<br>•Игра **„Каладонт“** – Еден ученик кажува збор. Следниот треба да започне нов збор со последната буква на кажаниот збор. Пр. јајце – елен. Правило на играта е да не се каже збор кој завршува на **ка** Пр. елка. Тогаш сите деца извикуваат **„каладонт“** и ученикот излегува | бела табла<br>маркер<br>тетратка<br>кутија<br>картичка со големи печатни букви од азбуката | Усни одговори на прашања<br><br>Правилно ги изговара гласовите во различна позиција на зборот<br><br>Учество во изведување заклучоци |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | од играта. | | |
| **Изговор**<br>(гласови, слогови, зборови и реченици) | Повторува слушнати зборови поделени на слогови и самостојно дели едноставни зборови (трисложни, а најмногу четирисложни) на слогови. | 2 | •Секој ученик треба да се обиде да ја„ испее“првата буква од името **Пр.** Елена(Еее..), Асие(Аааа), Наташа(Ннн..), Дамјан(Дддд).<br>• Кои гласови ги слушаме целосно?(а, е, и, о, у).<br>Учениците го запишуваат своето име и ги заокружуваат буквите **а, е, и ,о , у**<br>Учениците преку реченица истакната на таблата откриваат од колку букви е составен секој збор - **Ана и Марија се смеат.**<br>•Учениците отркиваат дека подолгите зборови можат да се поделат на најмали делови наречени слогови. А во секој слог мора да има една од буквите **а, е , и, о** или **у.**<br>**А –на и Ма- ри- ја се сме-ат.**<br>•Вежби со учениците - (активностите се одвуваат усно)<br><u>1 слог-</u> од, над, снег,нос<br><u>2 слога</u>- ма-ма, мо-лив, пе-сна<br><u>3 слога</u>- На-та-ша, ли-ва-да, ма-ши-на<br><u>4 слога</u>- ви-но-жи-то, пе-пе-рут-ка...<br>Активности во тетратка, работен лист, учебник стр. 29, 30 | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>маркер<br>учебник стр.29, 30<br>тетратка<br>работен лист | Усни одговори на прашања<br><br>Дели едноставни зборови на слогови.<br><br>Препознава еднословни, двосложни, трисложни и повеќесложни зборови |
| | | | На таблата се залепени стикери на кои се наоѓаат слогови. Учениците ги разгледуваат и штом пронајдат слогови од кои можат да состават збор, ги одлепуваат и ги ставаат еден до друг. Го читаат зборот.<br><br><br>•Повторување за бројот на слогови во еден збор(еднословни, двосложни ,трисложни... зборови).<br>Учениците следат изразно читање на текстот„ Сказна за слогот“<br>•Учениците во работен лист со табела со три колони треба да ги распореди зборовите сообдветно на бројот на слогови.<br>*Линк до работен лист*- [https://shorturl.at/l5a85](https://shorturl.at/l5a85)<br>•Учениците се наредени во круг. Секој ученик треба да изговори еден збор и да плесни со дланките онолку пати колку што мисли дека има слогови во зборот. Ако погреши излегува од играта.<br>**Пр.** мо-лив-(2 пати плеснува со дланките) | Самолепливи стикери<br><br>маркер<br><br>работен лист за индивидуална работа<br><br>молив | Учествува во изведување заклучоци |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Изговор** (гласови, слогови, зборови и реченици) | Препознава зборови со испуштени или со додадени гласови, со неправилен состав или редослед на гласовите и ги кажува правилно.<br><br>Определува глас на почетокот и на крајот на зборот. | 1 | •Наставникот кажува зборови.<br>Учениците определуваат дали во зборовите има некој глас што ќе го посочи наставникот. Откриваат кој глас е испуштен или додаден во слушнатите зборови, кои зборови се со неправилен состав или редослед на гласовите, а потоа ги кажуваат во правилната форма.<br><br><br>На пример:<br>• Во кои зборови го слушате гласот **е?** наш, кофи, заби, пегла...<br>• Каде го слушате гласот р во зборовите?риба, заболекар, корпа...<br>• Кој глас недостига во зборовите:лис, као, сеа...<br>• Учениците работат во групи по четворица, секој ученик поставува задача, а другите кажуваат зборови со посочени први или последни гласови во зборот, на следниот начин: Тоа што е ш за Штип, за Прилеп е п. | | |
| | Изговара расказни, прашални и извични реченици со правилна интонација, самостојно и во контекст. | 1 | •Наставникот изговара реченица на два различни начини, а учениците треба да откријат кој е правилниот изговор на реченицата.<br>• Кој е дежурен ученик?<br>При изговорот, првиот пат наставникот го крева гласот кај зборот ученик, а вториот пат го спушта гласот.<br>•Предлог текст – **„Каде се моите нешта“** – учебник стр.92<br>Активности за правилен изговор на реченици:<br>- **прашални реченици** - Нагласување на прашалниот збор на почеток на реченица и подигање на гласот на крајот од речениција пред знакот прашалник.<br>• Каде е мојата блуза?<br>- **расказни реченици** - Се спушта гласот при изговор на зборот пред знакот точка и се прави кратка пауза.<br>• Ние сме тука на полицата за книги.<br>•Прашање за размислување - Како ќе ја прочитаме правилно реченицата- **Уф, време е за на училиште!** | учебник стр.92<br><br>тетратка<br><br>квадратни картончиња | Чек листа за следење:<br><br>Одговор на прашања со целосни реченици<br><br>Изговара расказни, прашални и извични реченици со правилна интонација, |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | -**извична реченица** - се изразува чувствена состојба (возбуда, радост, чудење, страв, лутина. се пишува знак ! и се изговара со повишување на гласот.<br>•Учениците на квадратни картончиња цртаат прашалник (?), извичник( !) и точка( .) .<br>Наставникот изговара реченица, а учениците треба според интонацијата да откријат каква реченица е искажана. Го креваат картончето со соодветниот знак.<br>• Леле, колку е топло во собата!- (картонче со накот !) | !<br><br>. | |
| **Водење разговор** (тема на разговор, разговор, дијалог, говорник, соговорник) | Започнува разговор на дадена тема (кажува што мисли и/или поставува прашање).<br><br>Се вклучува во започнат разговор со еден или повеќе соговорници (искажува согласување/несогласување и/или поставува прашање/одговара на прашање). | 3 | •Разговор на тема – ЕСЕН. Наставникот го запишува зборот ЕСЕН на таблата и ги насочува учениците да пронајдат и искажат зборови кои се поврзани со овој поим( Бура на идеи).Од понудените зборови се извлекува реченица:**Есента е најубавото годишно време.**<br><br><br>•По одговарање на прашања и добиени сознанија за годишното време ЕСЕН во Т табела се забележуваат ставовите на учениците ( се согласуваат или не се согласуваат за исказот/тврдењето<br>Се согласувам \| Не се согласувам<br>Дождот е корисен за почвата. \| Со кал си ги правиме обувките.<br>Од пиперките се прави ајвар. \| Ајвар има во продавни-ците цела година. | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>маркер<br><br>тетратка<br><br>линијар | Усни одговори на прашања<br><br>Слободно разговара на дадена тема<br><br>Искажува согласување/ несогласување во врска со одреден став<br><br>Учество во изведување заклучоци |
| | | | •Учениците се поделени во групи. Извлекуваат картичка на која е напишан еден збор, се договараат како да го презентираат со невербален говор пред другите групи, а тие треба да го откријат зборот:<br>1. ГРУПА - РАДОСТ<br>2. ГРУПА - СМЕА<br>3. ГРУПА - ТАГА<br>4. ГРУПА - СТРАВ<br>5. ГРУПА - БОЛКА<br>6. ГРУПА - ЉУБОВ<br>•Учениците се групираат во две групи - позитивна(радост, смеа, љубов) и негативна емоција(тага, страв, болка).<br>Се насочуваат меѓу групите да си поставуваат прашања со користење на прашални зборови :Кога? Како? Зошто? Колку? Каде? | компјутер<br>проектор<br>звучници<br><br>картички со зборови подготвени од наставник | Усни одговори на прашања<br><br>Искажува свое мислење на дадена тема |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Водење разговор** (тема на разговор, разговор, дијалог, говорник, соговорник) | Започнува разговор на дадена тема (кажува што мисли и/или поставува прашање).<br><br>Се вклучува во започнат разговор со еден или повеќе соговорници (искажува согласување/несогласување и/или поставува прашање/одговара на прашање). | | Што? Дали?<br>• Кога чувствуваш тага?<br>• Зошто се смееш?<br>• Што те плаши? ...<br>•Анализа на текст по избор на наставник. Пр:**„ Радост и смеа“** од И. Радиќ(искажуваат согласување/несогласување преку одговор на прашања)<br>•Изведување заклучок дека позитивните емоции се многу важни за правилен развој и дека треба да изведуваат игри, активности и да разговатаат на теми кои кај нив предизвикуваат радост, смеа, среќа, почит, љубов, внимание и сл.<br>Изведуваат ритмичка изведба на песната „ Штом си среќен“ (*Меѓупредметна интеграција со музичко образование*<br>https://www.youtube.com/watch?v=XTBW_uC_p4A | примерок од текстот за наставникот | Искажува согласување/ несогласување за одреден исказ<br><br>Учество во изведување заклучоци |
| | | | •На таблата е нацртана sвезда. На нејзините краци учениците треба да запишат зборови кои се однесуваат на нивната желба каде сакаат да летуваат за распустот и зошто.<br><br><br>•Учениците во парови си поставуваат прашања поврзани со темата од sвездата.<br>• Со кого ќе одиш на одмор на море?<br>• Каде ќе бидете сместени?<br>• Колку дена ќе бидите таму?...<br>Еден ученик поставува прашања, а другиот одговара, а потоа ги менуваат улогите.<br>Учениците споделуваат со другите ученици што дознале за своето другарче од парот: Каде ќе летува? Со кого? Зошто таму сака да летува? и сл. | Компјутер<br>Проектор<br>Бела табла | |
| | Комуницира во различни ситуации, користејќи востановени начини на поздравување, отпоздравување, | | •Разговор на тема: **„ Дедо Мраз- наш гостин“**<br>• Како ќе го поздравиме Дедо Мраз ако сега влезе во училницата?<br>• Што мислите, како тој ќе ни отпоздрави?<br>• Што треба прво да направиме откако ќе се поздравиме?<br>• Како ќе се запознаеме со него? Како ќе му се претставите? | компјутер | Одговор на прашања со |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Водење разговор** (тема на разговор, разговор, дијалог, говорник, соговорник) | запознавање, претставување, опишување, замолување, извинување, обраќање итн.<br><br>Користи соодветна висина на тонот на зборување, во зависност од комуникациската ситуација и од соговорникот. | 1 | • Како ќе му се обратите за да дознаете дали носи подарок за вас?......<br>•Учениците се подготвуваат за симулирање на ситуација кога Дедо Мраз доаѓа во нашата училница, а ние правиме приредба во негова чест. Неколку ученици по сопствена желба играт улога на Дедо Мраз, а останатите се ученици, учесници во приредба.<br>Се вежба дијалог на културно однесување, користење на целосни реченици и културни зборови при комуникација.<br>*Предлог активности за стандардот*- во кои користат востановени начини на поздравување, отпоздравување, запознавање, претставување, опишување, замолување, извинување итн. При драматизациите учениците користат соодветна висина на тонот на зборување, во зависност од комуникациската ситуација и од соговорникот.<br>• разговор за другарчињата од соседството;<br>• телефонски разговор со другарче кое има скршено нога и кое е отсутно на часовите;<br>• разговор за фотографиите направени на роденденската забава кај другарче од одделението;<br>• разговор со училишниот библиотекар;<br>• разговор во семејството за впечатоците од празничната посета на домот на другарче кое слави Бајрам; | проектор<br>бела табла<br>маркер<br><br>компјутер<br>звучници<br>накитена елка<br>торба за подароци<br>новогодишни капи<br>балони | целосна реченици<br><br>Користи културни зборови при поздравување отпоздравува, запознавање, претставување опишување, замолување, извинување, обраќање |
| **Усно прераскажување, раскажување и опишување** (расказни реченици, прашални реченици, потврдни реченици, одречни реченици, директен говор, индиректен говор) | Прераскажува со правилна употреба на реченици со минато неопределено време (Жирафата ја изела целата храна. Децата стоеле надвор.). | 1 | •Учениците се насочуваат да изработат Грозд за поимот - МЕЧКА:Изработка на грозд за зборот МЕЧКА  <br>•Учениците се насочуваат да раскажат по слики што им се случило на„ **Медо и зајаците**“(стр.21).<br>•Следат насоки какви речениците да употребуваат при *прераскажување*(употреба на реченици со минато неопределено време).<br>**Еден убав есенски ден Медо ги повикал трите зајачиња за да ги нагости со мед. Побрзале во шумата и дошле до едно шупливо дрво. Медо почнал да бури-ка со нозете...** | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>маркер<br><br>учебник стр.21<br>тетратка | Усни одговори на прашања<br><br>Прераскажува со употреба на реченици со минато неопределено време<br><br>Учество во изведување заклучоци |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Усно прераскажување, раскажување и опишување** (раскажни реченици, прашални реченици, потврдни реченици, одречни реченици, директен говор, индиректен говор | Усно раскажува за вообичаени, доживеани или претстојни дејства со правилна употреба на реченици со сегашно време (Јас живеам во Кратово.), минато определено време (Поштарот донесе две писма.) и идно време (Утре ќе одам во библиотека.). | 1 | Игра: **Продолжи ја реченицата**: „За време на **зимскиот одмор** јас....“ Наставникот ја запишува реченицата на таблата и прв ја започнува играта.<br>• За време на зимскиот одмор читав книги и слушав убава музика.<br>Неколку ученици се искажуваат што правеле за време на зимскиот одмор со довршување на реченицата.<br>На таблата се запишуваат клучни зборови кои ќе произлезат од речениците на учениците, а се поврзани со празниците и обичаите за време на празнувањата.<br>**Нова година, плоштад, огномет, Коледе, оган, гости, Бадник, Божиќ, црква, Василица, планина, книги, фамилија, паричка, прскалици, балони и сл.**<br>Учениците усно раскажуваат доживување од распустот со правилна употреба на реченици во минато определено време( без да им се нагласи).Пр.<br>**Со моите родители за Нова година бевме на плоштад.**<br>**Се сликавме кај големата елка, слушавме музика и пушавме балони....**<br>Секој ученик на хартиена лента запишува и ја чита **расказна реченица** со клучните зборови.<br>• За **Василица** мама направи мазник со паричка.<br>Расказните реченици ги ставаат во кутија на која пишува расказни реченици.(Можност да се користат речениците и на други часови) . | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br><br>хартиени ленти за пишување реченица<br><br>молив<br><br>тегла со налепница: РАСКАЗНИ РЕЧЕНИЦИ | Усни одговори на прашања<br><br>Усно раскажува за доживеан настан со правилна употреба на реченици во минато определено време |
| | Раскажува според согледување, набљудување и искуство. | 1 | •Неколку ученици усно раскажуваат за впечатоците од роденденската забава кај своето другарче, при што користат соодветна лексика и граматички форми за опис на настанот (пример: за домашното милениче, за подарокот, за начинот на кој се забавувале, за тоа како пристигнале и како заминале од забавата, како се чувствувал и како се однесувал славеникот итн.). | тетратка | Усни одговори на прашања<br><br>Раскажува настан по искуство |
| | Раскажува кратка приказна врз основа на серија слики. | 1 | •Учениците во мали групи добиваат слики кои треба да ги подредат во целина- да добијат приказна. Секој ученик од групата раскажува што се случува на неговата сликичка-сите заедно усно ја раскажуваат својата приказна.<br>•Предлог активности за раскажување приказна по слики: | серија слики<br><br>учебник | Усни одговори на прашања<br><br>Раскажува кратка |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Тигарот и зајаците -учебник стр.37<br>• Непослушното пајче- учебник стр.45<br>• Два јарци- учебник стр. 74 и др. | | приказна по серија слики. |
| **Усно прераскажување, раскажување и опишување** (расказни реченици, прашални реченици, потврдни реченици, одречни реченици, директен говор, индиректен говор | Раскажува приказна за настани/случки (слушнати или од сопствено искуство), претставувајќи ги хронолошки и со правилна употреба на глаголските времиња. | 2 | •Учениците набљудувајќи фотографија со вапцани јајца се искажуваат з апразникот Велигден<br><br>•Одговараат на прашања по внимателно слушање на текст,, Велигден“ од Наум Попески. Се насочуваат усно да раскажуваат за сопствено доживување во врска со празникот Велигден и неговото прославување:<br>• вапцување на јајца<br>• одбележување во домот,<br>• посета кај најблиските,<br>• одење во црква,<br>• купување нова облека и сл.<br>•Учениците учествуваат во изведување на заклучок дека сите празници се најубави кога се празнуваат во кругот на семејството опкружени со љубов, почит и внимание. Обичаите за верските празници треба да се негуваат и почитуваат. | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br><br>слика од интернет со вапцани јајца<br><br>примерок од текст „Велигден“ за наставникот | Усни одговори на прашања<br><br>Раскажува за случки од сопствено искуство<br><br>Хронолошки подредува настани со правилна употреба на глаголски времиња. |
| | | | •Учениците се насочуваат да раскажат сопствено доживување од одбележување на празникот Први мај (излет во природа, прошетка во градот или на друго место, во кругот на семејството или пријателите и сл)<br>1. На таблата се запишани прашања според кој учениците хронолошки треба да ги подредуваат настаните.<br>• Каде заминавте на излет/прошетка?<br>• Со кого бевте таму?<br>• Што правевте на тоа место?<br>• Како се чуствувавте ?<br>• Што ви беше најубаво?<br>•Учениците усно раскажуваат, а наставникот при раскажувањето ги насочува на правилно формулирање на реченици и користење на глаголските времиња. | тетратка | Усни одговори на прашања<br><br>Раскажува сопствено доживување со правилен хронолошки ред на настани<br><br>Изговара реченици со правилна употреба на глаголските |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Усно прераскажување, раскажување и опишување** (расказни реченици, прашални реченици, потврдни реченици, одречни реченици, директен говор, индиректен говор | | | •Учениците размислуваат и се искажуваат за народната поговорка- **Работата го краси човекот.**<br>Кои искази се однесуваат на човек кој ја сака и цени работата?<br>вреден - мрзлив<br>рано станува – спие до пладне<br>се интересира – незаинтересиран<br>слуша со внимание – не сака да слуша<br>изморен – одморен .... | | времиња. |
| | Раскажува на зададена тема или на тема по избор, користејќи соодветен вокабулар и правилни граматички форми. | 1 | •Наставникот ги насочува учениците на мал лист да напишат на која тема сакаат да разовараат на часот<br>Учениците се поставуваат во круг. Наставникот извлекува од ливчињата, ја чита темата,а учениците преку насочен разговор раскажуваат случки поврзани со неа. Следува раскажување и по други теми | | Усни одговори на прашања<br><br>Раскажува со користење на правилни граматички форми |
| | Опишува лица, предмети, растенија, животни и пејзажи врз основа на набљудување или имагинација. | 2 | •Учениците преку откривање на гатанки за животни се насочуваат на разговор за домашните миленичиња и грижата за нив.<br>Учениците во тетратка/работен лист/ учебник стр.57 добиваат **опис на маче** во кој недостигаат клучни зборови. Го читаат текстот и понудените зборови самостојно ги запишуваат на соодветното место.<br>Мачето е домашно животно. Телото му е покриено со __________ . Зимно време тоа е погусто, за да го штити од __________ . Крзното може да е различно по боја или да е __________ . | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>маркер<br><br>учебник стр.21<br>тетратка | Усни одговори на прашања<br><br>Опишува животно по набљудување |
| | | | •Пред табла стои ученик, држејќи јаболко или некој друг плод во една рака и мала топка или друг предмет во другата рака.<br>Го именуваат и опишуваат:<br>• ученикот според надворешниот изглед (боја на коса, очи, облека, висина и сл.)<br>• јаболкото-овошје, боја, форма, вкус..<br>• топчето-предмет, боја, форма, намена<br>•Изведување заклучоци:<br>• кога го опишуваа ученикот опишуваа лице(суштество),<br>• јаболкото(плод-дел од живо суштество- растение)<br>• топката(предмет)<br>Учениците избираат предмет и според дадени насоки усно го | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>маркер<br><br>јаболко или друг плод<br><br>топче<br><br>тетратка за почетно пишување | Усни одговори на прашања<br><br>Ошишува лица, предмети, суштетсва по набљудување со користење на расказни реченици |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | опишуваат. | | |
| **Усно прераскажување, раскажување и опишување** (расказни реченици, прашални реченици, потврдни реченици, одречни реченици, директен говор, индиректен говор | Пренесува со индиректен говор дијалог составен од две реченици (расказни, прашални, извични, потврдни, одречни (– Марија, дај ми ја книгата, те молам! – Почекај ме да допишам, Марко! / Марко ја замоли Марија да му ја даде книгата. Марија му рече да ја почека да допише.). а | 2 | •Учениците слушаат краток дијалог кој го чита наставникот.(запишан на табла или хамер)<br>**Мајка:** Побрзај Томче , ќе задоцниш на училиште!<br>**Томче:** Сакам уште малку да поспијам, мамо!<br>Учениците одговараат на прашања за слушнатиот дијалог<br>• За што разговараат мајката и нејзиниот син?<br>• Какви реченици користат во разговорот ?<br>•Учениците се насочуваат да ја пренесат реченицата на мајката со индиректен говор(без да се спомне како поим)<br>• Мајката му рекла на Томче да побрза бидејќи ќе задоцнел на училиште.<br>На ист начин се пренесува со индиректен говор и реченицата на Томче.<br>• Томче ѝ рекол на својата мајка дека сакал уште малку да поспие.<br>Учениците се насочуваат на читање во парови на драмски текст „Волкот и мачката“ стр. 66<br>Се одредува еден пар кој ќе прочита по еден дијалог од ликовите(еден ученик - мачка, друг ученик – волк)<br>**Прв пар**<br>**Мачката:** Каде бегаш волчко? Зошто си толку исплашен?<br>**Волкот:** Ловци и овчари ме гонат. Не го слушаш ли лаењето на кучињата? Мачко, те молам, скриј ме некаде. Ќе ми ја одерат кожата.<br>Се даваат насоки како учениците да ги пренесат улогите кои ги читааа со индиректен говор.<br>Се анализираат ликовите од драмскиот текст и поговорката - Што си надорбил – тоа сркај си! | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br><br>картички со дијалози<br><br>картички со реченици<br><br>учебник стр.66 | Усни одговори на прашања<br><br>Пренесува со индиректен говор дијалог составен од расказни, прашални, извични, потврдни, одречни реченици<br><br>Пренесува реченици од индиректен говор во дијалог со две реченици |
| | | | Сите ученици извлекуваат реченица од кутија. Прво ја читаат реченицата во себе. Потоа еден по еден ученик гласно ги читаат речениците. Потребно е внимателно да слушаат за да го пронајдат соодветниот пар: реченица запишана во директен говор и реченица пренесена во индиректен говор. Потоа паровите застануваат еден до | кутија<br><br>ленти со реченици во | |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Пренесува реченици од индиректен говор во дијалог со две реченици (Чуварот нѐ праша кога ќе си одиме. Му рековме дека имаме уште два часа. – „Кога ќе си одите, ученици?“ „Имаме уште два часа, чичко чувар.“). | | друг и ги читаат уште еднаш речениците.<br>**Пр.** „Ќе спијам во 15 часот“.<br>Маре ми рече дека ќе спиела во 15 часот.<br>Учениците добиваат насоки да работат во пар.<br>Еден ученик треба да состави една-две расказни, прашални или извични реченици, а другиот ученик да ги пренесе во директен говор .<br><u>Прв ученик од парот</u><br>• Марко ја праша Лина дали сака утре да возат точак заедно.<br><u>Втор ученик од парот</u><br>• Лина, сакаш утре да возиме точак заедно?<br>Учениците во даден текст треба со сина боја да ги подвлечат речениците што се во директен говор, а со<br>црвена боја речениците што се во индиректен говор (предлог текст и активност од Вежбанка по македонски јазик за второ одделение – Арс ламина) | директен и индиректен говор<br><br>печатен текст за индивидуална работа<br><br>црвена и сина боичка | |

resursi.literatura.mk

ПЛАНИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ЗА ВТОРО ОДДЕЛЕНИЕ

| **Наставен предмет: МАКЕДОСНКИ ЈАЗИК** | **ВТОРО ОДДЕЛЕНИЕ** |
|---|---|
| **Наставно подрачје : ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ** | Време на реализација 65 часа |
| **Изготвиле:** Наташа Тодоровска | Од ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| **Адаптирале:** | |

**<u>РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ</u>**

**<u>Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:</u>**

- ✓ чита со разбирање зборови, реченици и кратки текстови напишани во наставниот материјал и во опкружувањето;
- ✓ пишува мали и големи ракописни букви според македонската азбука и правилно да ги употребува при пишување зборови и реченици;
- ✓ пишува куси и едноставни текстови според диктат, од сеќавање и самостојно, на дадена тема;
- ✓ применува основни правописни правила за голема и за мала буква, за интерпункциските знаци точка, извичник и прашалник и за пренесувањето на еден слог од составот на двосложен збор во друг ред.

| **Содржини и (поими)** | **стандарди за оценување** | **час** | **активности** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Почетно читање** (глас, слог, збор, едноставна реченица, куса реченица, азбука) | Ги кажува буквите според редоследот во азбуката. | 1 | •Учениците ја пеат азбуката со придружба на мелодија.<br>• „Азбука“<br>https://www.youtube.com/watch?v=Wqj8W1s-_tw<br>• „Бушава азбука“<br>https://www.youtube.com/watch?v=1To_P7kwsds<br>•Со техниката **Каменот зборува** учениците штафетно ја кажуваат азбуката. Еден ученик ја започнува играта - го кажува гласот А и збор кој почнува на него, авион. Потоа го додава топчето (каменот) на друго дете кое треба да продолжи со гласот Б.<br>•Учениците во тетратка ја запишуваат редоследно печатната азбука - голема и мала буква.<br>•Во работен лист со слики запишуваат зборови со печатни букви- за секоја буква има соодветна слика.<br>Предлог работен лист - https://shorturl.at/DMGGV | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>звучници<br><br>работен лист<br><br>картички со букви од азбуката<br><br>тетратка | Усни одговори на прашања<br><br>Знае редоследно да ги кажува буквите од азбуката<br><br>Активно се вклучува во игровни активности |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Почетно читање** (глас, слог, збор, едноставна реченица, куса реченица, азбука) | Ги препознава буквите и ги поврзува со соодветниот глас и со зборови што започнуваат со тој глас. | 1 | •Игра - Пронајди го паротот<br>Учениците од кутија извлекуваат картички со големи и мали печатни букви. Еден ученик кажува:<br>• „Јас ја имам големата печатна буква **А**.<br>• Кој ја има малата печатна буква **а**?<br>Се формираат парови од ученици со голема и мала печатна буква. Но, ќе останат и ученици без пар. Од кутијата се пронаоѓаат соодветните букви.<br>•Учениците добиваат работен лист со табела со 3 колони. Наставникот кажува одреден глас. **Пр**. С<br>Учениците во првата колона ја запишуваат буквата С, потоа запишуваат збор кој почнува на гласот с (Сонце) и со цртеж го претставуваат. Цртежите можат да ги цртаат откако ќе запишат околу 10 зборови на глас кој ќе го каже наставникот.<br>[буква \| збор \| цртеж]<br>•Учениците се наредени во круг. Добиваат насоки да ја кажуваат азбуката, но на секоја трета буква ученикот треба да плесне со дланките. Пр. А, Б, В(плес), Г,Д, Ѓ(плес)... | кутија<br><br>картички со големи печатни букви<br><br>картички со мали печатни букви<br><br>работен лист | Усни одговори на прашања<br><br>Ги препознава буквите<br><br>Ги поврзува буквите со соодветниот глас и со зборови што започнуваат со тој глас.<br><br>Активно се вклучува во игровни активности |
| | Ги поврзува печатните и ракописните букви со соодветните гласови.<br><br>Ги препознава ракописните букви во состав на слог, збор или реченица. | 1 | •( Букварка - Ги учиме буквите од кирилицата преку леснички, гатанки и дополнувалки) .<br>Наставникот истакнува постер со печатни букви. Им посочува на учениците печатна буква, а тие во тетратката треба да ја напишат печатната и ракописната буква.<br>Аа- *Аа,* Бб- *Бб...*<br>Читање на изучени текстови напишани со ракописни букви<br>• *Весна и Наум*<br>• *Коста и Тони*<br>• *Јане е смен*<br>• *Дедо Димо и баба Бојана*<br>•Учениците во парови составуваат зборови од слогови, а од зборовите составуваат реченици.<br>(Слоговите може да се запишат на табла или да се изработат картички за изведување на игровни активности)<br>***то- бо -не , На , та- ле , он - а - ви,*** | букварка<br><br>постер со печатни букви<br><br>учебник<br><br>тетратка за почетно пишување | Усни одговори на прашања<br><br>Ги поврзува печатните и ракописните букви со соодветни гласови<br><br>Ги препознава ракописните букви во состав на слог, збор или реченица. |

resursi.literatura.mk

<table>
<tr>
<td rowspan="3">Почетно читање (глас, слог, збор, едноставна реченица, куса реченица, азбука)</td>
<td></td>
<td></td>
<td>небото На лета авион<br>На небото лета авион.<br>Речениците ги запишуваат во тетратка.</td>
<td></td>
<td></td>
</tr>
<tr>
<td rowspan="2">Идентификува буква, слог или збор во пишан текст по слушање, напишани во книга или на визуелен нагледен материјал<br><br>Чита букви, слогови, зборови и едноставни/куси реченици во состав на разни текстови (наставни материјали, книги, списанија, реклами, објави, називи на артикли/производи, плакати, пораки, формулари, натписи, билборди, графити, излози итн.).</td>
<td rowspan="2">2</td>
<td>• На таблата се прикажани разни сликички, а учениците треба да ги откријат почетните букви на она што е прикажано на нив. Од буквите треба да откријат збор. Предлог слики:<br>топка (Т) , око(О) , риба( Р), тиква(Т), авион(А)<br>Го откриваат зборот ТОРТА.<br>•Учениците се поделени во група. Добиваат картички со делови од зборови( слогови) и треба да се обидат да состават зборови и реченица со спојување на картичките.<br>1. група Ја – на сла-ви ос-ми ро- ден-ден.<br>2.група. Ма-ма Ле –на и нап-ра-ви тор-та.<br>3 група. Та- то Го- ран и ку-пи кни-га.<br>4. група. Во иг-ро-те-ка-та е ве-се-ло.<br>5. група. Ја –на ги ду-ва све-ќич-ки-те на тор-та-та.<br>По еден претставник од групите ја чита реченицата и сите заедно се обидуваат да состават краток текст со подредување на речениците. Се чита текстот, а потоа учениците го препишуваат во своите тетратки.<br>Јана слави осми роденден. Мама Лена и направи торта. Тато Горан и купи книга. Во игротеката е вес-ело. Јана ги дува свеќичките на тортата.</td>
<td>компјутер<br>проектор<br>бела табла<br><br>слики по избор на наставник<br><br>картички со делови од зборови(слогови)<br><br>А4 бел лист<br><br>тетратка</td>
<td>Усни одговори на прашања<br><br>Идентификува буква, слог или збор во пишан текст.<br><br>Чита букви, слогови, зборови и едноставни/ куси реченици во состав на разни текстови</td>
</tr>
<tr>
<td>• Учениците во работен лист треба да откријат два анаграма. Во празното поле ја запишуваат првата буква од секој збор. Потоа го запишуваат откриениот збор добиен од почетните букви<br>
<table>
<tr><td>стол</td><td>око</td><td>нога</td><td>цуцла</td><td>елек</td></tr>
<tr><td>с</td><td>о</td><td>н</td><td>ц</td><td>е</td></tr>
<tr><td colspan="5">сонце</td></tr>
</table>
<table>
<tr><td>слон</td><td>нос</td><td>есен</td><td>шал</td><td>клуч</td><td>облак</td></tr>
<tr><td>с</td><td>н</td><td>е</td><td>ш</td><td>к</td><td>о</td></tr>
<tr><td colspan="5">снешко</td><td></td></tr>
</table>
•Учениците се искажуваат што е необично кај текстот „Сонцето и Снешко“ ?(текстот е напишан и со зборови и со слики).</td>
<td>компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>звучници<br><br>работен лист со анаграми за секој ученик<br><br>лепило<br>молив<br>боички</td>
<td>Усни одговори на прашања<br><br>Чита текст со замена на слики со збор<br><br>Пишува текст со ракописни букви со замена на слики со збор</td>
</tr>
</table>

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Дали може да откриеме кои зборови ги заменуваат сликите?(Сонце, Снешко, куќа, елка, бунар, буре, морков)<br>• Учениците следат внимателно читање на текстот и како се заменуваат сликите со соодветен збор.<br>Учениците го препишуваат текстот со замена на сликите со соодветен збор.<br> | тетратка | |
| **Почетно читање** (глас, слог, збор, едноставна реченица, куса реченица, азбука) | Чита едноставни и кратки реченици кои содржат новонаучени зборови.<br><br>Идентификува непознати зборови во пишан текст.<br><br>Одговара на куси прашања што ќе ги прочита. | 1 | •Учениците анализираат песна „Учам и знам“ - идентификуваат непознати зборови<br>Јас знам за сонцето, воздухот, земјата и водата, и така ја сакам и ја чувам природата. / Што ни е претставено во првата поетска слика? Зошто ни се важно сонцето, водата и воздухот?<br>За околината се грижам, енергија штедам и во чиста сакам да се движам. / Како се грижиме за околината? Што значи да се штеди енергијата?<br>Отпадот го собирам и го селектирам, понекогаш не ми е тешко и да рециклирам / Дали ви се познати овие зборови селектирање и рециклирање? Каде ги имате слушнато? Објаснете ги со свои зборови.<br><br>Преку постер откриваат што значи селектирање на отпад и зошто е корисно рециклирањето на истиот.<br>•Значењето на непознатите зборови се запишува во тетратка.<br>***Рециклира*** *– преработка на користен материјал од стакло, пластика, хартија и негова повторна употреба*<br>***Селектира*** *– да се издвои материјалот според некои својства*<br>•Изведување на заклучок за грижа за животната средина- и како тие можат да придонесат за нејзина заштита.:...(корелација со природни науки)<br>•Учениците во тетратката лепат слики со селектирање на разни отпадоци и даваат објаснување:<br>**Пр.** Во корпата за пластика се селектира | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>звучници<br><br>учебник<br>тетратка за<br><br>постер / слика за селектирање и рециклирање на отпад<br><br>слики за селектирање на разни отпадоци<br>лепило | Одговор на поставени прашања<br><br>Чита краток текст во кој може да открие непознати зборови<br><br>Одговара на куси прашања што ќе ги прочита |
| | Препознава и расказни, прашални и извични реченици во текст и ги чита со соодветна интонација. | 3 | •Учениците добиваат  ленти со прашални реченици од текстот**„Новата ученичка“.** На лентите има број со цел редоследно да ги поставаат прашањата. Учениците кои ги имаат одговорите треба внимателно да го слушнат прашањето за да знаат кога да го прочитаат одговорот.<br>**1.** Како се викаш девојче?<br>- Јас се викам Илина Симоска.<br>•Наставникот покажува 3 картички на кои се запишани интерпункциските знаци - точка, прашалник и извичник. | ленти со прашални реченици<br><br>ленти со расказни реченици<br><br>3 картички со | Усни одговори на прашања.<br><br>Препознава прашална, расказна и извична реченица<br><br>Практична |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Почетно читање** (глас, слог, збор, едноставна реченица, куса реченица, азбука) | Препознава и расказни, прашални и извични реченици во текст и ги чита со соодветна интонација. | | •Учениците следат насоки за правилно читање на сите видови реченици<br>*Расказната* ***реченица*** - **Вчера ни дојде нова ученичка во одделението.**<br>*Прашална реченица* - **Како се викаш?**<br>•Во која реченица го среќаваме знакот извичник? Насоки за правилно читање на извичната реченица.<br>•Наставникот им покажува на учениците 3 тегли на кои се залепени слики со знаците **? . ! .**<br>Секој ученик добива картичка со различна реченица. Треба да ја прочита, да открие кој знак треба да стои на крајот од реченицта и да ја стави во соодветната тегла. | интрепункциски знаци ! ? .<br><br>3 тегли на кои се залепени слики со знаците ? . !<br>картички со прашални, расказни и извични реченици | примена- чита реченици со соодветна интонација |
| | | | •Се користат картичките од теглите со реченици - прашални, расказни и извични.<br>Наставникот ја започнува активноста со исказот:<br>**Јас имам расказна/прашална/извична реченица** и ја чита пред сите. Другите ученици се искажуваат дали точно се искажал.<br>*Пр. Јас имам прашална реченица-Каде е мојот молив?*<br>•Учениците во парови добиваат краток текст заситен со сите видови на реченици. Текстот се чита, се разговара за содржината, а потоа се насочуваат да ги пронајдат и препишат реченициите во тетратката .<br>Предлог текст- Најбогат<br>**Најбогат**<br>Влатко ја прашува баба си:<br>- Бабо, кој е најбогат на светот?<br>- Царевите од приказните! – брзо одговара бабата.<br>- А можам ли и јас да бидам најбогат?<br>- Ти и сега си богат Влатко! Имаш полна торба со златници.<br>-На која торба мислиш ,бабо?<br>-Па, на училишната ,бабино!<br>Влатко се насмеа и ја гушна својата баба.<br>Прашални :__________<br>Расказни : __________<br>Извични : __________<br>•Читање на реченицитe со соодветна интонација за проверување дали точни ги препишале според соодветниот вид на реченица. | 3 тегли на кои се залепени слики со знаците ? . ! .<br><br>картички со прашални, расказни и извични реченици кутија<br><br>текст заситен со различни видови реченици за работа во пар | Усни одговори на прашања.<br><br>Препознава прашална, расказна и извична реченица<br><br>Практична примена- чита реченици со соодветна интонација |
| | | | •Разговор за Дедо Мраз(*peење на песна-кореалција со музичко образование*).<br>•Учениците внимателно следат изразно читање на текстот „Еленчето на Дедо Мраз“ (пред себе го имаат текстот). | работен лист со содржината на | Усни одговори на прашања<br><br>Препознава расказни, |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Почетно читање** (глас, слог, збор, едноставна реченица, куса реченица, азбука) | Препознава и расказни, прашални и извични реченици во текст и ги чита со соодветна интонација. | | Учениците воочуваат дека во текстот има само една извична реченица, а другите се расказни.<br>•Читање на текстот од учениците, а наставникот насочува да обрнат внимание на правилна интонација при читање на речениците.<br>•Учениците се делат во две групи. Првата извлекува ленти со прашања, а втората со одговори. Учениците ги читат во себе, е потоа гласно. Штом се прочита прашањето, се јавува ученикот со точниот одговор. Се внимава на читање со правилна интонација.<br> | текстот<br><br>исечени ленти со прашања и одговори од текстот | прашални и извични реченици во текст<br><br>Чита расказни, прашални и извични реченици со соодветна интонација |
| | | | •Учениците влечат картички од кутија. На секоја картичка е запишана авторска гатанка(Марија Богатиновска) за одреден интерпункциски знак. Ги читаат во себе гатанките и откриваат за кој знак станува збор. Учениците се групираат според видот на картичката :<br>• Прва група -ТОЧКА.<br>• Втора група - ПРАШАЛНИК.<br>• Трета група - ИЗВИЧНИК.<br><br><br><br><br><br><br>•Учениците од секоја група добиваат работен лист со текст. Учениците самостојно го читаат текстот, а потоа разговараат во групата на дадените барања. Извлекуваат заклучок за видот на реченици кои се употребени во текстот во нивната група.<br>а) прашални б) расказни в) извични<br>• Прва група- „Кучето и месото“.<br>• Втора група- „Најбогат“ .<br>• Трета група- „Старец и смрт“ | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br><br>кутија (картонска, пластична или метална)<br><br>картички со гатанки за секој ученик<br>прашалник<br>точка<br>извичник<br><br>работен лист за групна активност | |
| | | | •Учениците стојат во круг - за активноста е потребно мало гумено/пластично/сунѓерно топче. Првиот ученик со топчето во | компјутер<br>проектор | Усни одговори на прашања |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Почетно читање** (глас, слог, збор, едноставна реченица, куса реченица, азбука) | Составува прашања за куса потврдна реченица што ќе ја прочита.<br><br>Составува куси одречни реченици од прочитани потврдни реченици и обратно. | 1 | рака кажува потврдна реченица и го подава топчето на друг ученик. Другиот ученик прво ја претвора потврдната реченица во прашална, а потоа смислува нова потврдна реченица и го подава топчето на трет ученик. Постапката се повторува сè додека сите ученици не кажат барем по една реченица.<br>• Миле игра со топка<br>• Кој игра со топка?...<br>(*Алтернативно е играта да се игра со клопче волница и да се заврши со пајакова мрежа*.)<br>• Учениците во пар имаат по 5 илустрации. Секој ученик од парот самостојно пишува со ракописни букви по една потврдна реченица за секоја илустрација. Потоа ги разменуваат напишаните потврдни реченици и ги претвораат и запишуваат како одречни. | бела табла<br><br>гумено/пластично/сунѓерно топче<br><br>слики со илустрации<br><br>тетратка | Составува прашања за куса потврдна реченица.<br><br>Составува куси одречни реченици од прочитани потврдни реченици и обратно. |
| | Во пишан текст препознава зборови и реченица како одговор на прашање во врска со содржината на слушнат текст.<br><br>Составува прашања во врска со содржината од прочитан текст. | 2 | •Учениците се искажуваат за годишното време зима преку истакната илустрација (постер плакат, презентација, слика преземена од интернет и прикажана на видеобим) <br>•Учениците внимателно слушаат читање на текст „**Пријатели**“. <br>Во парови добиваат работен лист каде е претставен текстот и прашања кои произлегуваат од неговата содржина. Заедно ги читаат прашањата, а одговорите ги бараат во пишаниот текст. Откако ќе ги откријат одговорите, ги запишуваат во работниот лист, под прашањето. Еден ученик од парот го чита прашањето, а другиот го пишува одговорот и обратно.<br><br>•Учениците ја разгледуваат сликата од работниот лист, ги читаат прашалните реченици под сликата и откриваат кое од понудените зборчиња треба да се додаде за да се добие точна прашална реченица.<br>**Зошто? Кој? Каде? Што? Колку?** | комјутер<br>проектор<br>бела табла<br><br>постер плакат, презентација или слика за зима преземена од интернет<br><br>работен лист и | Усни одговори на прашања<br><br>Препознава и пронаоѓа зборови и реченици како одговор на прашања.<br><br>Составува прашања во врска со содржината од прочитан текст |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Почетно читање** (глас, слог, збор, едноставна реченица, куса реченица, азбука) | Во пишан текст препознава зборови и реченица како одговор на прашање во врска со содржината на слушнат текст.<br><br>Составува прашања во врска со содржината од прочитан текст. | | __________ стоеше на гранката?<br>__________ им дава децата на птиците? | | |
| | | | •Група од четири ученици добива задача да извлечат мал предмет од кутија, но не го покажуваат на другите ученици.<br>Друга група од четири ученици влечат од кутија кратки прашални реченици. Еден ученик ја чита прашалната реченица.<br>• Кој има режало во својата дланка?<br>Одговор на прашањето дава ученик кој има режало во дланката, но со целосна и јасна реченица.<br>• Јас имам режало во мојата дланка.<br>Потоа сите ученици одговараат заедно.<br>• Лена (име на ученикот) има режало во својата дланка.<br>Извлекување на заклучок - Предметите кои ги извлекоа учениците, како и имињата на учениците ги откривме со поставување на прашања.<br>•Учениците внимателно слушаат изразно читање на текст **„ Каде се моите нешта“** стр. 38 и одговараат на прашања.<br>Наставникот ги истакнува прашалните реченици на Владо на таблата. Дава насоки за читање на текстот.<br>Штом се пронајде прашалната реченица треба да ја потцртаат со сина боичка. Потоа се чита и пронаоѓа одговорот на прашањето и истиот се потцртува со црвена боичка.<br>• Каде е мојата блуза?<br>• Еве сум под масата. Ти тука ме фрли. | Мала кутија<br>Мали предмети (режало,гума, цамлии, селотејп, лепило и сл)<br><br>4 ленти со прашални реченици<br><br>Учебник<br><br>Тетратка<br><br>Црвена и сина боичка | Усни одговори на прашања<br><br>Препознава зборови и реченица како одговор на прашање во усно и писмно изразување |
| | Трансформира прочитани реченици со | | •Игра во парови - Секој ученик во парот замислува збор(именка). Ја кажува именката на другото дете од парот, а тоа треба да ја каже множинската форма од именката<br>**Пр.** молив- моливи, маче- мачиња ... Потоа ги менуваат улогите.<br>Учениците добиваат наставен лист за работа во пар. Следат насоки како да работат на барањата:<br>1. Еден ученик ја чита реченицата дадена во еднина. Другиот ученик треба истата да ја трансформира во множина<br>• Марија пешачи - Марија и Адријан пешачат. | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br><br>презентација изработена од наставник која | Усни одговори на поставени прашања<br><br>Трансформира реченици со менување од еднина во множина и обратно, |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Почетно читање** (глас, слог, збор, едноставна реченица, куса реченица, азбука) | менување од еднина во множина и обратно, со обединување на две реченици во една и со замена на сопствена именка со лична заменка. | 1 | • Изедов два сладоледи - Изедов еден сладолед.<br>2. Во речениците треба да ја заменат сопствената именка со лична заменка:<br>• Соња и Мила гледаат филм - Тие гледаат филм.<br>• Петар пее, а Јана свири на клавир .- Тој пее, а таа свири на клавир.<br>•Учениците читаат текст со куси реченици и треба да пронајдат две реченици што може да се спојат во една Штом ученик пронајде такви реченици, дава знак со подигање на рака и усно искажува како се спојуваат двете реченици.<br>Пр. Марија спие. Брат ѝ гледа телевизија.<br>Марија спие, а брат ѝ гледа телевизија.<br>Усно се прави анализа преку презентацијата со активностите од работниот лист и се извлекува заклучок како се изведуваа трансформациите од еднина во множина, сопствената именка во лична заменка и спојување на две реченици во една. Се користи соодветна формулација на возраста на учениците. | ги содржи со активностите од работниот лист<br><br>работен лист за работа во пар | Трансформира реченици со обединување на две реченици во една и со замена на сопствена именка со лична заменка.<br><br>Активно учество во работа во пар |
| | Трансформира прочитани реченици од расказни во прашални и извични и обратно, односно **од потврдни во одречни и обратно.** | 1 | •Учениците се поставени во две редици свртени еден кон друг. Од едната редица извлекуваат од кутија ленти со реченици на кои се наоѓаат само кратки **потврдни реченици**. Од другата редица учениците влечат ленти со **одречни реченици**.<br>•Еден ученик чита потврдна реченица, а од другата редица треба да се јави ученик кој ќе има слична реченица - но одречна.<br>Наставникот дава пример како да препознаат одречна реченица ( не, не можам, не сакам, немам, нема...)<br>• 1 дете - Миле јаде спанаќ.<br>• 2 дете - Миле не јаде спанаќ.<br>•Учениците учествуваат во анализа на текст„ **Заедно е поубаво**“<br>Активност во тријади - Едно дете го чита делот за братчето, друго за сестричката, а третото е раскажувачот.<br>Воочуваат дека потврдните и одречните реченици се расказни и завршуваат со точка.<br>Потврдни реченици \| Одречни реченици<br>Можам да поминал. \| Не можам да поминам.<br>Сакам да јадам. \| Не сакам да јадам.<br>Знам да читам. \| Не знам да чита.<br>Игра во парови- Еден ученик кажува потврдна реченица, а | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br><br>хартиени ленти со потврдни реченици<br><br>хартиени ленти со одречни реченици<br><br>текст подготвен од наставник<br><br>лепило<br>тетратка | Усни одговори на поставени прашања<br><br>Препознава потврдни и одречни реченици<br><br>Претвора потврдни во одречни реченици и обратно |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Почетно читање** (глас, слог, збор, едноставна реченица, куса реченица, азбука) | | | другиот треба да ја трнсформира во одречна и обратно. | | |
| | Трансформира прочитани **реченици од расказни во прашални и извични и обратно**, односно од потврдни во одречни и обратно | 1 | •Учениците од кутија извлекувааат картичка со реченица, ја читаат со правилна реченична интонација и определуваат од кој вид е: расказна, прашална, извична, потврдна, одречна.<br>( *Речениците може да бидат сочувани од претходни часови кога се учени видови реченици*).<br>• Децата играат во паркот. (расказна и потврдна)<br>• Миле не дојде на роденден. (расказна и одречна)<br>• Колку е часот? (прашална)<br>• Леле, задоцнив на тренинг! (извична)<br>Работа во пар во работен лист.<br>*1 активност* - Еден ученик ја чита расказната реченица. Другиот ученик треба истата да ја трансформира во прашална и извична. Потоа ги менуваат улогите.<br>• Расказна - Пиеш млеко од чаша.<br>• Прашална- Пиеш млеко од чаша?<br>• Извична- Пиј млеко од чаша!<br>*2 активност* - Речениците од потврдни треба да ги трансформираат во одречни и обратно.<br>• Потврдна- Ќе дојдеме на роденденот.<br>• Одречна - Нема да дојдеме на роденденот. | кутија (пластична, картонска или метална)<br>картички со реченици<br>-расказни<br>-прашални<br>-извични<br>-потврдни<br>-одречни<br><br>работен лист<br><br>пликови | Усни одговори на поставени прашања<br><br>Трансформира реченици од расказни во прашални и извични и обратно,<br><br>Активно учество во работа во пар |
| **Почетно читање** (глас, слог, збор, едноставна реченица, куса реченица, азбука) | Трансформира прочитани **реченици од расказни во прашални и извични и обратно**, односно од потврдни во одречни и обратно | | *Активност која може да се реализара за време на продолжен престо*<br>Работа во групи - Во плик се ставени зборови. За секој ученик треба да има картичка со збор. Доколку има повеќе зборови од ученици, тогаш еден ученик избира два збора.<br>Учениците треба да ги употребат сите зборови и да состават реченица. Секоја група има различна реченица.<br>*1 група*- Марина и Горазд го шетаат кучето.<br>*2 група*- Колку ученици ќе одат на театар?<br>*3 група*- Уф, многу ме боли главата!<br>*4 група* – Не сакам да јадам спанаќ.<br>*5 група*- Јас сакам да возам велосипед. [Јас] [сакам] [да] [возам] [велосипед.] | исечени зборови са формирање на разни видови на реченици | Учество во изведување на заклучоци за трансформирање на видови реченици една во друга. |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Почетно пишување** (ракописни букви, мали букви, големи букви, точка, запирка прашалник, извичник, азбука) | Прави разлика меѓу ракописни и печатни букви.<br><br>Пишува ракописни букви (мали и големи).<br><br>Пишува зборови и куси реченици со ракописно писмо. | 17 | •Откривање на буквите преку гатанки.<br>•Се истакнува постер од печатни и ракописни букви.<br>•Се анализираат разликите во елементите на буквите.<br>Учениците следат демонстрација како е изведена ракописната буква од печатната.<br>•Учениците вежбаат пишување на ракописни букви, зборови и кратки реченици.<br>• Обработка на ракописни букви *Аа, Мм - стр.15*<br>• Обработка на ракописни букви *Ее, Лл - стр.16*<br>• Вежби во пишување на буквите *Аа, Мм,  Ее, Лл*, зборови и куси реченици<br>• Обработка на ракописни букви *Сс, Ии - стр.17*<br>• Обработка на ракописни букви *Нн, Оо - стр.18*<br>• Обработка на ракописни букви *Вв, Уу - стр.20*<br>• Обработка на ракописни букви *Кк, Тт - стр.24*<br>• Обработка на ракописни букви *Јј, Рр - стр.25*<br>• Обработка на ракописни букви *Дд, Бб - стр.27*<br>• Обработка на ракописни букви *Пп, Шш - стр.34*<br>• Обработка на ракописни букви *зз, Гг - стр.41*<br>• Обработка на ракописна буква Жж - *стр.43*<br>• Обработка на ракописни букви *Цц,Чч – стр.47*<br>• Обработка на ракописни букви Ќќ, *Ќќ – стр.51*<br>• Обработка на ракописни букви *Љљ, Њњ – стр.53*<br>• Обработка на ракописни букви Фф, Хх *– стр.59*<br>• Обработка на ракописн букви *Џџ, Ss – стр.61* | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>звучници<br><br>постер со печатни и ракописни букви<br><br>учебник<br><br>тетратка | Усни одговори на прашања<br><br>Правилно ги пишува ракописните букви<br><br>Правилно ги поврзува ракописните букви во зборови  и кратки реченици |
| **Почетно пишување** (ракописни букви, мали букви, големи букви, точка, | Пишува зборови и куси реченици со ракописно писмо. | 3 | *Активности за увежбување на читање и пишување со ракиписни букви*<br>• Вежби во пишување на буквите *Аа, Мм, Ее, Лл*, зборови и куси реченици – стр.15,16, тетратка<br>• Вежби во пишување на буквите *Аа, Мм, Ее, Лл,Сс, Ии, Нн, Оо* -зборови и куси реченици – стр.19, тетратка<br><br>Зимска песна<br>Се под килим бел си трае<br>дојде баба Зима<br>по планини снег се пласти<br>едно метро има.<br>Дедо Медо во пештера<br>сладок сон си спие<br>срната мала<br>на топло се крие.<br>Мразот стега, ветер дува<br>низ гранките голи,<br>кутриот Сивко<br>за лебни ронки  моли.<br>• Пренишува песна напишана со печатни кирилични букви | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br><br>учебник<br><br>работен лист<br><br>тетратка | Усни одговори на прашања<br><br>Поврзува гласови и букви во целосен збор, зборови во реченица |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| запирка прашалник, извичник, азбука) | Пишува едноставна јазична содржина (поврзува гласови и букви во целосен збор, зборови во реченица) по слушање. | | со ракописни кирилични букви.Пр. Зимска песна<br>*Игровни активности:*<br>•Бинго - бинго-ливчиња со 15 букви за секој ученик одделно. Посебен комплет од сите букви напишани на посебни ливчиња се ставени во прошрен сад. Се повикуваат ученици да извлечат картичка со буква, ја читаат, а другите ја заокружуваат на своето ливче доколку ја имаат. Победник во бингото е оној кој прв ќе ги заокружи сите букви на своето ливче и ќе извика: „Бинго!"<br>•Учениците се поделени во групи. Секоја група добива ист комплет од најмалку 15 картички со букви од кои може да се состават повеќе зборови од 3 до 5 букви. Задача на групите е да составуваат што повеќе зборови. Секој составен збор треба да го напишат со ракописни букви на посебен лист. По завршување на активноста групите ги лепат листовите со зборовите на табла, ги читаат наглас и ги споредуваат. | бинго ливчиња<br><br>картички со букви | Пишува зборови и куси реченици со ракописно писмо.<br><br>Препишува текст од печатна кирилица на ракописна кирилица |
| | Пишува голема буква на почеток од реченица што ја запишува од слушање.<br><br>Пишува едноставни и куси текстови по диктирање<br><br>Пишува правилен интерпункциски знак на крај од реченица | 3 | •Наставникот дава насоки да се подготват учениците за пишување на букви, зборови , реченици и краток текст по диктат.<br>•Учениците со внимание го слушаат наставникот и пишуваат по диктат.<br>•Повторно читање за контолна проверка и коригирање на грешките. | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br><br>постери со изучените ракописни букви.<br><br>тетратка | Пишува голема буква на почетокот од реченицата<br><br>Правилно пишува реченици со изучени ракопсни букви по диктат |
| **Почетно пишување** (ракописни букви, мали букви, големи букви, точка, запирка | Чита букви, зборови, слогови и едноставни/ | | *Активности за читање, одговор на прашања, пишување и препишување по обработка на ракописни букви*<br>• Читање и препишување на текст„Весна и Наум" – стр. 20.<br>• Читање и препишување на текст „ *Коста и Тони"* – стр. 24.<br>• Читање и препишување на текст „ *Јане е смел"* - стр. 25.<br>• Читање и препишување на текст „ Дедо Димо и баба | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br><br>учебник<br><br>тетратка | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Чита зборови и едноставни/ куси реченици |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| прашалник, извичник, азбука) | куси реченици во состав на разни текстови<br><br>Самостојно пишува едноставен текст, од сеќавање на претходно слушнат текст или од текст научен напамет | 13 | Бојана“ - стр. 27.<br>• Читање и препишување на текст„ Сите сме први“ стр. 34 и 35.<br>• Читање и препишување на текст „ Натпревар“ стр.41.<br>• Читање и препишување на текст „ Другари“ стр.43<br>• Читање и препишување на текст „ Сонце“ - стр.47.<br>• Текст„ Најосамениот пингвин на светот“ - стр. 106<br>Насоки да му напишат писмо на пингвинот Пајко и да му дадат поддршка за да не се чувствува осамено<br>• Читање и препишување на текст „ Каде згрешил Ѓорѓи“ стр.51 и 52.<br>• Читање и препишување на текст „ Љ и Њ“ - стр.53 и 54.<br>• Читање и препишување на текст „ Зима и лето“ - стр.59/60.<br>• Читање и препишување на текст „ Џуџиња во куќата“ стр.61 и 62. | работен лист | во состав на разни текстови<br><br>Правилно пишува краток текст со ракописни букви |
| **Почетно пишување** (ракописни букви, мали букви, големи букви, точка, запирка прашалник, извичник, азбука) | Самостојно пишува едноставен текст, од сеќавање на претходно слушнат текст или од текст научен напамет. | 1 | •Предлог активности<br>1. *Автодиктат на изучена песна*<br>Учениците рецитираат изучена песна. Пр. „ Кирил и Методиј“. Се подготвуваат за пишување на песната по автодиктат. (им се објаснува поимот соодветно на нивната возраст) Следат насоки да внимаваат на правилно пишување на песната , изгледот на строфата, секој стих се пишува во нов ред, помеѓу двете строфи се остава празен ред.<br>Се истакнува содржината на песната преку проектор на таблата и учениците прават проверка дали правилно и точно ја напишеле песната по автодиктат.<br>2.Наставникот диктира 30 зборови, а учениците ги запишуваат. Задача на секој ученик е да ги искористи овие зборови за да направи 3 реченици во кои ќе употреби различни интерпункциски знаци (прашалник, извичник, точка и запирка). Учениците ги запишуваат речениците во тетратките со ракописни букви и усно ги кажуваат. | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br><br>примерок од песната<br><br>тетратка | Усни одговори на прашања<br><br>Самостојно пишува текст научен напамет<br><br>Учество во изведување заклучоци |
| | | | *(Активност во пресрет на 5 октомври - Светски ден на учителот)-корелација со музичко образование* | компјутер<br>проектор | Усни одговори на прашања |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Пишува кус текст на дадена тема. | 1 | • Наставникот ги насочува учениците на внимателно слушање на песна од ДМФ „Златно славејче“. Низ прашања проверува дали откриле на кого е посветена песната- Мојата учителка.<br>https://www.youtube.com/watch?v=cXkFUggsHS4<br>• Наставникот ги запознава учениците дека 5 Октомври е Ден на учителот кој се одбележува во целиот свет. Им раскажува за своите училишни денови и дека поминал низ рацете на многу учители/наставници од кои ја засакал својата професија и научил како да се однесува кон своите ученици.<br>•Учениците добиваат работен лист со цртеж и низ насочен разговор се искажуваат што работи наставникот, а што учениците на сликата. Потоа секој самостојно запишува неколку реченици за сликата.<br>Наставникот запишува клучни зборови на таблата кои може да ги насочат учениците во пишување на реченици.<br><br>*учител, ученици, училница, книги, чита, раскажува, покажува, внимание, знење, учи, пишува ,...* | бела табла<br>звучници<br><br>Работен лист со слика за секој ученик<br><br>боички | Пишува кус текст со помош на понудени зборови на дадена тема<br><br>Учество во изведување заклучоци |
| **Почетно пишување** (ракописни букви, мали букви, големи букви, точка, запирка прашалник, извичник, азбука) | При пишување ги разделува слушнатите зборовите на слогови.<br><br>При пишување правилно пренесува делови од зборови во следниот ред. | 2 | •Секој ученик замислува еден збор, го кажува гласно и се искажува од кои гласови е составен. Го запишува во тетратката и кажува со кои букви е запишано.<br>• Кои гласови ги слушаме целосно?(а,е,и,о у).<br>• Дали ги имате тие гласови(букви ) во вашиот збор?<br>Учениците во тетратката каде го запишаа зборот ги заокружуваат буквите **а, е и ,о , у**<br>Учениците запишуваат неколку зборови составени од еден, два, три и повеќе слога. Ги откриваат самогласките. **а, е, и, о, у** и ги делат зборовите на најмали делови наречени слогови. Се укажува дека во секој слог мора да има една од буквите **а, е , и, о** или **у.**<br>Пр. мо-лив, е-сен, ви-но-жи-то, у-чи-лиш-те и сл.<br>•Секој ученик добива лист со текст запишан со ракописни букви.(„Јасен и бреза“ стр. 19 - од Работни листови по | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>звучници<br><br>тетратка за почетно пишување<br><br>работен лист со печатен текст за секој ученик | Усни одговори на прашања<br><br>Практична изведба во работен лист<br>-дели зборови на слогови.<br>-правилно пренесува делови од зборови во следниот ред<br><br>Учествува во |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | македонски јазик од В Велјановски и Д. Јанушева). Се чита текстот и се делат зборовите на слогови. Се воочува дека некои зборови не се правилно поделени на слогови и истите се потцртуваат.<br>Учениците се насочуваат на препишивање на текстот со правилно пренесување на дел од збор во следен ред. | | изведување заклучоци |
| | При пишување правилно пренесува делови од зборови во следниот ред<br><br>Пишува правилен интерпункциски знак на крај од реченица | 1 | •Игра „Лета-лета“. Учениците „летаат“ со рацете во место или се движат внимателно низ просторот. Штом наставникот извика „Лета, лета... стол“ тогаш учениците треба да ги држат рацете пред тело, а доколку биде изговорен предмет или животно што може да лета, тогаш учениците продолжуваат да „ летаат“ низ просторот.<br>• Како се чуствувавте во играта додека летавте?<br>• Што мислите, како се чувствува птицата кога слободно лета, а како кога е затворена во кафез?<br>•Учениците учествуваат во читање и анализа на текст„ Летало“ (стр.133). . Следат насаоки за препишување на текстот со ракописни букви(пишувње т со убав и читлив ракопис, правилно пишување на зборовите и интерпункциските знаци, правилно пренесување на дел од збор во нов ред). | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>звучници<br><br>учебник<br><br>тетратка | Усни одговори на прашања<br><br>Правилно пренесува делови од зборови во нов ред<br><br>Пишува правилен интерпункциск и знак на крај од реченица |
| **Почетно пишување** (ракописни букви, мали букви, големи букви, точка, запирка прашалник, извичник, азбука) | Пишува правилен интерпункциски знак на крај од реченица. | 1 | •Повторување за видови реченици - расказни, прашални и извични реченици - се извлекуваат од тегла со ленти со реченици и се искажуваат каков вид на реченица прочитале.<br>Секој ученик пред себе имат 3 картички со интерпункциски знаци(претходно подготвени на час по ликовно образование или во време за други активности) ! ? .<br><br>•Наставникот чита со умерено темпо реченица по реченица. По секоја реченица застанува и ги прашува учениците каков знак мислат дека стои на крајот од реченицата.<br>• Зошто мислите дека е тој знак?(препознаваат соодветна интонација на речениците).<br>Пр. Се сретнаа Марко и Ведран.<br>Како си Ведран? | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>звучници<br>тегла со ленти со реченици(прашални, расказни и извични)<br><br>учебник<br>тетратка<br><br>молив | Усни одговори на прашања<br><br>Препознава расказни, прашални и извични реченици во текст<br><br>пишува точка, прашалник или извичник на крај од |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | •Учениците добиваат лист со текстот во кој се испуштени сите интерпункциски знаци. Треба да ги напишат соодветните знаци на точно место.<br>Се сретнаа Марко и Ведран<br>– Како си Ведран Каде беше – праша Марко<br>– Бев на училиште Денеска научив уште една нова буква Не беше тешко – раскажува Ведран... | лист со текстот за секој ученик<br><br>лепило | реченици |
| **Почетно пишување** (ракописни букви, мали букви, големи букви, точка, запирка прашалник, извичник, азбука) | Личните имиња и презимиња и имињата на населените места ги пишува со голема буква. | 1 | •Учениците го запишуваат своето име и презиме на самолеплив стикер и го лепат на постер на кој пишува „Ученици од второ__“ Заедно го разгледуваат постерот, ги читаат имињата и презимињата на секој ученик и се воочува дали учениците правилно го запишале своите податоци.<br>Учениците го читаат текстот**„ Новата ученичка“** -уч. стр. 39 и ги потцртуваат зборовите од каде го дознаваат името на новата ученичка, нејзиниот татко, местото каде е родена и каде се наоѓа. *Илина Симоска , Милан Симовски (лични имиња и презимиња)* , *Пештани (име на село), Охрид(име на град) Охридско Езеро(име на езеро)*<br>Извлекуваат заклучок за примена на голема буква кај лични имиња и презимиња и имиња на географски поими.<br>•**Квиз –** Употреба на голема буква<br>Наставникот може да употреби интерактивен квиз, квиз изработен на презентација или со подигање на картички ДА/НЕ Открива различни зборови, а учениците треба да погодат кои се пишуват со голема буква.<br>**Ресен, Риба, Петковски, Куче, Вардар, Крушево, Крива Паланка, Домат, Јасмина.....** | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>звучници<br><br>самолепливи стикери<br><br>табла<br><br>хамер<br><br>учебник стр.39<br>тетратка<br><br>компјутер<br><br>интернет<br><br>картички ДА/НЕ | Усни одговори на прашања<br><br>Знае кога се употребува голема почетна буква<br><br>Практични изведби во пишување на зборови кои се пишуваат со голема буква<br><br>Учество во изведување заклучоци |
| | Ги пишува со зборови броевите до 100 и редните броеви до 10. | 2 | •**Игра-** Пронајди го својот пар- Една група ученици има картички со броеви запишани со цифри, а друга со зборови кои означуваат одреден број. Учениците кои на картичките имаат зборови откако ќе ги прочитаат треба да го најдат другарчето кое ја има картичката со соодветниот број.<br>•Учениците следат читање на текстот „ Натпревар“ со отворен учебник стр. 55 со цел да ги воочат означените зборови со црвена | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>звучници<br><br>картички со | Усни одговори на прашања<br><br>Ги препознава зборовите кои означуваат броеви во |

resursi.literatura.mk

<table>
<tr>
<td rowspan="2">Почетно пишување (ракописни букви, мали букви, големи букви, точка, запирка прашалник, извичник, азбука)</td>
<td rowspan="2">Ги пишува со зборови броевите до 100 и редните броеви до 10.</td>
<td rowspan="2"></td>
<td>боја. Одговараат на прашања поврзани со содржината на текстот.<br>• Колку ученици се натпреварувале во трчање?<br>• Кој бил првиот ученик?<br>• Како се вика петтиот ученик?...<br>•Се запознаваат со редни броеви - зборови кои означуваат редослед.Во тетратката ги зпишуват редните броеви на учениците од текстот.<br>прв- Марко, втор- Ведран...<br>•Игра – Бинго - Секој ученик треба да избере 9 броеви од 1 до 20 по свој избор и да ги запише во празните места со зборови.<br>Учениците треба внимателно да го слушнат бројот и да се обидат да го најдат на својата бинго картичка. Првиот ученик кој ќе ги прецрта сите зборови е победник.<br><table><tr><td>два</td><td>десет</td><td>петнаесет</td></tr><tr><td>шест</td><td>осумнаесет</td><td>еден</td></tr><tr><td>дваесет</td><td>тринаесет</td><td>четири</td></tr></table></td>
<td>броеви запишани со цифри, картички со броеви запишани со зборови<br><br>учебник<br><br>тетратка<br>празни картички за бинго (табела 3x3)</td>
<td>реченици<br><br>Правилно пишување со зборови на броевите до 100 и редните броеви до 10</td>
</tr>
<tr>
<td>•Секој ученик замислува број од 1 до 100.(корелација со математика)<br>Учениците се искажуваат по поставено прашање:<br>• Кој замисли број од 1 до 10?<br>• Кој замисли број од 11 до 20?<br>• Кој замисли парен/непарен број:<br>• Кој мисли дека го замисли најмалиот/ најголемот број?<br>Учениците запишуваат реченица во тетратката .<br>Пр. Мила има десет години.<br>Го пронаоѓаат зборот кој претставува број во реченицата и го потцртуваат.<br>• Како правилно се запишуваат броевите?<br>6 – шест или шес 11- идинаесет или единаесет<br>20 – дваесет или двајсе 19 деветнајсе или деветнаесет<br>Откако се изговараат зборовите и се открива кој број е правилно запишан учениците ги запишуваат со ракописни букви броевите од 11 до 20(учебник стр.48)<br>Учениците се потсетуваат дека броевите над дваесет се пишуваат со додавање на буквата и ( дваесет и еден).</td>
<td>компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>звучници<br><br>учебник<br>тетратка за почетно пишување<br><br>молив<br><br>боички</td>
<td>Усни одговори на прашања<br><br>Правилно ги изговара бровите до 100<br><br>Правилно пишува броеви до 100</td>
</tr>
</table>

resursi.literatura.mk

<table>
<tr>
<td rowspan="3">Почетно пишување (ракописни букви, мали букви, големи букви, точка, запирка прашалник, извичник, азбука)</td>
<td></td>
<td></td>
<td>•Учениците пишуваат кратки реченици во кои ќе употребат броеви до 20 и повеќе. Пр. Во кутијата има дваесет и пет бонбони.</td>
<td></td>
<td></td>
</tr>
<tr>
<td rowspan="2">Препознава неправилен редослед на букви во пишани зборови и неправилен редослед на зборови во пишани реченици и правилно ги препишува зборовите, односно речениците</td>
<td rowspan="2">2</td>
<td>•Учениците се обидуваат да подредат правилно картички со зборови кои се истакнати на таблата за да состават правилна реченица.<br><br><br>Баба Меца спие во длабок зимски сон.<br>•Учениците во групи добиваат плик во кој се ставени зборови од строфа од песната „Сонот на Меца“ .<br>
<table>
<tr><td>Кога зима царува<br>кога студот стега<br>пат под нога Баба Меца<br>во пештера бега.</td><td>Таму негде цела зима<br>таа ќе се крие<br>и ја нема низ шумата:<br>Баба Меца спие.</td></tr>
<tr><td>Што сонува, кој ли знае<br>три месеци цели;<br>дали круши или јаболка<br>или можеби пчели...</td><td>А напролет, штом горката<br>нова рува стави<br>Баба Меца од пештера<br>сама ќе се јави.</td></tr>
</table>
Наставникот им го кажува насловот, но со измешан ред на зборовите„Меца на сонот“.Учениците треба да ја воочат и усно да ја исправат грешката.<br>Откако ќе ја состават строфата, ја лепат на хамер.<br>Цела песна се лепи на таблата и хорово се чита од учениците.<br>•Учениците правилно ја препишуваат песната во своите тетратки.</td>
<td>компјутер<br>проектор<br>бела табла<br><br>картички со зборови<br>селотејп<br><br>пликови<br>исечени зборови од строфи<br><br>4 листа од блок<br><br>хартиено лепило<br><br>тетратка</td>
<td>Усни одговори на поставени прашања<br><br>Препознава неправилен редослед на зборови во реченици и правилно ги препишува речениците.<br><br>Активно учество во групни активности</td>
</tr>
<tr>
<td>•Учениците од кутија извлекуваат картичка со збор напишан со печатни букви. Во сите зборови има неправилен редослед на некои букви. Учениците треба на истото ливче да го напишат зборот правилно. Потоа зборот го читаат како бил запишан претходно, а како по исправка-та. Пр. ливом- молив<br>Индивидуална работа во учебник стр.44. – Со поврзување на зборови составуваат правилна реченица<br><br><br>•Учениицте во групи добиваат реченици исечени на зборови кои треба правилно да ги подредат во реченици.<br>Пр. топка . Јане во дворот игра со<br>(Предлог активности- стр. 19 во Вежбанка по македонски јазик за второ одделение -Арс Ламина)</td>
<td>компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>звучници<br>кутија<br><br>картички со зборови<br><br>учебник<br>тетратка<br><br>реченици исечени на зборови</td>
<td>Правилно подредува букви во зборови<br><br>Составува реченици со правилен зборораед<br><br>Активно учество во работа во група</td>
</tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Почетно пишување** (ракописни букви, мали букви, големи букви, точка, запирка прашалник, извичник, азбука) | Препознава грешки во пишан текст (испуштени букви, слогови, зборови, делови од реченица, интерпункциски знаци) и правилно го препишува текстот. | 1 | •Наставникот истакнува реченица на таблата **Ружа скина една ружа** и ги насочува на размислување која е разликата меѓу зборовите Ружа и ружа.<br>Учениците преку примерите од учебник стр. 42 ја откриваат разликата меѓу зборовите Лале(женско име) и лале(име не цвеќе).<br>На ист начин се анализираат и дадените реченици. Учениците треба да ги пронајдат грешките во примена на голема буква и правилно да ги напишат речениците.<br>**Пр. јагода скина една јагода.**<br>**Јагода скина една јагода.**<br>•Учениците добиваат наставен лист со зборови и кратки реченици во кои се испуштени букви, слогови, зборови, делови од реченица, интерпункциски знаци. Учениците треба да ги пронајдат грешките и правилно да го напишат текстот. | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>звучници<br><br>тетратка<br>учебник стр.42<br>работен лист | Усни одговори на прашања<br><br>Препознава грешки во пишан текст и правилно го препишува текстот. |
| | Пишува реченици во кои ги вклучува новонаучените зборови. | 1 | •Учениците работат во пар на зададена стихотворба во која има непознати зборови. Тие ги подвлекуваат непознатите зборови и преку отворена дискусија го откриваат нивното значење. На крајот ја учат стихотворбата напамет.<br>• Учениците решаваат крстозбор во кој насоките се дадени со сликички (пр. 1. вертикално:β). Препорачливо е крстозборот да се подготви тематски, со поими што се изучуваат во другите предмети | Тетратка<br><br>работен лист | Самостојно пишува реченици со новонаучени зборови |
| Оценување на наученото | | 1 | Активности за проверка на совладаноста на содржините од темата - Читање и пишување | работен лсит | Усни одговори (читање)<br>Работен лист (пишување) |

ПЛАНИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ЗА ВТОРО ОДДЕЛЕНИЕ

| | |
|---|---|
| **Предмет : МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК** | **ВТОРО ОДДЕЛЕНИЕ** |
| **Наставно подрачје : ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ** | Време на реализација 60 часа |
| **Изготвиле:** Наташа Тодоровска | Од ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| **Адаптирале:** | |

**РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ**

**Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:**

- ✓ разликува видови литературни текстови (расказ, приказна, бајка, басна, песна и драма);
- ✓ анализира содржина на литературен текст (ликови, настани, место и време на одвивање);
- ✓ прераскажува литературни текстови со свои зборови;
- ✓ раскажува (усно и писмено) на зададена тема и на тема по избор.

**Ученикот/ученичката ќе:**

- ✓ развива креативно изразување.

| Содржини и (поими) | стандарди за оценување | час | активности | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Видови литературни текстови** расказ, бајка, басна, драма, песна | Прави разлика меѓу **расказ**, бајка и басна. | 2 | •Наставникот покажува еден есенски лист и им кажува на учениците дека тој лист е посебен и различен од другите.<br>• Што мислите зошто е посебен?<br>По искажаните предвидувања на учениците, наставникот објаснува дека ветерот му/ѝ го донесе листот пред прагот, а листот му/ѝ ја раскажал својата приказна.<br>•Учениците слушаат изразно читање на **расказ „Последниот лист“-** стр.33. Се води отворена дискусија за карактеристиките на расказот по следните прашања:<br>• Како е напишан текстот? (во реченици што се надоврзуваат),<br>• Колку главни ликови има? Кои? (вообичаено има еден главен лик во секој расказ)<br>• За што се зборува? (се опишува настан во врска со главниот лик). | есенски лист<br><br>компјутер<br>преоктор<br>бела табла<br>маркер<br><br>учебник стр.33<br><br>тетратка | Усни одговори на прашања<br><br>Ги знае карактеристиките на расказот како литературна творба<br><br>Учество во изведување заклучоци |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | •Учениците илустрираат есенски лист во тетратката и во него запишуваат описни зборови - **есенски, жолт, осамен, тажен .** | | |
| **Видови литературни текстови** расказ,<br>бајка,<br>басна,<br>драма,<br>песна | | | •Учениците се искажуваат дали некогаш им помагаат на нивните родители, баба или дедо додека пазарат зеленчук и овошје од пазар.<br>•Се симулира ситуација како се обраќаат продавачите кон купувачите и обратно по насоки од наставник. **Пр.**<br>*Купувач:Добар ден!*<br>*Продавач : Добар ден! Повелете!*<br>*Купувач:Колку чини килограм јаболка?*<br>*Продавач: Килограм јаболка чинат 30 денари….*<br>•Учениците следат изразно читање на **расказ** „ На пазар“ во учебник стр. 100. Се искажуваат за карактеристиките на расказот, ги воочуваат улогите, дијалогот помеѓу нив.<br>•Се чита расказот по улоги – раскажувач , баба и Симона.<br>•Се даваат насоки да се драматизира текстот со свои зборови со вклучување на продавач и сумулација на игра- пазар(*корелација со математика*) | компјутер<br>преоктор<br>бела табла<br><br>учебник стр. 100<br><br>тетратка | Усни одговори на прашања<br><br>Препознава расказ според неговата содржина<br><br>Одредува ликови во расказ |
| | Прави разлика меѓу расказ, **бајка** и басна. | 2 | •Учениците откриваат два зборови од измешаните букви напишани на таблата. – Снежана и џуџиња<br>А Ж С Е Н А Н У Џ Њ И А Џ<br>СНЕЖАНА ЏУЏИЊА<br>• Дали содржината на анимираниот филм и содржината на бајката од книгата се разликуваат?<br>•Учениците се искажуваат за **бајките к**ако приказни во кои има невозможни, волшебни суштества, предмети, појави и настани.<br>Низ насочени прашања се открива насловот„Снежана“ и авторот на лектирното дело - Браќа Грим.<br><br>•Секој ученик добива работен лист за реализација на активностите на часот. Со помош на презентација/книга се чита и анализира бајката. Се одредува :<br>**Тема:** За што се зборува во бајката;<br>**Место**: Каде се случува настанот?<br>**Време**: Кога се случил настанот?<br>**Ликови**: Кои ликови се носители на дејството? | компјутер<br>преоктор<br>бела табла<br>маркер<br>звучници<br><br>боички<br><br>лектирно дело „Снежана“<br><br>работен лист за секој ученик | Усни одговори на прашања<br><br>Одредува тема, место, време и ликови во бајката<br><br>Одговори во работен лист |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | •Учениците усно прераскажуваат по насочени прашања и запишуваат во работниот лист.(1 дел) | | |
| **Видови литературни текстови**<br>расказ,<br>бајка,<br>басна,<br>драма,<br>песна | | | •Учениците слушаат аудио приказна за Пинокио -Си било еднаш(13 мин) https://www.youtube.com/watch?v=NOas_aGY8Hg<br>•Одговараат на прашања поврзани со содржината и препознаваат карактеристики на бајка.<br>• Што направил мајстор Џепето од парче дрво?<br>• Како ја нарекол куклата што ја изработил?<br>• Кој го советувал Пинокио за неговите палавштини?...<br>•Преку слики за приказната за Пинокио стр.113 - 116 прераскажуваат колку ја разбрале содржината на приказната.<br>•Учениците следат кратко видео од крајот на играниот филм за Пинокио<br>• Како Пинокио од дрвена кукла стана вистинско дете?<br>https://www.youtube.com/watch?v=eHXNN7oGQkY<br>•Извлекуваат порака за љубовта меѓу Пинокио и неговиот татко и кои позитивни особини треба да ги има секое дете и секој човек. | компјутер<br>преоктор<br>бела табла<br>звучници<br><br>примерок од сликовница или книга за Пинокио | Усни одговори на прашања<br><br>Одредува тема, место,време и ликови во бајката<br><br>Ги поврзува постапките на ликовите со нивните особини<br>Учествува во изведување заклучоци |
| | Прави разлика меѓу расказ, бајка и **басна.** | 2 | •Наставникот на таблата запишува букви и дава насоки учениците да откријат кои два збора може да се состават од нив. (буквите може да се самолепливи стикери за да може наставникот или учениците да ги разместуваат на таблата додека ги откријат зборовите)  <br>**Волк**- диво животно, шума, месо, опасен, крзно,страшен<br>**Јагне-** домашно животно, селски двор, фарма, трева, кротко,волна<br>•Учениците слушаат изразно читање на **басна „Волк и јагне“** Се води отворена дискусија за карактеристиките на басната по следните прашања:<br>1) Што научивме од басната?<br>2) Кои беа ликовите во басната? Какви особини имаа тие?;<br>3) Дали особините што се прикажани во басната се карактеристични за животните или за луѓето? Зошто?<br>4) По што се разликува оваа басна од расказот? (ликовите се животни со човечки особини) | самолепливи стикери<br><br>компјутер<br>преоктор<br>бела табла<br>маркер<br><br>тетратка | Усни одговори на прашања<br><br>Ги знае карактеристиките на басната како литературна творба<br><br>Ги поврзува постапките на ликовите со нивните особини |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | •Извлекување заклучок за карактеристики на басна: краток текст во кој главни ликови се животни, а преку нивните постапки се преставени некои особини кај луѓето(лакомост, мрзливост, наивност и сл).<br>**Волк**- лош, кавгаџија, лаком,немилосреден, суров<br>**Јагне**- кротко, мило,културно, исплашено, искрено | | Учество во изведување заклучоци |
| **Видови литературни текстови**<br>расказ,<br>бајка,<br>басна,<br>драма,<br>песна | | | •Учениците во работен лист прават анализа на **басна „ Лисица и грозје“.** Одговараат на барања-одредуваат тема, место, време, ликови и главен настан во басната.<br>• Означи која од понудените реченици се однесува на темата на басната.<br>• Кој е главен лик во басната?<br>• Каде се случил настанот?<br>• Кога се случил настанот?<br>•Учениците гласно ја читаат басната. Одговараат на прашања поврзани со содржината на басната и постапката на лисицата.<br>• Кои особини ги забележувате кај лисицата во оваа басна?<br>Потоа се искажуваат за своите одговори во работниот лист. Споредуваат дали ја избрале истата реченица или зошто другите деца избрале друга реченица како тема. | компјутер<br>преоктор<br>бела табла<br>маркер<br><br>работен лист | Усни одговори на прашања<br><br>Ги поврзува постапките на ликовите со нивните особини<br><br>Извлекува поука од басна<br><br>Учествува во изведување заклучоци |
| | Наведува некои карактеристики на драма (дијалог, ликови). | 6 | •Учениците преку проектор гледаат слика со мравка се искажуваат што знаат за мравките(кратко видео или анимиран филм за да воочат колку се вредни и како обезбедуваат храна во својот мравјалник).<br>•Учениците внимателно слушаат изразно читање на драмски текст „Мравката оди на училиште“- стр.11 и одговараат на прашања.<br>•Учениците се искажуваат за главните ликов и читаат по улоги. Наставникот објаснува дека кога разговараат двајца меѓу себе тоа се вика **дијалог**.<br>•Учениците во групи добиваат серија на слики од драмскиот текст. Секој ученик обојува по една сликичка и кажува која е по ред според редот на настаните. Ги лепат на лист од блок. (постерите ќе ги користат на следниот час). | компјутер<br>преоктор<br>бела табла<br>маркер<br><br>слика со мравка<br><br>учебник стр.11<br><br>серија на | Усни одговори на прашања<br><br>Препознавање драмски текст како литературна творба<br><br>Определува ликови во текст<br><br>Чита по улоги |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | •Учениците во групи го презентираат постерот со слики од драмскиот текст и го прераскажуваат по редослед со свои зборови.<br>•Следат насоки за драматизација на текстот(движења со телото, артикулација на гласот, кажување на текстот со додавање и на свои зборови кои не отстапуваат од содржината и сл).<br>• ученици во улога на мравка(маска од мравка)<br>• ученици во улога на Чичко Мартин.<br>•Дискусија за изведбите на учениците и изложување на маските во јазичното катче. Учениците ги наведуваат карактеристиките на драмски текст преку одговарање на прашања (дијалог, ликови) | слики<br>боички<br>лепило<br>блок бр. 3<br><br>маска со лик на мравка | Практични изведби - драматизација на лик од текст |
| **Видови литературни текстови**<br>расказ,<br>бајка,<br>басна,<br>драма,<br>песна | Наведува некои карактеристики на драма (дијалог, ликови | | •Учениците ги откриваат зборовите со подредување на буквите на соодветно место.(волк, мечка, лисица, кокошка)<br>ЛОКВ АЕМЧК АЛИЦСИ ШАКОККО<br>_ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _<br>•Учениците внимателно го слушаат изразното читање на драмскиот текст„ **Чорапите на Медо**“.<br>• Кои ликови ги сретнавме во текстот? (Волчко Лиска, Медо)<br>• Кој се сретнал во шумата зад дрвото?<br>• За што разговарале Волчко и Лиска?<br>• Што правел Медо пред пештерата?...<br><br>•Учениците го читаат текстот по улоги од работен лист. Го пронаоѓаат делот каде Медо објаснува каква боја му се чорапите за секој ден од седмицата и соодветно ги обојуваат на цртежот во работниот лист. Во круговите го запишуваат редниот број на денот во седмицата, а под чорапите го запишуваат името на денот.(*корелација со математика-мерење време)* | компјутер<br>преоктор<br>бела табла<br>маркер<br><br>работен лист<br>боички | Усни одговори на прашања<br><br>Препознава драмски текст како литературна творба<br><br>Определува ликови во текст<br><br>Чита по улоги |
| | | | <br>•Учениците опишуваат слика за да се воведат во содржината на драмскиот текст.<br>•Учениците внимателно слушаат изразно читање на драмски текст„ **Весна и Цивко**“ од К. Донев. Одговараат на прашања поврзани со содржината на текстот. | компјутер<br>преоктор<br>бела табла<br>маркер<br><br><br>испечатен примерот од | Усни одговори на прашања<br><br>Препознавање драмски текст како литературна творба |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | •Секој ученик добива испечатен примерот од драмски текст „ Весна и Ѕивко“. Го воочуваат дијалогот на ликовите Весна и Ѕивко и делот каде зборува раскажувачот. <br>•Читање на текстот по улоги - раскажувач, Весна, Ѕивко.<br>•Изведуваат заклучок за особините на ликовите:<br>• **Весна :** одговорна, добра, хумана(сака да помага)<br>• **Ѕивко:** исплашен, благодарен, внимателен,снаодлив | драмски текст<br><br>тетратка | Определува ликови во текст<br><br>Чита по улоги |
| **Видови литературни текстови** расказ, бајка, басна, драма, песна | Наведува некои карактеристики на драма (дијалог, ликови | | •На таблата се залепени слики од лисица и кокошка. Со бура на идеи се опишуваат животните и извлекуваат заклучок за сличностите и разликите помеѓу нив. <br>•Преку проектор се истакнуваат 2 литературни творби, учениците ги анализираат и одговараат на прашања:<br>• Што е слично во двата текста? ( насловот)<br>• Како е напишан првиот текст? (како драмски текст со улоги<br>• Како е напишан вториот текст?(како песна-учебник стр.86)<br>Што ни покажуваат знаците на крајот од речениците/стиховите?(како правилно да ги изговараме)<br><br>•Се потсетуваат на карактеристики на драмски текст(ликови:лисица и кокошка)<br>•Преку анализа на песната откриваат во кои стихови, строфи зборува лисицата, а во кои кокошката.<br>•*Може да се подготви интересна кратка драмска изведба со нивна комбинација*<br><br>КОКОШКА И ЛИСИЦА<br>Лисица : Како си ми, кокошке, пријателке блиска?<br>Кокошка: Се качувам високо, еве, гледај, Лиске!<br>Лисица: Пилињата кај ти се, колку ми се мили!<br>Кокошка: Не грижи се за нив, добро си се скриле!<br>Лисица: Дали ти се мирни, сакам да ги видам, а ако ги пофатам подлец нека бидам!<br>Кокошка: „Многу добро, тетко, јас тебе те знам, да ги видиш, Лиске нема да ти дам!<br> | компјутер<br>преоктор<br>бела табла<br>маркер<br><br>слики од лисица и кокошка<br><br>Лист со текстот „Кокошка и лисица„ за секој ученик<br><br>учебник стр.86<br><br>тетратка | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Опредлува строфа и стих во песна<br><br>Прави разлика меѓу драмски текст и поетска творба |
| | | | •Учениците погодуваат гатанки поврзани со сообраќајот.<br>На четири тркала оди,<br>каде сакаш ќе те води,<br>нафта голта, бензин пие,<br>погодете што е вие.<br>**(автомобил)**<br>Не знае да зборува<br>ниту да се движи,<br>но да бидеш безбеден<br>секогаш се грижи<br>**(сообраќаен знак)**<br>Три очи имам,<br>воопшто не гледам,<br>ама сообраќајот<br>будно го следам.<br>**(семафор)** | компјутер<br>преоктор<br>бела табла | Усни одговори на прашања<br><br>Определува |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | •Учениците внимателно слушаат изразно читање на драмски текст „Семафор и дете“ од книгата„ Болното жапче“ од Ненад Џамбазов. Секој ученик добива лист од драмскиот текст.<br>Читање на тестот по улоги-(може да се формираат повеќе парови-секој пар чита по 5 дијалози )<br><br>•Учениците имаат/цртаат слика со семафор. Добиваат насока да ги обојат трите кругови со боите на семафорот без да им кажува наставникот кои се тие бои. | избор на гатанки (интернет, книги)<br><br>изработен семафор од картон | ликови во текст<br><br>Препознава дијалог на ликови во драмски текст<br><br>Чита по улоги |
| **Видови литературни текстови** расказ,<br>бајка,<br>басна,<br>драма,<br>песна | Наведува некои карактеристики на песна (стих, строфа, рима).<br><br>Извлекува порака од содржината на едноставна песна. | 9 | •Бура на идеи - Учениците наведуваат зборови кои ги поврзуваат/им асоцираат на поимот УЧИЛИШТЕ( училница, ученици, ѕвонче, учители, ранец, тетратки, учење, игра ,физичко, цртање и сл.) .<br>•Анализа на поетска творба „**Назад во училиште“**-стр.8 .<br>Со насочени прашања ги опишуваат поетските слики.<br>Се откриваат број на стихови и рима во секоја строфа<br><br>•Учениците добиваат работен лист на кој е запишана песната„Назад во училиште“, но недостигаат зборовите кои претставуваат рима. Тие се запишани на долниот дел од листот, а учениците треба да ги пронајдат и да ги запишат на соодветното место.<br>•Проверка на точноста на извршување на задачата–наставникот преку проектор покажува кои зборови требаше да се запишат како рима, а учениците си забележуваат дали правилно ја извршиле задачата со ставање на штиклирано ако запишале точно или X ако погрешиле.<br>•Хорово/ групно или индивидуално рецитирање на песната или на пооделни строфи. | компјутер<br>преоктор<br>бела табла<br>маркер<br><br>учебник стр.8<br><br>тетратка | Усни одговори на прашања<br><br>Препознавање песна како литературна творба<br><br>Определувaна строфа,стих и рима во песна<br><br>Изразно рецитира поетска творба |
| | | | •*Активност во пресрет на Недела на детето*<br>Се слуша и пее песна „За сите деца“ од ДМФ„Златно славејче“ и се создава весело расположение.<br>https://www.youtube.com/watch?v=mYo4yHOuIwc<br>Разговор со учениците за тоа како го доживеале нивното зачленување во Детската организација, следење на училишна приредба, давање на свечена заклетва( *Може уште еднаш да се потсетат и на заклетвата*).<br><br>Стани, детенце<br><br>Стани,стани детенце,<br>надвор пее петленце,<br>пее ,кукурига<br>и тебе ми те вика.<br><br>Веднаш да се измиеш,<br>добро да се истриеш<br>па да станеш чисто<br>како вчера исто.<br><br>Пушти ги рачињата,<br>мрдни со прстињата<br>ене сонце грее<br>тебе ти се смее.<br><br>Стани,стани детенце,<br>надвор пее петленце,<br>пее ,кукурига<br>и тебе ми те вика. | компјутер<br>преоктор<br>бела табла<br>маркер<br>звучници<br><br>примерок од текст со | Усни одговори на прашања.<br><br>Одредува строфа, стих,рима и порака од песна |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | •Анализа на песна„Стани детенце“- Секој ученик добива примерок од песната. Изразно се чита, се открива бројот на строфи, стихови и рима во песната.<br>•Се меморира песната строфа по строфа.<br>•Учениците препишуваат строфа од песната која најмногу им се допадна | песната за секој ученик<br><br>тетратка | Ја чита/ рецитира песната со соодветна интонација |
| **Видови литературни текстови** расказ,<br>бајка,<br>басна,<br>драма,<br>песна | Наведува некои карактеристики на песна (стих, строфа, рима).<br><br>Извлекува порака од содржината на едноставна песна. | | *Активност во пресрет на 11 Октомври - Ден на востанието на македонскиот народ*<br>•Се слуша и пее химната „Денес над Македнија“<br>•Учениците учествуваат во анализа на песната „ **Татковина“**.<br>• За што се пее во песната?<br>• Кои зборови ги користи поетот за да каже како  ја сака татковината?(ѕвезди, цвеќе, сончеви зраци)<br>• Какви чуства искажува поетот кон татковината? (љубво, грижа,почит)<br>Татковина<br>Колку ѕвезди на небото<br>среде ноќта светат,<br>колку цвеќе во градина<br>во пролетта цвета.<br>Колку зраци сончко праќа<br>со насмевка своја,<br>толку многу јас те сакам<br>Татковино моја!<br>•Секој ученик добива примерок од песната. Хорово читање со цел да се дадат насоки за изразно читање, се открива бројот на строфи ,стихови и рима во песната. | компјутер<br>преоктор<br>бела табла<br>маркер<br>звучници<br><br>примерок од текст со песната за секој ученик<br><br>тетратка | Усни одговори на прашања.<br><br>Одредува строфа, стих,рима и порака од песна<br><br>Ја чита/ рецитира песната со соодветна интонација |
| | | | •Учениците учествуваат во анализа на песна „Мед“-учебник стр. 23. Одговараат на прашања поврзани со поетските слики.<br>• Од што му се смачило на мечето?<br>• Зошто било качено на дрвото?<br>• Како се чувствувале пчелите?<br>• Што направило мечето со саќето?<br>• Како го казниле пчелите?<br>• Дали мечето извлекло поука за својата постапка од казната?<br>•Изразно ја читата песната, одредуваат број на строфи, стихови и рима во песната.<br>•Препишување на строфа од песната која најмногу им се допадна. | компјутер<br>преоктор<br>бела табла<br><br>звучници<br><br>учебник стр.23<br><br>тетратка | Усни одговори на прашања.<br><br>Одредува строфа, стих,рима и порака од песна<br><br>Ја чита песната со соодветна интонација |

resursi.literatura.mk

<table>
<tr>
<td rowspan="3">Видови литературни текстови<br>расказ,<br>бајка,<br>басна,<br>драма,<br>песна</td>
<td rowspan="3">Наведува некои карактеристики на песна (стих, строфа, рима).<br><br>Извлекува порака од содржината на едноставна песна.</td>
<td rowspan="3"></td>
<td>•Учениците преку проектор следат музичко видео за птиците во зима и учениците изведуваат заклучок која е најголемата желба на птиците.<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=9xEKaSDQKRA<br>•Читање на песната „Дете и врапче“ и анализа на содржината.<br>• Од колку строфи е составена песната?<br>• Колку стиха има во првата/втората...петтата строфа?<br>• Која строфа е најкратка?<br>• Кои строфа е најдолга?<br>•Ги пронаоѓаат и ги потцртуваат  римуваните зборови во песната .<br>Извлекување на порака од песната - Помогнете им на птиците во зима, а тие ќе ви возвратат со песна.<br><br>ДЕТЕ И ВРАПЧЕ<br><br>Врапче сиво<br>што си диво<br>зошто солзи<br>цел ден лееш,<br>ниту леташ,<br>ниту пееш?<br><br>Студен ветер<br>земја вее,<br>нема сонце<br>да ме згрее.<br>Нигде пченка,<br>житно зрно<br>небото е<br>темно, црно.<br><br>Глад ме мачи,<br>тешко страдам<br>па се чудам<br>што да јадам.<br>Уште два-ти дена<br>мене ќе ме снема.<br><br>Не се плаши<br>врапче сиво,<br>пак ќе бидеш<br>итро, живо.<br>Ќе те хранам<br>цела зима,<br>кај нас дома<br>храна има.<br><br>А на пролет<br>чик-чи-рик!<br>Пак ќе шириш<br>весел вик.</td>
<td>компјутер<br>преоктор<br>бела табла<br>маркер<br>звучници<br><br>книгат „Палавото зајаче“ од Ненад Џамбазов.<br><br>копија со текст од песната за секој ученик</td>
<td>Усни одговори на прашања.<br><br>Одредува строфа, стих,рима и порака од песна<br><br>Ја чита песната со соодветна интонација</td>
</tr>
<tr>
<td>•Се изработува грозд за зборот мајка<br>храбра  добра   нежна   сакана   убава<br>мајка<br>изморена    вредна    грижлива<br><br>•Секој ученик добива работен лист со песна за мајката. Се читаат неколку песни, се анализираат по број на строфи и стихови и римувани зборови.<br>•Учениците запишуваат во работниот лист.<br>• Песната има ____ строфи.<br>• Песната е составена од ___   стихови.<br>• Римувани зборови во песната се _____________.<br>•Се опишуваат поетски слики и се дискутира со учениците<br>- Што им е заедничко на  прочитаните песни?<br>•Учениците се искажуваат дека тоа е љубовта кон мајката</td>
<td>компјутер<br>преоктор<br>бела табла<br><br>тетратка<br><br>печатен текст на песна за мајката за секој ученик</td>
<td>Усни одговори на прашања<br><br>Одредува строфа, стих,рима и порака од песна<br><br>Извлекува порака од содржината на песната.</td>
</tr>
<tr>
<td>•Секој ученик добива работен лист со текст од песната„Мајски цвет“,  но строфите се претставени со измешан редослед. Учениците</td>
<td>компјутер<br>преоктор</td>
<td>Усни одговори на прашања</td>
</tr>
</table>

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Видови литературни текстови**<br>расказ,<br>бајка,<br>басна,<br>драма,<br>песна | Наведува некои карактеристики на песна (стих, строфа, рима). | | тивко ги читаат во себе и одредуваат правилен редослед на строфите со запишување на број 1 , 2 или 3 пред секој строфа.<br>•Читање на песната по правилен редослед на строфите.<br>Учениците се подготвуваат за рецитирање на песната.<br>•Ги следат насоките за начинот на рецитирање на песната:<br>• правилен став на телото при рецитирање;<br>• точно изнесување на стиховите без промена на редот на зборовите;<br>• јасно и изразно рецитирање;<br>•Дискусија со учениците за начинот на интерпретација - секој се искажува дали бил задоволен од начинот на рецитирање. Што би подобрил при изведбата? | бела табла<br><br>печатен текст од песната за секој ученик<br><br>тетратка | Одредување строфа, стих,рима и порака од песна<br><br>Извлекува порака од содржината на песната. |
| | Извлекува порака од содржината на едноставна песна. | | На таблата наставникот запишува неколку зборови. Учениците треба да ги пронајдат зборовите кои се совпаѓаат по звучност.<br>**пее- смее, цвет- свет, мила- сила, рони-ѕвони, мие-шие, мода-вода, грешно-смешно и сл.**<br>• Во какви текстови најчесто сретнуваме вакви зборови? (бајка, басна, расказ, драмски текст или **песна).**<br>Учениците добиваат работен лист со песна „Летен ден“. Прават анализа од колку строфи и стихови е составена песната и ги откриваат збоорвите кои недостигаат(рима)<br>Денот летен долго / како река **тече.** / Жешко сонце жари / лебот наш го _____. (пече)<br>Едно мравче ситно / влече житно зрно / се труди, го **носи** / не сака да ________ (проси)<br>Штурчо скриен чека / жега да се **смири,** / па на сончев залез / да почне да ________. (свири)<br>Се испотил песот- / во сенка се **лади,** / и летово нема / куќа да си ________. (гради)<br>тече-пече, носи-проси, смири-свири, лади-гради<br>Учениците ја препишуваат песната со ракописни букви. | компјутер<br>преоктор<br>бела табла<br><br>табла<br>Креда/маркер<br><br>работен лист со песната „ Летен ден“ за секој ученик | Одговара на прашања поврзани со содржината на песната<br><br>Определува поестки слики во песна<br><br>Открива стофа стих и рима во песна |
| **Анализа на литературни текстови**<br>тема,<br>настан,<br>лик,<br>време, место | Одредува тема на прочитан литературен текст.<br><br>Одредува време и место на настаните на прочитан литературен текст. | 4 | *Активност во пресрет на 11 Октомври- Ден на востанието на македонскиот народ*<br>•Учениците во мали групи добиваат сложувалка со македонското знаме, го составуваат и го лепат на лист од блок. Запишуваат на листот како се вика нашата земја, имиња на градови или поими што им се познати (градот во кој живеат, река, езеро, планина и сл.) | компјутер<br>преоктор<br>бела табла<br>звучници<br><br>сложувалка со македонско знаме | Усни одговори на прашања<br><br>Одредува тема, место,време и ликови во |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Одговара на прашања за прочитаниот литературен текст во врска со ликовите и/или содржината | | •Учествуваат во анализа на текст **„ Јасна ја поздравува татковината“. -стр.130**<br>•Наставникот ги запознава учениците со празникот 11 Октомври на начин кој соодветствува со нивната возраст. Укажува дека со почитување на својата татковина и луѓето кои живеат во неа се покажува колку и како се сака татковината во која се родени и живеат.<br>Читање на текстот од учениците.<br>Се искажуваат за темата(што се зборува во текстот), ликовите, местото и времето на настанот.<br>•Обојуваат срце или цвет во боите на македонското знаме. | лепило<br><br>лист од блок<br><br>учебник стр.130<br><br>тетратка<br><br>боички | литературна творба<br><br>Активно учество во групни активности |
| **Анализа на литературни текстови**<br>тема,<br>настан,<br>лик,<br>време, место | | | •Повторување за бајка како литературна творба преку краток квиз.<br>• Девојчето со црвено капче кое ја посетуваше својата баба во шумате се викаше .........<br>• Во куќата на седумте џуџиња се скри убавата .....<br>• Волкот сакаше да ги изеде седумте......<br>• Од вретеното се боцна и заспа во стогодишен сон убавата ...<br>•Наставникот преку презентација ги запознава со поимот лектира-задолжителна книга која ќе ја обработуваат на часовите. На секоја маса има примерок од книгата**„Грдото пајче“** и работен лист за индвидуална работа.<br>•Преку презентација на која е претставена целата содржина на книгата со текст и соодеветни илустрации, учениците се запознаваат со доживувањата на грдото пајче. Одредуваат, тема, место, време и ликови . | компјутер<br>преоктор<br>бела табла<br>маркер<br>звучници<br><br>презентација изработена од наставник.<br><br>работен лист за лектира<br><br>боички | Усни одговори на прашања<br><br>Одредува тема, место,време и ликови во бајката<br><br>Одговори во работен лист |
| | | | •Учениците се искажуваат по дадена слика за однесувањето на девојчето во двете ситуации.  <br>•Учениците внимателно слушаат изразно читање на текст **„Се е наше“** -стр.141/142 од учебникот и одговараат на прашања:<br>• Што сакал да направи Тони со расцветаниот јоргован во дворот? | компјутер<br>преоктор<br>бела табла<br><br>учебник | Усни одговори на прашања<br><br>Одредува тема, место,време и ликови во бајката |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Што го советувал татко му кога го видел?<br>• Каде отишле по неколку дена?..<br>Анализа на текстот - Учениците го читаат текстот, се одредува тема, место, време и ликови.<br>Изведување заклучоци- Како го разбирате објаснувањето на таткото дека се е наше?<br>• На што треба да внимаваме кога ќе одиме на излет за празникот Први мај? | стр.141,142<br><br>тетратка | Одредува тема, време, место и ликови во расказ |
| **Анализа на литературни текстови**<br>тема,<br>настан,<br>лик,<br>време, место | Одредува тема на прочитан литературен текст.<br><br>Одредува време и место на настаните на прочитан литературен текст.<br><br>Одговара на прашања за прочитаниот литературен текст во врска со ликовите и/или содржината | | •Учениците се насочуваат на внимателно слушање на содржината од дадениот линк и одговараат на прашања<br>- Кој е Зоки Поки?<br>https://www.youtube.com/watch?v=JF4h2d8YsNU<br><br>•Секој ученик пред себе има примерок од лектирното дело„Зоки Поки“. Се разгледува книгата, илустрациите и накратко наставникот ги запознава со писателката Оливера Николова.<br>•Се прераскажуваат два-три раскази и за секој од нив се запишува една реченица која содржи клучни зборови за постапката или однесувањето на Зоки Поки.<br>https://www.youtube.com/watch?v=lYXZfbsyzpw&t=7s<br>Пр. И мечето има грип<br>1. Зоки Поки и мечето заедно се лечат од грип.<br>Учениците се искажуваат што им се допаднало или не им се допаднало кај Зоки Поки во расказите кои се анализираа. | компјутер<br>преоктор<br>бела табла<br>звучник<br><br>книга „ Зоки Поки“ за секој ученик<br>тетратка/<br>работен лист | Усни одговори на прашања<br><br>Одредува тема , време и место на настаните на прочитан литературен текст.<br><br>Препознава ликови во расказ и ги опишува нивните особини |
| | Одредува настани и нивен редослед во прочитан литературен текст. | 1 | •Учениците се насочуваат да замислат дека се наоѓаат во училишниот двор, а надвор паѓа снег. Се раздвижуваат во училницата, ги подигаат рацете кон небото и собираат нежни, бели снегулки.<br>•Учениците се поделени во тријади. Добиваат плик во кои имат три ливчиња со дел од текст. Секој ученик избира едно ливче и го чита тивко во себе. Потоа си ги разменуваат ливчињата и одредуваат кој<br><br>Денес падна првиот снег. Сите радосни гледавме од прозорецот на училницата. На земјата се појави снежна покривка.<br>Имавме голема желба да се лизгаме на снегот. Чекавме да заѕвони училишното ѕвонче. Сите гледавме кон часовникот на ѕидот.<br>Брзо излеговме во дворот. Снегулките летаа како бели мали пеперутки. Ние ги ловевме во рацете и правевме весели човечиња во снегот. | компјутер<br>преоктор<br>бела табла<br>маркер<br><br>пликови<br><br>ри ливчиња со дел од текст за секоја | Усни одговори на прашања<br><br>Одредува редослед на настани во прочитан литературен текст. |

resursi.literatura.mk

<table>
<tr><td rowspan="3">Анализа на литературни текстови<br>тема,<br>настан,<br>лик,<br>време, место</td><td></td><td></td><td>дел е почеток на расказот.<br>•Ги подредуваат по редослед.Се искажуваат и со свои зборови за настаните од расказот подредувајќи ги по редослед.<br>•Секој ученик добива лист со расказот, го читаат хорово и забележуваат број во празните кругови по правилен ред на настаните. 1, 2, 3<br>(На час по ликовно образование или во времето за други активности учениците можат да го илустрираат расказот)</td><td>тријада<br><br>лист со текст за секој ученик</td><td>Придонес во активности во тријада</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Го препознава почетокот, средишниот дел и крајот на приказната.</td><td rowspan="2">2</td><td>•Учениците следат видео за пингвини(англиски јазик – 3 мин)<br>https://www.youtube.com/watch?v=lAJB-dKTAQM<br>Се поведува дискусија низ прашања што научија за пингвините, нивното живеалиште и начин на живот.<br>•Учениците се подготвуваат за внимателно слушање на текстот„ Најосамениот пингвин на светот“-стр.106 со примена на Стоп техника. Наставнот чита до прво стоп, а учениците одговараат на поставени прашања.<br>•Читање на текстот од учениците, дел по дел.Ученикот кој чита го прераскажува својот дел, а учениците воочуват кој е почетен, кој е средишен, а кој завршен дел од текстот.<br>•Се формираат тријади и секој ученик добива одреден дел од текстот кој усно треба да го прераскаже - почеток, средишен дел и крај од текстот.</td><td>компјутер<br>преоктор<br>бела табла<br>маркер<br><br>учебник стр.106</td><td>Усни одговори на прашања<br><br>Одредува тема време и место на прочитан литературен текст.<br><br>Препознава почеток, средишен и главеб дел на приказната.</td></tr>
<tr><td>•Учениците се искажуваат како безбедно се преминува коловозот(корелација со општество) :<br>Разговор за содржината на драмскиот текст „Семафор и дете“ .<ul><li>Почеток на текст - запознавање на семафорот со детето</li><li>Средишен дел од текст - советите од семафорот</li><li>Завршен дел од текст - извлекување на поука за важноста од почитување на сообраќајните правила</li></ul>Учениците добиваат насоки во парови и со свои зборови да изведат драматизација на текстот.</td><td>компјутер<br>преоктор<br>бела табла<br>маркер<br><br>семафор од картон<br>лист со драмскиот текст за секој ученик</td><td>Го препознава почетокот, средишниот дел и крајот на драмскиот текст<br><br>Ги повзрува постапките на ликовите со нивните особини</td></tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Анализа на литературни текстови**<br>тема,<br>настан,<br>лик,<br>време, место | Одредува настани и нивен редослед во прочитан литературен текст.<br><br>Го препознава почетокот, средишниот дел и крајот на приказната. | 2 | •Учениците следат кратко видео( 1 минута), прво само со слика, без звук. Повторно следење на видеото со звукот на жуборење на реката. Учениците одговараат на прашања:<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=Pz3tsc110Nw<br>• Како го доживеавте видеото со слика, но без звук?<br>• Дали звукот ве поднесе со мислите на планина , на некое излетничко место ?<br>• Знаете ли каде се влеваат потоците по својот тек?<br>•Учениците учествуваат во анализа на текст**„ Патот кон реката“** со отворен учебник на стр. 90.<br>•Насоки за читање на текстот од учениците по улоги - раскажувач, поточе, стариот даб и карпата.<br>•Наставникот кажува реченица, а учениците треба да погодат од кој дел на расказот е истата. **Пр.**<br>• Едно поточе во горада бараше пат кон реката.(почеток)<br>• Не знам што треба да правиш, но знам дека не сакам да риеш во мене!(средишен )<br>• Поточето беше задоволно.(крај) | компјутер<br>преоктор<br>бела табла<br>маркер<br><br>учебник стр.90<br><br>тетратка | Усни одговори на прашања<br><br>Одредува редослед на настани во прочитан литературен текст.<br><br>Го препознава почетокот, средишниот дел и крајот на текстот |
| | | | •Учениците преку анаграм го откриваат насловот на текстот.„Сказна за медот“-стр.139<br>•Учениците го читаат текстот и низ насочени прашања се искажуваат за содржината на делот кој го читаат-Што се случило на почетокот /средината/ крајот од текстот.<br>Сладолед круша, авион, зајак, носорог, ананас<br>**С К А З Н А**<br>зебра ајкула<br>**З А**<br>маче елка дрво облак топка<br>**М Е Д О Т**<br>•Учениците следат видео од долгометражен цртан филм „ Bee movie“ ( 3 мин) каде на интересен начин е прикажано опрашувањето на цветовите од пчелките и собирањето на нектар од цвеќињата.<br><br>Учениците воочуваат како младата пчелка за првпат излегува од кошницата и ја започнува својата авантура -учи од повозрасните пчели. https://www.youtube.com/watch?v=oNWAiWBup2Q | компјутер<br>преоктор<br>бела табла<br>маркер<br>звучници<br><br>картички со слики<br><br>учебник стр.139<br><br>тетратка | Усни одговори на прашања<br><br>Одредува редослед на настани во прочитан литературен текст.<br><br>Го препознава почетокот, средишниот дел и крајот на |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | •Извлекуваат заклучок за важноста на пчелите во процесот на опрашување на растенијата.<br>(***Меѓупредметна интеграција*** *со природни науки, Тема- растенија што цветаат* - *Го поврзува изгледот на деловите на растението со нивната улога*). | | текстот |
| **Анализа на литературни текстови**<br>тема,<br>настан,<br>лик,<br>време, место | Ги препознава ликовите во прочитан литературен текст и ги поврзува нивните постапки со нивните особини.<br><br>Одговара на прашања за прочитаниот литературен текст во врска со ликовите и/или содржината. | 4 | •Игра - Откриј го зборот! В А Б Р Ц Е<br><br>Наставникот ги запишува буквите на таблата, а учениците треба да откријат кој збор се крие. - ВРАБЕЦ<br>•Учениците слушаат изразно читање на текст „Скржавиот врабец“ , и одговараат на прашања поврзани со содржината, ликовите и нивните постапки.<br><br>СКРЖАВИОТ ВРАБЕЦ<br>Најде еден врабец поголемо парче леб. Се обиде да го крене и да го однесе во гнездото. Но, немаше толку сила.<br>— Дај да ти помогнеме — му рекоа другарите — па ќе го разделиме. Ти и без тоа не можеш сам да го изедеш.<br>— Не сакам — се налути врабецот. — Лебот е мој! Јас го најдов и никому не му давам ни трошка!<br>— Еј, несреќнику! — му рекоа другарите и си од-летаа.<br>Пакосната врана чекаше врабецот да остане сам, па му го одзеде целото парче.<br>— Не плачи сега, скржавецу!<br>•Учениците изведуваат заклучок за особините на врабецот.<br>• Кои особини ги има врабецот?<br>добар себичен лаком лош другар скржав осамен | компјутер<br>преоктор<br>бела табла<br>маркер<br>звучници<br><br>примерок од текст<br><br>тетратка | Усни одговори на прашања<br><br>Определува ликови во текст и ги поврзува со нивните постапки |
| | | | *Активности за анализа на лектирно дело„Снежана*“<br>•Учениците се насочуваат за работа во работниот лист на лектирното дело„Снежана“: (втор дел)<br><br>•Насоки за индивидуална работа во работниот лист, определување на хронолошки ред на настаните по дадени слики.<br>Изведување на заклучоци за ликовите и нивните постапки.<br>• Со кои зборови би ја опишале Снежана? Кои особини ја красат?<br>• Како би ја опишале кралицата? Зошто?<br>• Какви биле џуџињата? Кое џуџе ви е најомилено?<br>• Дали ловецот е добар или лош лик? Зошто?<br>Откривање на поуката од бајката. | компјутер<br>преоктор<br>бела табла<br>маркер<br>звучници<br><br>боички<br><br>лектирно дело „Снежана“<br><br>работен лист за секој ученик | Усни одговори на прашања<br><br>Определува ликови во текст и ги поврзува со нивните постапки<br><br>Одговори во работен лист |
| | | | *Активности за анализа на лектирно дело„Зоки Поки*“<br>•Учениците се искажуваат со еден збор, особина која се однесува на | компјутер<br>преоктор | Препознава ликови во |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Анализа на литературни текстови** тема,<br>настан,<br>лик,<br>време, место | Ги препознава ликовите во прочитан литературен текст и ги поврзува нивните постапки со нивните особини.<br><br>Одговара на прашања за прочитаниот литературен текст во врска со ликовите и/или содржината. | | Зоки Поки. **палав, мал, досетлив, добар, лаком, весел, смешен…**<br>•Учениците се насочуваат на внимателно слушање на расказ: „Кога баба се лути“.<br>https://www.youtube.com/watch?v=MQOSX0f_iAw&t=8s<br>•Учениците во парови во работен лист одговараат на прашања поврзани со однесувањето на Зоки Поки.<br>Слушање на аудио расказ – Откритие - https://shorturl.at/fsErk<br>• Зошто Лидија го нарекува Зоран?<br>• Кое е најголемото откритие?<br>•Извлекување на заклучок за детството како најубавиот дел од животот и дека не го забележуваме моментот колку брзо растеме и се менуваме | бела табла<br>звучник<br><br>работен лист за работа во парови<br><br>книга „ Зоки Поки“ за секој ученик | расказ и ги опишува нивните особини<br><br>Одговара на прашања за прочитаниот литературен текст во врска со ликовите |
| | | | •Учениците одговараат на краток квиз „Кој зборува“ во врска со содржината на песната „Кокошка и лисица“. Одговорите ги даваат со движење – ако одговорот е <u>кокошка</u> учениците замавнуваат во место со рацете (како крилја), а доколку е лисица симулираат движење на лисица во место.<br>**Пр.** Кој зборува?<br>• Се качувам високо, еве гледај....( кокошка)<br>• Пилињата кај ти се, колку ми се мили?(лисица)...<br>•Еден пар ученици ја чита песната или драмскиот текст, а потоа низ прашања учениците се искажуваат за особините на ликовите.<br>•Учениците се подготвуваат за драматизација на текстот „Лисица и кокошка“(соодветни маски)<br>•Учениците си искажуваат каква порака може да изведеме од двата текста според особините на ликовите.<br>•Кои карактеристики на луѓето ги забележуваме?<br>• лисицата - лакомост, итрина, лага и сл<br>• кокошка- досетлива, умна, внимателна и сл. | компјутер<br>преоктор<br>бела табла<br>звучник<br><br>лист со текстот „Кокошка и лисица„<br><br>маски од хартија:<br>лисица<br>кокошка | Ги опишува особините на ликовите<br><br>Одговара на прашања за прочитаниот литературен текст во врска со ликовите<br><br>Извлекува порака од содржината на едноставна песна. |
| | Одговара на прашања за прочитаниот литературен текст во врска со ликовите и/или содржината. | 2 | •Игра „Прашувалко“(се изведува со кукла како ракавица/кукла од мек материјал)Се поставуваат прашања на кои учениците можат да одговараат само со ДА или НЕ. Учениците се наредени во круг и играта ја започнува Прашувалко(еден ученик) поставувајќи прашање на другарче од неговата десна страна. Користат прашално | компјутер<br>преоктор<br>бела табла | Усни одговори на прашања<br><br>Одговара на прашања за |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Анализа на литературни текстови**<br>тема,<br>настан,<br>лик,<br>време, место | Одговара на прашања за прочитаниот литературен текст во врска со ликовите и/или содржината. | | зборче ДАЛИ?<br>• Дали знаеш да возиш велосипед?ДА/НЕ<br>• Дали беше на одмор на море? ДА/НЕ<br>• Дали имаш телевизор во собата? ДА/НЕ<br>•Учениците изведуваат заклучок -потврдни одговори(ДА)и одречни одговори (НЕ).<br>•Наставникот чита соодветен текст за разбирање на содржината од учениците. Пр. **„ Приказна за лакомиот крт Чипсо“.**<br>Со користење на прашални зборови кој/што/ кога/како/каде поставува прашања со цел да провери дали ја разбрале содржината.<br>• Кој шетал покрај нивата?<br>• Што пронајде Чипсо?<br>• Каде ги однесе?...<br>•Учениците ги запишуваат прашањата во своите тетратки. (Прашањата ќе им бидат потребни за активност на следниот час)<br>•Учениците во парови усно си поставуваат прашања со користење на прашалните зборови дали/ кој/ што/ каде/ како/кога. | кукла како ракавица, или кукла од мек материјал<br><br>тетратка<br><br>текст со приказната<br><br>постер со прашални зборови | прочитаниот литературен текст во врска со ликовите и/или содржината.<br><br>Учество во изведување заклучоци |
| | | | •Дискусија со учениците за крајот на учебната година и нивните планови на тема: **Што планирате да правите за време на летниот распуст?**<br>Учениците се насочуваат на читање во себе на текстот „ Што прават децата во јуни“ стр. 148. Се формираат групи од по 5 ученика. Секој ученик добива дел од текстот, треба внимателно да го прочита и да одговори на прашање.<br>Пр. ***Еве Петар што сака да прави во лето: Сака да оди на потокот. Ги соблекува чевлите и чорапите и гази низ водата, барајќи светли камчиња. Наоѓа црвени, зелени, кафени и жолти. „Тоа се убави камчиња“, раскажува Петар и ги чува во кутија.***<br>***Што сака да прави Петар?***<br>Петар:<br>Наставникот поставува прашање, а учениците треба да се искажат за кое дете станува збор.<br>1. Кој сака да бара диви јаготки што се скриени во тревата?(Давид)<br>2. Кој најмногу сака да се качува по ритчиња и да бере цвеќиња?( Џуди)... | компјутер преоктор<br>бела табла<br><br>учебник стр.148<br><br>тетратка | Одговара на прашања поврзани со содржината на текстот со целосна реченица<br><br>Чита во себе со разбирање на прочитаниот текст<br><br>Активно учество во групни активности |

resursi.literatura.mk

<table>
<tr>
<td rowspan="2">Анализа на литературни текстови<br>тема,<br>настан,<br>лик,<br>време, место</td>
<td rowspan="2">Извлекува порака од содржината на едноставна песна.</td>
<td rowspan="2">5</td>
<td>•Учениците се искажуваат за годишното време есен и есенските месеци.(Може да се користи и илустриран постер со годишните времиња и месеците во годината).<br>•Колку месеци има во годината и кои се тие?<br>• Колку годишни времиња има и кои се тие?<br>• Кога започнува есента ?(23 септември)<br>• Кога завршува есента?(21 декември)<br>• Кои месеци ги викаме есенски месеци?<br>•Учениците внимателно го слушаат изразното читање на песната „ Во ноември“ и одговараат на поставени прашања за поетските слики.<br>Секој ученик изразно ја чита песната, се открива бројот на строфи,стихови и рима во песната.<br>ВО НОЕМВРИ<br>Во ноември<br>шумата е пуста,<br>не е веќе<br>зелена и густа.<br><br>Во ноември<br>студен дождец лее,<br>се послабо<br>сонцето не грее.<br><br>Во ноември<br>потопло се носи,<br>оти ветерот<br>почнува да коси.<br><br>Во ноември<br>мириса на зима,<br>уште малку<br>снег сегде ќе има.<br><br>•Извлекуваат порака од песната и препишуваат и илустрираат поетска слика /слики кои најмногу им се допаднале.</td>
<td>компјутер<br>преоктор<br>бела табла<br><br>илустриран постер со годишните времиња и месеците во годината<br><br>примерок од текст од песната<br><br>тетратка<br>боички</td>
<td>Усни одговори на прашања<br><br>Одредува строфа, стих,рима и порака од песна<br><br>Извлекува порака од содржината на песната.</td>
</tr>
<tr>
<td>•Учениците во парови добиваат работен лист во кој треба да обојат зборови кои ги поврзуваат со прослава на новогодишната ноќ во нивниот дом.<br>елка | автомобил | снег<br>лампиони | тетратка | прскалици<br>храна | гости | училиште<br>музика | филм | тест<br>оџак | плоштад | подароци<br>•Од обоените зборови треба да одберат три збора кои можат да ги поврзат со ликот на Дедо Мраз.<br>•Учениците внимателно следат изразно читање на песната „Нова година“.<br>НОВА, НОВА ГОДИНО<br>Нова, Нова годино,<br>ќе те молам, прости,<br>донеси го кај нас<br>Дедо Мраз на гости.<br><br>Нека дојде побргу<br>силно ќе го гушнам,<br>сакам една приказна<br>од него да слушнам.<br><br>Па нека се одмори<br>дури ветрот коси<br>и прашај го дали<br>подароци носи.<br><br>- Читаат строфа по строфа и определуваат од колку строфи и стихови е составена песната.<br>- Ги потцртуваат римуваните зборови.(прости - гости, гушнам-слушнам, коси-носи).<br>- Извлекуваат порака од песната<br>•Хорово читање на песната Игра „Расипан телефон“ – Наставникот кажува една реченица која треба да се пренеси со шепотење на уво, без да се промени .<br>Дедо Мраз –дојди и кај нас!</td>
<td>компјутер<br>преоктор<br>бела табла<br><br>работен лист<br><br>примерок од текст од песната<br><br>тетратка<br><br>боички</td>
<td>Усни одговори на прашања<br><br>Одредува строфа, стих,рима и порака од песна<br><br>Извлекува порака од содржината на песната.</td>
</tr>
</table>

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | •Учениците се поставуваат во круг. Наставникот ги запознава со правилата на играта „Каменот зборува“и започнува прв да кажува реченица за мајката. **Пр.** Мојата мајка е најубава.<br>•Потоа го подава топчето на ученик кој исто така треба да каже реченица за мајката, но да не ја повторува истата. Сите учениците треба да се обидат да кажат реченица, а каменот не треба да се врати кај исто дете.<br>•Учениците следат насоки за ецитирање на песните кои ги имаа за домашна работа.<br>•*Предлог активност*<br>Часот може да се искористи за да се одржи кратка приредба пред мајките и бабите.<br>•Пеење на песна за мајката- *меѓупредметна корелација со музичко образование.* | компјутер<br>преоктор<br>бела табла<br><br>примерок од текст од песната<br><br>тетратка<br><br>боички | Усни одговори на прашања<br><br>Одредува строфа, стих,рима и порака од песна<br><br>Извлекува порака од содржината на песната. |
| **Анализа на литературни текстови**<br>тема,<br>настан,<br>лик,<br>време, место | Извлекува порака од содржината на едноставна песна. | | •Учениците се наредени во круг. Еден ученик прв ја започнува играта кажувајќи еден збор кој го асоцира на годишното време - пролет.<br>**Пример:** птици, трева, Развигорец, топла, зелена, игра, цвеќе.... Продолжува друг ученик, а доколку не може да се сети на некој збор дава знак на следниот ученик кажувајќи „продолжи ти“ .<br>Учениците внимателно слушаат изразно читање на песна „ Мајски цвет“ од поетот Видое Подгорец.<br>•Се прави анализа на песна - од колку строфи(поетски слики) е е составена, колку стихови има секоја строфа,откривање на римувани збоорви ...<br>•На таблата се запишува краток план:<br>Песната има 3 поетски слики:<br>- Мирисот на мајскиот цвет.<br>- Цветот ѝ нуди мед на пчелката.<br>- Љубов меѓу пчелката и цветот.<br>•*Која порака може да ја извлечеме од песната?*<br><br>МАЈСКИ ЦВЕТ<br><br>Крај поточе мирис лее<br>еден мајски цвет,<br>а пчеличка брмчи, пее:<br>- Дај ми малку мед!<br><br>Цветот личен ѕвони, ѕвони,<br>Радосен е тој.<br>- Збери, збери, мила пчелке<br>ти од сокот мој!<br><br>Таква љубов каде има,<br>кај на овој свет?<br>Меѓу мала вредна пчела<br>и мајскиот цвет.<br><br>Видое Подгорец | компјутер<br>преоктор<br>бела табла<br><br>тетратка<br><br>печатен текст на песна за секој ученик | Усни одговори на прашања<br><br>Одредување строфа, стих,рима и порака од песна<br><br>Извлекува порака од содржината на песната. |
| | | | •Учениците извлекуваат картички со зборови(именки). Го читаат зборот и се искажуваат дали тој означува: суштетво, предмет, природна појава, нешто што чувствуваме или доживуваме: | компјутер<br>преоктор<br>бела табла | Усни одговори на прашања |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **срце, злоба, гнев, завист, радост, смеа, правда, тага, другарство, живот, убавина, слога, мир, игра ...**<br>•Изведување заклучоци - зборовите означуваат поими кои се поврзани со нешто што чувствуваме и доживуваме.<br>Во нацртана Т табела на табла се лепат картичките со зборови кои учениците сметаат дека се позитивни и пријатни односно негативни и непријатни.<br>**позитивни и пријатни**: срце, радост, смеа, правда, другарство, живот, убавина, слога, мир, игра ... / **негативни и непријатни**: злоба, гнев, завист, тага,<br>•Учениците внимателно слушаат изразно читање на песна, „ Во срцето“ (стр.143). Ја анализираат број на строфи, стихови, римувани зборови. Се насочуваат да ја откријат пораката.<br>• Што треба да му подариме на другарството?<br>Учениците се искажуваат за чувствата , за радоста и тагата ,за добрината и злобата<br>- Јас се чувствувам добро кога....<br>- Чувствувам радост кога...<br>- Тажен сум кога... | картички со именки<br><br>селотејп<br><br>учебник стр.143<br><br>тетратка | Одредување строфа, стих,рима и порака од песна<br><br>Извлекува порака од содржината на песната. |
| **Усно и писмено изразување и творење** | Прераскажува литературен текст со свои зборови. | 4 | •Се избираат три ученици кои ќе ја прочитаат басната**„Волк и јагне**“ по улоги - раскажувач, волк и јагне. Се поведува разговор за содржината на басната и особините на ликовите.<br>•Учениците по дадени насоки ја прараскажуваат басната со свои зборови. Наставникот укажува како учениците да прераскажуваат (со примена на минато неопределно време - сретнале, побарал... без употреба на терминологија).<br>•Драматизација на басната во парови. Учениците сами избираат која улога сакат да ја играат. Користат реченици кои сами ги искажуваат, а соодветствуваат со содржината на басната. | компјутер<br>преоктор<br>бела табла<br>маркер<br><br>тетратка<br>работен лист<br>изработени маски-волк, јагне | Усни одговори на прашања<br><br>Прераскажува басна со свои зборови<br><br>Учество во групни активности |
| | | | •Секој ученик го чита делот од бајката **„Грдото пајче**“за кој се подготвуваше и го прераскажува самостојно или со насочени прашања од наставник.<br>•Како насока за прераскажување се користи план од работниот лист.<br>1. Се раѓа грдото пајче.<br>2. Пајчето меѓу дивите гуски. | компјутер<br>преоктор<br>бела табла<br>маркер<br><br>презентација | Одговара на прашања за содржината на бајката во врска со |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 3. Пајчето доаѓа кај бабата,мачорот и кокошката.<br>4. Пајчето ги запознава дивите лебеди.<br>5. Тешка зима за пајчето.<br>6. Најубавиот лебед меѓу лебедите. | изработена од наставник.<br>работен лист за лектира боички | ликовите<br><br>Прераскажува бајка со свои зборови |
| | Прераскажува литературен текст со свои зборови. | | •Учениците погодуваат кој збор се крие во дополувалките<br>Под бел јорган шума спие,<br>волкот гладен силно вие,<br>насекаде снегче има,<br>пак ни дојде баба....(ЗИМА)<br>На главата лонец<br>а од морков - нос<br>ќумурчиња очи,<br>место раце метла,<br>искубана, ветва.<br>Тој е голем мешко<br>име му е ...(СНЕШКО)<br>Учениците внимателно ја слушаат содржината на текстот **„Првиот снег“** и одговараат на поставени прашања:<br>Учениците го читаат текстот и со помош на план од расказни реченици го прераскажуваат текстот со свои зборови.<br>ПРВИОТ СНЕГ<br>Падна првиот снег. На полјанката истрчаа деца.<br>– Ајде да направиме Снешко! – викна едно дете.<br>Сите се согласија и направија убав Снешко. На главата му ставија едно старо тенџере. Наместо очи му наместија две копчиња. Наместо нос му ставија еден подолг морков. Во раката му ставија и една стара метла. Така лесно ќе се брани од крадци на носеви.<br>Радоста и игрите не престануваа.<br>По неколку дена снегот се стопи. Го снема и Снешко. На местото каде што стоеше останаа само старото тенџере, морковот, метлата и една бара.<br>**1. Падна првиот снег.**<br>**2. Децата на полјанката прават Снешко.**<br>**3. Снешко се стопи.** | компјутер<br>преоктор<br>бела табла<br><br>книга со гатанки и дополнувалки „Палавото зајче“од Н. Џамбазов<br><br>Работен лист<br>тетратка | Усни одговори на прашања<br><br>Одговара на прашања за содржината на расказот<br><br>Прераскажува текст со свои зборови |
| **Усно и писмено изразување и творење** | | | Учениците прераскажуваат прочитан текст користејќи свои зборови. | тетратка | Прераскажува текст со свои зборови |
| | Раскажува настани од секојдневниот живот кои се слични на оние во литературниот текст. | 4 | •Учениците внимателно ја слушаат песната **„Прво пишување“**-стр.10 и одговараат на прашаза за содржината.<br>• За кое дете се пее во песната? (Мише)<br>• Кое одделение е Мише? (второ)<br>• Како му одело пишувањето на Мише? (пишувал и бришел)<br>• Колку страници скинал од тетратката? (три)...<br>•Учениците добиваат задача да се замислат во улогата на Мише како второоделнци и да раскажат дали и тие кога пишуваат се однесуваат како него. Што треба да направат за да не грешат во пишувањето?<br>•Пишуваат краток интересен настан со надоврзување на зборови и составување на реченици. | компјутер<br>преоктор<br>бела табла<br>маркер<br><br>учебник стр.10<br><br>тетратка | Усни одговори на прашања<br><br>Раскажува реални настани по аналагија на познат литеатурен текст<br>Учество во изведување заклучоци |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Усно и писмено изразување и творење** | Раскажува настани од секојдневниот живот кои се слични на оние во литературниот текст. | | •Учениците го читаат текстот **„Првиот снег“** од работниот лист и одговараат на поставени прашања. <br>•Се искажуваат по истакната слика .<br>• Кое годишно време е претставено на сликата?<br>• Кои игри ги играат децата на снегот?<br>• Што мислиш, како се чувствуваат ?<br>•Учениците усно раскажуваат случки и настани слични како на сликата и текстот „Првиот снег“.<br>•Секој ученик индивидуално раскажува во работен лист настан или интересна случка при заедничка игра на снег. Ги читаат своите раскажувања.<br>•Учествуваат во изведување заклучоци што е слично, а што различно во нивните раскази на истата тема. | компјутер<br>преоктор<br>бела табла<br>маркер<br><br>работен лист<br>боички<br>тетратка | Усни одговори на прашања<br><br>Раскажува реални настани по аналагија на познат литеатурен текст<br><br>Учество во изведување заклучоци |
| | | | *Активност која се реализира пред или по 1 мај(или пролетен/есенски излет организиран од училиштето)*<br>•Учениците внимателно слушаат изразно читање на текст„ **Се срамам од славејчето“**и одговараат на прашања за содржината.<br>•Учениците се насочуват да се искажат како се однесуваат кога одат на излет со своите родители или организирани од училиште.<br>• Што најчесто носите за јадење кога одите на излет?<br>• Каде ги фрлаат отпадоците од храната?<br>• Дали среќаваат отпадоци на излетничките места?<br>• Кој е одговорен за загадување на природата- животните или луѓето?<br>•Учениците писмено се искажуваат за некој настан или случка за време на излет.<br>•Изведување на заклучок како треба да се однеуваме сите не само на излетнички места туку вооопшто во нашата животна средина.<br><br>Се срамам од славејчето<br>Сања и Љупчо тргнаа на излет во природа. По напорното патување седнаа на тревата да се одморат, да поткаснат. Блиску до нив запеа славејче.<br>По појадокот Сања ги завитка во весник лушпите од јајцата и празните конзерви и ги стави во својата торба.<br>- Зошто со себе го носиш сметот?- ја праша Љупчо, - фрли го ѓубрето во блиските грмушки, сами сме. Никој нема да не види.<br>- Се срамам од славејчето, - тивко одговори Сања. - А можат да не видат и другите шумски животни: верверичката, зајакот лисицата... | компјутер<br>преоктор<br>бела табла<br>маркер<br><br>примерок од текст за секој ученик<br><br>тетратка | Усни одговори на прашања<br><br>Усно раскажува настан од сопствено доживување<br><br>Писмено раскажува сопствено доживување<br><br>Учество во изведување заклучоци |
| | | | •Учениците преку брзозборка се запознаваат со поимот роса/росица<br>• **Роса- роса росица, до појас косица.**<br>Секој ученик се обидува да ја каже трипати брзозоборката најбрзо | компјутер<br>преоктор | Усни одговори на прашања |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | што може.<br>•Учениците следат изразно читање на текстот„ Росица“ стр.131. Усно раскажуваат за средбата на Елена и цвеќенцето.<br>•Индивидуална работа во работен лист со насока:<br>-Обиди се да го прочиташ текстот „Росица“ како тебе да ти се случило тоа.Пример:<br>*Едно утро влегов во градината на дедо ми.*<br>*– Еј, колку убави цвеќиња! – извикав..*<br>•Учениците ги пополнуваат испуштените букви и зборови со цел да добијат писимено раскажување на текстот, но како нивно лично доживување.(раскажување во први лице)<br>•Учениците усно го раскажуваат текстот и се искажуваат дали им е полесно да раскажуваат за доживувањето на Елена или кога раскажуваа во прво лице- за себе . | бела табла<br>маркер<br><br>учебник стр. 131<br><br>работен лист | Писмено раскажува сопствено доживување<br><br>Учество во изведување заклучоци |
| **Усно и писмено изразување и творење** | Раскажува на зададена тема или на тема по сопствен избор. | 3 | •На таблата запишана е темата за часот- „**Патувам со санката на Дедо Мраз“.** Учениците добиваат насоки да се стават во улога на еленчето на Дедо Мраз.<br>• Заедно со него патуваат низ светот;<br>• Се спуштаат на покривите од куќите;<br>• Дедо Мраз преку оџакот влегува во домовите;<br>• Под елките ги остава подароците за децата;<br>• Средба со децата и сл.<br>•Учениците усно раскажуваат како да се наоѓаат во улога на еленчето.<br>•Секој ученик добива еден хартиен лампион и во него треба да ја напише својата новогодишна желба која ќе ја испрати по еленчето на Дедо Мраз. Секое дете го лепи лампионот на хамер со нацртана елка  | компјутер<br>преоктор<br>бела табла<br>маркер<br><br>тетратка<br><br>хартиен лампион<br>боички | Усни одговори на прашања<br><br>Усно и писмено раскажува на зададена тема<br><br>Учество во изведување заклучоци |
| | | | •Учениците внимателно слушаат изразно читање на краток текст со затворени очи. Треба да замислуваат се што ќе слушнат при читањето.<br>•Одговараат на прашања поврзани со текстот:  Тукушто се појави Сонцето, илјада капки роса засветкаа како ситни зрна бисер.<br>Една птица се вивна в небо и со својата песна ја прекина утринската тишина.<br>Тивко нечујно ветре го лулее полето.<br>Под ладовина е стариот пејач - штурчо. Тој на својата виолина ќе ја засвири најчудесната песна.<br>Над полето летаат светулки. Звуците на штурчовата виолина се вткајуваат во ноќната тишина.<br>*Евгенија Шуплинова* | учебник<br><br>тетратка | Одговара на прашања поврзани со содржината на текстот со целосна реченица |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Усно и писмено изразување и творење** | Раскажува на зададена тема или на тема по сопствен избор. | | • Каде замисливте дека се наоѓате во моментот додека се читаше текстот?<br>• Што ви се допадна таму?<br>• Каква песна свири штурецот на својата виолина?<br>• Како започнува, а како завршува овој летен ден?<br>•Учениците се насочуваат да раскажат настан, случка на тема лето, по сопствена замисла. Може да употребуваат лични имиња, а може да биде нешто по примерот на текстот кој го слушаа. | | Усно раскажува на тема лето по дадени насоки |
| | | | •Наставникот запишува повеќе зборови на таблата(теми),а учениците прават избор за што би сакале да раскажуваат:<br>• Моето милениче<br>• Роденденска забава<br>• На гости кај...<br>• Мојот омилен подарок...<br>• Што ме прави среќен/среќна, тажен/тажна...<br>• Игра со другарчињата...<br>•Учениците прво усно, а потоа и писмено се искажуваат по дадената тема. | тетратка | Усно и писмено раскажува на тема по сопствен избор |
| | Креира нов почеток или поинаков крај на прочитан литературен текст. | 2 | •Наставникот чита реченици од драмскиот текст**„Чорапите на Медо“**. Учениците треба да откријат кој лик го кажал тоа:<br>• Добар ден Волчко! Како си? Што си се згрчил така? (Лиска)<br>• Јас Лиске, не се разбирам во бои? (Волчко)<br>• Не знам, појдете во селото. Таа живее во крајната куќа. Што ќе се случи дојдете да ми раскажите...(Медо)<br>•Учениците добиваат насоки да создадат нов крај на текстот. Усно ги споделуваат своите размислувања. На таблата се запишуваат реченици кои се предлози од учениците и ќе им помагаат при раскажувањето.<br>✓ **Лиска и Волчко во селото.**<br>✓ **Разговор со Кокошката Плетачка.**<br>✓ **Чорапи за Волчко и Лиска.**<br>✓ **Искажување благодарност до кокошката и Медо.**<br>•Учениците запишуваат реченици со кои би го измениле крајот на | компјутер<br>преоктор<br>бела табла<br>маркер<br><br>тетратка<br><br>примерок од дрмаски текст за секој ученик | Усни одговори на прашања<br><br>Раскажува текст со измена на крајот<br><br>Учество во изведување заклучоци |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | текстот.<br>•Читање и анализа на речениците и изведување заклучоци –дали повеќе ви се допаѓа драмскиот текст со новиот крај или во првиботната варијанта? Зошто? | | |
| **Усно и писмено изразување и творење** | Креира нов почеток или поинаков крај на прочитан литературен текст. | | •Учениците се наредени во круг. Наставникот кажува еден збор, а учениците треба да искажат реченица за тој збор, но притоа да стават име на свое другарче во самата реченица.<br>Пр. **другар**- Мојот другар се вика ....<br>**игра** – Јас играм со....<br>**натпревар** – На натпреварот играв заедно со...<br>**парк**- Отидов во паркот со...<br>•Учениците слушаат внимателно изразно читање на текст (предлог текст од Вежбанка за второ одделение од АРС Ламина „Магијата на другарството“ ).<br>•Учениците го читаат текстот по делови. Се насочуваат да размислуваат како би го продолжиле текстот.<br>*„Ова нема да биде убав ден“, рече натажено Ена и тргна на училиште. Поминаа неколку дена, а Ана не дојде на училиште...*<br>•Секој ученик запишува и чита 2-3 реченици со кои го продолжува текстот и креира поинаков крај.<br>•Учениците се искажуваат за другарството преку исказите запишани на таблата:<br>✓ За мене другарство е....<br>✓ Не ми се допаѓа кога мојот другар/ другарка...<br>✓ Сакам да играм со...., затоа што... | компјутер<br>преоктор<br>бела табла<br>маркер<br><br>примерок од текст<br>„Магијата на другарството“<br><br>тетратка | Одговара на прашања поврзани со содржината на текстот<br><br>Составува поинаков крај на прочитан текст<br><br>Учество во изведување заклучоци |
| | Раскажува по серија слики или илустрации. | 3 | •*Активност по пресрет на 8 Септември - Ден на независноста на Македонија*<br>•Учениците ја слушаат и хорово ја исполнуваат химната на Македонија<br>•Преку презентација учениците следат фотографии од природни убавини и познати туристички места во Македонија - Охридско Езеро, Крушево, Скопје, Битола, Маврово ..Се искажуваат дали ги посетиле, што им се допаднало и сл.<br>•Добиваат работен лист со серија на слики каде се претставени природни убавини–планини, езера, реки, град, знаме на Македонија | компјутер<br>преоктор<br>бела табла<br>маркер<br><br>презентација со фотографии од нашата земја | Усни одговори на прашања<br><br>Усно раскажува по серија слики или илустрации. |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | во вид на боенки. Се искажуваат по сликите што гледаат и составуваат кратки реченици по насочени прашања за убавините на нашата татковина.<br>•Обојуваат слики по свој избор и усно раскажуваат краток расказ .<br>. | работен лист со слики во вид на боенка<br>боички | Писмено раскажува по серија слики или илустрации |
| **Усно и писмено изразување и творење** | Раскажува по серија слики или илустрации. | | •Учениците погодуваат гатанки за мечка и мече.<br>Најсилен е звер<br>во шумите наши<br>ни од волкот страшен<br>таа не се плаши<br>мед и круши сака<br>ко локум ги лапа.<br>Се што мама ќе му даде,<br>тоа слатко си го јаде,<br>костени,па мед и круши,<br>со стомачето се до уши...<br>Кога ветрот фучи,вие,<br>в пештера со мама спие.<br>•Преку презентација се запознаваат со содржината на приказна по слики„ Медо и зајаците“. (учебник стр. 21 и 22).<br>Наставникот ги насочува учениците да си изберат една слика од приказната. Потоа формира група на ученици кои ќе ја раскажуваат приказната по слики.<br>1. Средба на Медо со зајачињата.<br>2. Патување до шумата.<br>3. Медо бара мед во шупливо дрво.<br>4. Пчелите го бркаат Медо.<br>5. Исплашените животни бегаат.<br>•По секоја раскажана слика се запишува кратка реченица на таблата. | компјутер<br>преоктор<br>бела табла<br>маркер<br><br>презентација<br><br>учебник стр.21 и 22<br><br>тетратка | Усни одговори на прашања<br><br>Усно раскажува по серија слики или илустрации.<br><br>Писмено раскажува по серија слики |
| | | | Учениците извлекуваат по една картичка со слика (Предлог картички со слики - Составувај приказни со Дина и Додо од АРС Ламина). Секој ученик ја покажува сликата и се формираат групи според темата која е прикажана.<br><br>• Активности на плажа<br>• Прошетка во парк, шума<br>• Игра во двор и сл.<br>• Грижа за градината и сл.<br>Учениците во група ги подредуваат сликите според хронолошки ред на настаните и заедно ја составуват приказната од својата група.<br>Секој ученик од групата писмено раскажува со неколку реченици што гледа на својата слика.<br>Презентација - Секоја група ги лепи сликичките по редослед и секој ученик од групата раскажува усно или им го чита писменото раскажување на другите групи.<br>Се прави анализа на сите приказни по слики и се изведува заклучок | сет картички со слика (Предлог картички со слики - Составувај приказни со Дина и Додо од АРС Ламина)<br><br>А4 лист<br><br>селотејп | Усни одговори на прашања<br><br>Усно раскажува по серија слики<br><br>Писмено раскажува случка по дадена илустрација<br><br>Активно учество во работа во група |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | дека секоја слика содржи некоја случка. Но, со правилно подредување на сликите по редослед се добива целосна приказна. | | Учество во изведување заклучоци |
| **Усно и писмено изразување и творење** | Раскажува по серија слики или илустрации.<br><br>Креира нов почеток или поинаков крај на прочитан литературен текст. | 2 | •Учениците се насочуваат да се искажат со една-две реченици што е претставено на истакнатата слика. <br>**Пр. Децата играат со коцки во својата соба.**<br>•Наставникот поведува дискусија по сликата :<br>-Ако мајката побара децата да ги стават играчките на свое место, а тие не ја послушаат какви се тие деца:<br>**послушни непослушни вредни мрзливи**<br>•Се воведат во приказна по слики за **„Непослушното пајче“** - стр.45<br>•Под секоја слика има реченица која се чита, но и се поттикнуваат учениците да дополнуваат со раскажување со свои зборови Учениците се насочуваат во парови да размислуваат за крајот на приказната и да ја доврشат. Крајот на приказната со две-три реченици го запишуваат во својата тетратка.<br>•Извлекуваат заклучок за последниците кои можат да ни се случат ако не ги слушаме своите родители. | компјутер<br>преоктор<br>бела табла<br>маркер<br><br>учебник стр.45<br><br>тетратка | Усни одговори на прашања<br><br>Усно раскажува по серија слики или илустрации.<br><br>Креира нов крај на приказната по слики<br><br>Учество во изведување заклучоци |
| | | | •Два ученика застануваат еден спроти друг пред таблата каде на подот е нацртана тесна патека 10-15 cm. Патеката претставува замислем мост над река. Учениците треба да се разминат и да преминат на другиот крај без да паднат во водата. Симулираат преминување преку мост и се даваат предлози дали може да поминат двата истовремено.<br>• Како може да го решите овој проблем?<br>•Учениците се искажуваат за приказна во слики **„ Два јарци“** од учебник стр. 74. Воочуваат дека јарците се наоѓаат во слична ситуација. Раскажуваат што гледаат на секоја слика.<br>•Извлекује заклучок дека инаетот на јарците ги довел во ситуација двата да паднат во потокот.<br>•Учениците предалагаат идеи како би можела приказната да има друг крај и двата јарци да поминат без да паднат во потокот. | компјутер<br>преоктор<br>бела табла<br><br>креда<br><br>учебник стр.74<br><br>тетратка | Усни одговори на прашања<br><br>Раскажува по серија слики со целосни реченици<br><br>Креира нов крај на приказната |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Се раскажува приказната по слики со новиот крај и прават споредба која верзија од приказната им е подобра и зошто. | | |
| Оценување на наученото | | 1 | Активности з апроверка на совладаноста на стандардите од Тема 3 Литература, изразување и творење- | Работен лист | Одговори во работен лист |

resursi.literatura.mk

ПЛАНИРАЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ЗА ВТОРО ОДДЕЛЕНИЕ

| | |
|---|---|
| **Предмет : МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК** | **ВТОРО ОДДЕЛЕНИЕ** |
| **Наставно подрачје : МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ И МЕДИУМСКА КУЛТУРА** | Време на реализација 15 часа |
| **Изготвиле:** Наташа Тодоровска | Од ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| **Адаптирале:** | |

**<u>РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ</u>**

**<u>Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:</u>**

- ✓ разликува и наведува различни видови медиуми
- ✓ ги разбира медиумските пораки и прави разлика меѓу известување, рекламирање и давање упатства
- ✓ идентификува и толкува информации и пораки во текстуални, сликовни и дигитални медиумски содржини за известување, за давање упатство и за рекламирање;
- ✓ креира куси медиумски пораки за известување, за давање упатство и за рекламирање.

| Содржини и (поими) | стандарди за оценување | час | активности | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
|  | | | **Предог - часови за реализација на подрачјето**<br>Прирачник за наставници за II одделение https://shorturl.at/6X7QO<br>**Македонски институт за медиуми,**<br>**Биро за развој на образованието** | | |
| **Видови медиуми** (печатени медиуми, визуелни медиуми, интернет-медиуми) | Ги наведува изворите на медиумски пораки и содржини (списание, радио, телевизија, билборд, плакат, леток, интернет-медиуми, мобилен телефон). | 1 | •Учениците преку дискусија се воведуваат во поимот-медиумски пораки.<br>• Како дознавате за некој настан, некоја вест или за некоја информација што ве интересира? Пр.<br>- Натпревар на македонската фудбалска репрезентација.<br>- Во колку часот почнува наставата на први септември во нашето училиште?<br>- Кога има нова претстава за деца?<br>•Изведување заклучок - *информациите и содржините се пренесуваат до публиката преку симболи, слики, текстови,* | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>звучници<br><br>презентација подготвена од наставник | Усни одговори на прашања<br><br>Ги наведува изворите на медиумски пораки и содржини<br><br>Знае во кој медиум може да се пронајде |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Видови медиуми** (печатени медиуми, визуелни медиуми, интернет-медиуми) | Ги наведува изворите на медиумски пораки и содржини (списание, радио, ТВ, билборд, плакат, леток, интернет – медиуми, мобилен телефон) | | *звук, музика и се нарекуваат медиумски пораки.*<br>•Учениците се запознаваат со печатени, визуелни и интернет-медиуми - списание, радио, телевизија, интернет-медиуми, билборд, плакат, леток.<br>*Медиумските пораки преку медиумите пренесуваат содржини преку текст, фотографија, слики, звук, видео и други визуелни содржини. Сите тие претставуваат извори на информации.*<br>• Што претставува порака?- Сè е порака<br>•Активности во група – Определете во кој медиум може да се најдат дадените содржини:<br>- приказни-книги, сликовници, филмови како екранизирани верзии(се гледаат, се читаат или да се слушаат на интернет);<br>- музика(се слуша на радио, интернет, мобилен телефон);<br>- реклами - во весник, на телевизија, на излозите од продавниците). | радио<br>различни детски списанија<br>летоци<br>постери<br>мобилен телефон | определена содржина соодветна на неговата возраст<br>Активно учество во работа во група<br>Учество во изведување заклучоци |
| | | 1 | •Наставникот им чита текст на учениците, а потоа низ прашања ја анализираат содржината и се открива значењето на книгите и важноста истите да се читаат и чуваат.<br><br>БИБЛИОТЕКА<br>- Прочитав една многу убава книга! - се пофали Натка на Никола.<br>- А каде ја најде? - праша Никола.<br>- Ја позајмив од библиотеката. Таму има многу такви книги. Секогаш можеш да земеш книга и откако ќе ја прочиташ треба да ја вратиш. Само, знаеш, книгите треба да се чуваат, зашто и други треба да ги читаат.<br>- Оваа книга што јас ја читав беше малку оштетена. Некој и пишувал на неа. Тоа не е добро.<br>- Книгите се наши верни другари. Кон нив треба со почит да се однесуваме. Тоа го рече Натка и побрза кон библиотеката да ја врати позајмената книга.<br>•Учениците се искажуваат за илустрации и содржината што можат да ја откријат на плакат(пр. за месец на книгата )<br>- време на реализација на активности во библиотеката за месецот на книгата<br>-повик за учество на литературен конкурс и сл.<br>•На интернет, по пребарување на клучни зборови се пронаоѓаат и разгледуваат различни видови на плакати.<br>Учениците во парови/ мали групидобиваат задача да изработат постер-плакат за книгата со цел да се одбележи месецот на книгата со кратка приредба пред ученици од други одделенија.<br>**Стихови за книгата**<br>**Второ одделение сала за приредби 15.11..2022**<br>•Презентирање на постерите пред сите ученици и дискусија | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>плакати од разни настани<br>мал хамер<br>лепило<br>ножици<br>блок број 5<br>боички | Усни одговори на прашања<br>Активно учествува во разговор и дискутира за изглед на плакат<br>Активно учествува во работа во група при изработка на плакат<br>Учество во изведување заклучоци |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | од групите – кои илустрации ги ставиле и што е пораката од нивниот постер. (*плакатите можат да се довршат и во времето за други активности*) | слики од списанија | |
| **Видови медиумски пораки** (известување, упатство, реклама) | Прави разлика меѓу медиумските пораки за известување, за давање упатство и за реклама. | 1 | •Учениците дискутираат за фотографија која би можела да биде споделена на некој медиум и на која треба да воочат сличности и разлики.<br>• По што се слични, а по што мислите дека се разликуваат децата на фотографијата?<br>• Каква порака испраќа до вас оваа фотографија?<br>https://www.youtube.com/watch?v=7sGppEeUwmc<br>•Преку музичката изведба воочуваат дека пораката од песната можат да ја разберат и без да го знаат јазикот на кој се изведува, затоа што визуелниот приказ пренесува јасна порака.(другарување со деца со ПОП)<br>•Наставникот ги запознава учениците дека 3 Декември е светски ден на лицата со посебни потреби и во целиот свет се организираат различни настани на кои се укажува дека сите сме различни, а сепак исти.<br>•Разгледуваат известувања за одржување на настан во училиштето или во општината.<br>•.Се проследува рекламата за настанот-каде и како ќе се одржува, кој го организира.Се води дискусија и се изведуваат заклучоци како треба да се однесуваат за време на настанот.<br>•Учениците во парови ги цртаат своите дланки, едното дете десната ,а другото левата дланка, да бидат споени. Ги сечат, го запишуваат името на другарчето во дланката и симбол со кој искажуваат почит кон него или колку го познаваат. Пр. топка ако игра некој спорт. | компјутер<br>проектор<br>фотографија<br>звучници<br><br>блок број 3<br><br>ножици<br><br>боици | Усни одговори на прашања<br><br>Прави разлика меѓу медиумските пораки за известу-вање, за давање упатство и за реклама<br><br>Активно учество во работа во пар<br><br>Учество во изведување заклучоци |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Видови медиумски пораки** (известување, упатство, реклама) | Прави разлика меѓу медиумските пораки за известување, за давање упатство и за реклама.<br><br>Извлекува важна информација од различни видови медиумски пораки. | 2 | •*Претходна подготовка на наставникот* - Подготвува презентација за три видови медиумски пораки – известување за одржување на настан, рекламирање на настан и упатство за однесување за време на настанот.<br>Настанот ќе биде -*Првоаприлски маскембал*<br><br><br>Се анализираат сите пораки и кои информации можат да се добијат од нив.<br>•Учениците во групи добиваат пример од сите 3 вида на медиумски пораки, треба ги извлекуваат важните информации од секоја порака. и врз основа на нив ги категоризираат пораките според видот. Во дискусија се откриваат разликите во содржината на пораките што го определуваат видот на поракaта.<br>•Во работен лист го лепат медиумските пораки на соодветно место.<br><br>Пријавете се за ЕКО Првоаприлски маскембал кој ќе се одржи на 1 април со почеток во 10 часот во просторијата за приредби во нашето училиште.<br><br>ЕКО Првоаприлски маскембал<br>1 Април во 10 часот<br>Просторија за приредби во училиштето<br><br>Секој заинтересиран за учество на ЕКО Првоаприлски маскембал треба да се пријави во библиотеката на училиштето најдоцна до 30 март до 12 часот.<br>Учесниците задолжително треба да носат маска изработена од материјал за рециклирање.<br>Секој учесник за своето учество ќе добие благодарница и фотографија.<br><br>*Предлог активности - (Вежбанка за македонски јазик за второ одделение стр. 75- Арс Ламина)* | презентација изработена од наставник<br><br>примерок од три вида медиумски пораки за работа во група<br><br>работен лист<br><br>лепило<br>тетратка за почетно пишување | Усни одговори на прашања<br><br>Прави разлика меѓу медиумска порака за известување, давање упатство и реклама.<br><br>Може да извлече важна информација од известување, реклама и упатство<br><br>Учество во изведување заклучоци |
| | | | •Дискусија по прашања како да се прави разлика помеѓу медиумските пораки<br>• *Каде може да се прочита како се користи машина за миење садови?*<br>• *Каде може да се информираме кога и каде ќе се одржи некој концерт/кино/детска престава/натпревар?*<br>• *На кој начин родителите се информираат за родителски состанок?*<br>• *Зошто се рекламираат детските играчки?*<br>Изведување заклучок – | Пано<br><br>картички со ознаки<br>-известување<br>-упатство<br>-реклами | Усни одговори на прашања<br><br>Прави разлика меѓу медиумска порака за известување, давање упатство и реклама.<br><br>Може да извлече |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Прави разлика меѓу медиумските пораки за известување, за давање упатство и за реклама.<br><br>Извлекува важна информација од различни видови медиумски пораки. | | • **Известување** - кога сакаме да дознаеме информација за некој настан што треба да се случи;<br>• **Упатство** - кога треба да употребиме некаков производ за првпат;<br>• **Реклами**- содржини чија цел е да нè информираат и да нè убедат дека некој производ е добар или корисен.<br>Наставникот има подготвено пано за пораки поделено на три дела:<br>• медиумски пораки за известување,<br>• пораки за давање упатство<br>• пораки – реклами.<br>•Учениците поделени во групи добиваат примери на куси медиумски пораки(*опис на активноста во прирачник за медиумска писменост за 2 одд-стр.13-17*)<br>•Заеднички заклучуваат кои се карактеристиките на медиумските пораки за известување, за давање упатство и за реклама. | картички со куси медиумски пораки | важна информација од известување, реклама и упатство<br><br>Учество во изведување заклучоци |
| **Толкување и користење медиумски содржини** | Идентификува клучна порака во текстуални медиумски содржини напишани со букви со различна големина/дебелина и/или во различни бои. | 1 | *Активност во пресрет на 3 Декември – Ден на лизцата со ПОП*<br>•Наставникот покажува плакат, слајд или во моментот на word документ го запишува зборот декември на различни начини, а учениците имаат можност тоа да го гледаат преку проектор.<br>Пр. **декември** **декември** ***декември***, ДЕКЕМВРИ и сл.<br>Учениците се искажуваат на кој начин зборот декември им е најубаво запишан.<br>• Што ти се допаѓа во овој овој запис на декември?<br>• Зошто го избра тој збор? **декември**<br>• Што ти привлече најголемо внимание - големината на буквите, формата на буквите или бојата со која се напишани буквите? | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>звучници<br><br>плакат<br><br>исечени задебелени зборови<br><br>хамер<br><br>лепило<br><br>боици | Усни одговори на прашања<br><br>Активно учество во работа вогрупа<br><br>Идентификува клучна порака во текстуална содр-жина напишана со букви со различна големина, дебелина ,боја |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Толкување и користење медиумски содржини** | | | • Учениците во групи добиваат исечени задебелени зборови, треба да ги обојат по свој избор и да се обидат да состават реченица во која се крие одредена порака.<br>Пораката ја лепат на хамер и може да илустрираат заеднички цртеж на хамерот кој се однесува на пораката.<br>• Сите под исто сонце растеме.<br>• Подари љубов и насмевка....<br>• Презентирање и изведување заклучоци - големината, дебелината и бојата на буквите придонесуваат за испраќање на клучната порака.<br>*(Во времето за други активности може да се истакнат изработките за 3 Декември на училишно пано и да се одбележи вонраставата активност)* | | |
| | Идентификува клучна порака во текстуални медиумски содржини напишани со букви со различна големина/дебелина и/или во различни бои.<br><br>Идентификува клучна порака во медиумски содржини со илустрации според големината, позицијата и бојата на прикажаните објекти. | 2 | • Преку проектор се покажува постер од ликови од познати светски бајки. <br>• Учениците се искажуваат од кои бајки се ликовите, кои им се омилени бајки што ги имаат гледано на телевизија, компјутер (youtube), Netflix или на кино.<br>•Учениците се поделени во групи . Добиваат насока да разгледаат и опишат илустрации, корици на сликовници книги или постери од интернет од познати бајки:<br>• 1група - „Снежана“<br>• 2група - „Црвенкапа “<br>• 3група - „Трнорушка“(Заспаната убавица)<br>• 4група - Аладин и сл.<br>       <br>Се искажуваат за информациите и пораките кои ги добиваат од текстуалните медиумски содржини | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>звучници<br><br>учебник<br>сликовници или книги со бајки „Снежана“, „Црвенкапа“, „Трнорушка“ „Аладин“<br><br>работен лист за секој ученик | Усни одговори на прашања<br><br>Идентификува клучна порака во текстуални медиумски содржини.<br><br>Идентификува клучна порака во медиумски содржини со илустрации<br><br>Одговори во работен лист |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Толкување и користење медиумски содржини** | Идентификува клучна порака во текстуални медиумски содржини напишани со букви со различна големина/дебелина и/или во различни бои.<br><br>Идентификува клучна порака во медиумски содржини со илустрации според големината, позицијата и бојата на прикажаните објекти. | | **А)** Наслов на сказната<br>• Какво значење има насловот ? Дали ве привлекува насловот за да ја читате бајката?<br>• Каде се наоѓа насловот на постерот-горе, долу, средина и сл.)<br>• Со каква големина на букви е напишан насловот?<br>• Зошто другиот текст е напишан со мали букви, со друга боја ...?<br>Б) Илустрации на корица, слика, постер<br>• Која слика најмногу го привлекува вашето внимание?<br>• Што ви се допаѓа на сликата?<br>• Дали може преку илустрациите да ја откритe содржината или ликовите во бајката?<br>• Кој текст од постерите најмногу ви се допаѓа? Зошто?<br>•*Препорака го проследат долгометражниот анимиран филм „Снежана и седумте џуџиња“ од продукцијата на Walt Disney* - [https://www.youtube.com/watch?v=0kHOYavm7VY](https://www.youtube.com/watch?v=0kHOYavm7VY) | | |
| | | | •Неколку ученици од кутија влечат картичка на која е претставена слика или некој збор. Се искажуваат што има на картичката и ги лепат на таблата со цел да се добие поинтересн постер од зборови и слики.  <br>•Другите ученици добиваат насоки да размислат зошто некои зборови се напишани само со големи букви, а други со мали. Пр. ЗДРАВЈЕ- забава.<br>• Зошто се напишани со различна боја?<br>• Дали тоа има некакво значење за вас?<br>Учениците преку проектор набљудуваат постер и се искажуваат по дадени барања: <br>• Пронајди го насловот и прочитај го!<br>• Како го разбираш насловот?<br>• Дали сите зборови во насловот се напишани со иста боја?<br>• Дали сите реченици се напишани со иста големина? ..<br>Учениците во групи треба да изработат постер плакат<br>• Овошје и зеленук во исхраната | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>звучници<br><br><br><br>кутија<br>картички со слики<br><br>картички со зборови<br><br>слики од стари детски списанија, учебници, летоци, флаери, слики подготвени од наставник<br><br>ножици | Усни одговори на прашања<br><br>Открива клучна порака во текстуални медиумски содржини напишани со различна големина , дебелина и боја на буквите<br><br>Открива клучна порака во илустрации според големината, позицијата и бојата на објектите<br><br>Учество во |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | • Значењето на  водата за живиот свет<br>• Движење со велосипед<br>Секоја група пребарува содржини и слики од стари детски списанија, учебници, летоци, флаери, слики подготвени од наставник кои можат да ги користат и сл.Ги сечат и прават избор кои од нив ќе им бидат корисни при изработката на постерот. | лепило<br><br> | изведување заклучоци |
| **Толкување и користење медиумски содржини** | Го препознава значењето на дигиталните икони (емотикони, гифови и мимови) во мобилните и компјутерските апликации. | 1 | •Со видеопрезентација наставникот прикажува примери на дигитални икони (емотикони, гифови и мимови) што се користат во мобилните и во компјутерските апликации. Учениците го објаснуваат значењето на прикажаните дигитални икони и дискутираат каде и за што може да се користат.<br>• емотикони со знамиња на држави<br>• спортски елементи<br>• превозни средства<br>• емоции<br>• храна и сл.<br>• *Предлог идеи  за групни активности*<br>•Изработка на постер со помош на емотикони на различна тема*(прирачник стр.22*) или<br>Преку проектор наставникот со пребарување на клучни зборови покажува различни видови на емотикони и  гифови со новогодишна тематика, кои најчесто луѓето од цел свет си ги испраќаат за да ги честитаат новогодишните и божиќните празници. Учениците ја воочуваат разликата меѓу нив.<br>https://www.funimada.com/christmas-cards/<br> <br>•Во групи добиваат лист со разни емотикони, а учениците ги избираат оние кои најмногу им се допаѓаат. Ги сечат и | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>звучници<br><br>слики со емотикони<br><br>ножици<br><br>лепило<br><br>хамер<br><br>боици | Усни одговори на прашања<br><br>Го препознава значењето на дигитланите икони во мобилните и компјутерските апликации<br><br>Учество во групни активности<br><br>Учество во изведување заклучоци |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | изработуваат постер на групата со емотикони.<br>•Можат да ги видоизменат со додавање на детали по своја желба (пр. новогодишен елемент за да го наменат за празниците). Може да креираат и сосема нови емотикони.<br>•Изведување заклучоци – Која комуникација е најјасна? комуникација со емотикони или комуникација со зборови | | |
| **Креирање медиумски пораки и содржини** | Креира клучни зборови и изрази и бира соодветни илустрации и дигитални икони како основа за упатување медиумска порака. | 2 | •Учениците се насочуваат за внимателно слушање на песната„ Песна за мама“ и да запишуваат клучни зборови поврзани со мајката.<br>https://www.youtube.com/watch?v=t5FmrGVHNMw<br>Зборовите се запишуваат на табла и се искажуваат целосни реченици.<br><br><br>Пр. Мајката е сонце што топло не грее.<br>Учениците гледаат слика од билборд и се запознаваат со неговото значење<br>-*Средства за комуникација кои брзо и за подолг период пренесува одредена информација. Често ги гледаме секогаш кога излегуваме надвор,*<br>•Учениците добиваат задача да направат на лист од блок билборд за мајката - да има зборови или реченица која ке ја искажува важноста на мајката, но да не се однесува само на 8 Март-бидејќи пораката на билбордот треба да трае подолго време, а не да има значење само за 8 Март.<br>Учениците во групи можат да користат зборови и слики од стари списанија кои ги комбинираат за да направат билборд со медиумска порака за големината на мајката.<br>•Учениците го презентираат својот билборд, зошто ги ставиле тие зборови, реченица и илустрации и каде сметатат дека треба да се постави за да биде видлива нивната порака. | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>звучници<br><br>блок<br><br>боички<br><br>лепило<br><br>ножици<br><br>слики од списанија<br><br>исечоци од зборови од списанија | Усни одговори на прашања<br><br>Креира клучни зборови и изрази и бира соодветни илустрации и дигитални икони како основа за упатување медиумска порака.<br><br>Учество во изведување заклучоци |
| | | | •Учениците во групи извлекуваат ливче на кои е напишана по една предност од живеењето на село (чист воздух, домашна храна, близина до природата, близина до домашните животни, слободен простор за играње).<br>•Имаат задача да направат медиумска содржина со користење илустрации, текстови, изјави од жители од села и | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>звучници | Усни одговори на прашања<br><br>Креира клучни зборови и изрази и бира соодветни |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Креирање медиумски пораки и содржини** | Креира клучни зборови и изрази и бира соодветни илустрации и дигитални икони како основа за упатување медиумска порака. | | сл., со што ќе привлечат повеќе луѓе во селата да размислуваат како предноста може да ја претставaт пред други за да привлечат повеќе луѓе да ги посетуваат селата или да живеат на село.<br>•Работа во групи – реклама за „предноста“ за живеењето на село. Смислуваат: клучни зборови или изрази за креирање рекламна порака за „предноста“ (на пр. „Вкуси ја здравата храна!“, „Игри без граници!“, „Чистиот воздух е само тука – на село!“ итн.).<br>•Учениците преку цртеж, слика, исечени фотографии, дигитални икони и смислена порака го подготвуваат рекламниот постер.<br>•Изведување заклучоци - клучните зборови и илустрациите се основа за привлекување нечие внимание и упатување некаква порака | ливчиња со предности за живеење на село<br>лепило<br>ножици<br>слики од списанија<br>исечоци од зборови од списанија | илустрации и дигитални икони како основа за упатување медиумска порака.<br>Активно учество во работа во група<br>Учество во изведување заклучоци |
| | Избира медиумски содржини за презентирање на поими и разработка на теми. | 2 | •Разговор со учениците дали и колку често следат анимирани филмови.<br>• Кој е твојот омилен анимиран филм?<br>• Што ти се допаѓа во анимираните филмови?<br>•Наставникот ги насочува учениците со внимание да проследат анимиран филм преку кој ќе треба да ја откријат содржината, доживувањата на ликовите и да ја извлечат пораката .<br>[https://www.youtube.com/watch?v=THmHFHBWQZc](https://www.youtube.com/watch?v=THmHFHBWQZc)<br>•Го проследуваат краткометражниот анимиран филм и одговараат на прашања поврзни со истиот.<br>• Што го привлече вашето внимание додека го гледавте?<br>• Дали ви беше интересно да гледате слики и да слушате звуци во филмот?<br>• Дали тоа може да се доживее читајќи книгата или ако слушаме приказна на радио?<br>•Учениците во групи добиваат слики и клучни зборови со кои треба да изработат постер за книгата која ќе се работи на | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>звучници<br>блок број 3<br>лепило<br>ножици<br>боици<br>слики и клучни зборови подготвеи од наставник | Усни одговори на прашања<br>Активно учество во работа во група<br>Избира, креира и презентира содржина преку постер |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Креирање медиумски пораки и содржини** | | | следниот час-Грдото пајче.<br>**Петок 23.11.2022 македонки јазик лектира**<br>**Грдото пајче**<br>•Учениците во групи го презентираат својот постер во кој ја презентираат низ слики и клучни поими бајката која ќе се разработува на следниот час. | | |
| | Избира медиумски содржини за презентирање на поими и разработка на теми. | | •Разговор на тема – Семејни празници. Учениците набројуваат различни видови празнувања и славења и како меѓусебно се поканувaат на тие настани. Заклучуваат дека често се користат картички/честитки за канење на различни пригоди, но и покана преку месинџер, порака преку мобилен телефон.<br>•Учениците во група добиваат картички во различна боја на кои треба да подготват покани за присуство на празнување семеен празник. На секоја картичка е напишано името на видот на семејниот празник (роденден, именден, свадба, слава...).<br>•Следат насоки да размислуваат кои клучни зборови или изрази, емотикони или соодветни илустрации ја презентираат темата напишана на картичката и да ги искористат на креативен начин за да подготват покана за празникот што е означен на картичката. (примери за идеи- стр.27)<br>•Изведување заклучоци - соодветниот избор на слики, зборови и други содржини е многу важен за да ја пренесат пораката на разбирлив начин.<br>•*Корелација со Ликовно образование и Општество.* | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>звучници<br><br>картички во различна боја со име на празник<br><br>лепило<br>ножици | Усни одговори на прашања<br><br>Активно учество во работа во група<br><br>Избира, креира и презентира содржина преку постер |
| | Составува куса медиумска порака во вид на реклама, упатство и информирање. | 1 | https://www.dailymotion.com/video/x570ulq<br>•Учениците ја слушаат и пеат песната од детската емисија „Здраво генијалци„ Среќна Нова година“ .<br>Дискутираат на прашање: Кои новогодишни пораки може да ги извлечеме од содржината?<br>•Учениците читаат реченици од таблата :<br>• Новата година среќна да ни биде! | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>звучници | Усни одговори на прашања<br><br>Составува куса медиусмка порака во вид на реклама, упатство и |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Креирање медиумски пораки и содржини** | | | • Милион светли ѕвезди да не greaт!<br>• Новогодишни ѕвездички-весели песнички!<br>•Учениците во мали групи добиваат насоки да изработат медиумска порака за информирање за новогодишната приредба која ја подготвуваат.<br>Наставникот им дава можност да избираат слики од интернет и истите да се испечатат за да може да се изработи постер кој ќе биде истакнат на влезот на училиште.<br>•Истите избрани слики наставникот преку видеобим на word документ или на дигитална алатка(пр. Canva) ги комбинира со цел да се изработи заедничка порака за информирање на родители и наставници по електронски пат.<br>•Се презентираат изработените медиумски пораки за информирање во хартиена и електронска форма. Активноста може да трае и да се реализира во времето за продолжен престој кога изработените пораки ќе бидат поставени и испратени на соодветно место . | слики со новогодишни и зимски мотиви<br><br>ножици<br><br>лепило<br><br>хамер<br><br>боици | информирање<br><br>Учество во групни активности |
| | Избира медиумски содржини за презентирање на поими и разработка на теми.<br><br>Составува куса медиумска порака во вид на реклама, упатство и информирање. | 1 | •**Игра** – Асоцијација - Учениците добиваат клучни зборови што се дел од нивното секојдневие и кажуваат зборови што ги асоцираат на дадениот збор.<br>- мастика/гума за џвакање:се џвака, лута, од лубеница, се тегни<br>- сок: портокал, газиран, цеден сок, освежителен, ладен итн.<br>•Учениците се поделени во групи со следните задачи:<br>• Група – **реклама,** треба да смисли соодветни зборови за омилените гуми за џвакање, сокче, кроасан и сл.<br>• Групата - **упатство**, треба да смисли чекори како да се направи лепеза од хартија.<br>• Група – **известување**,да осмисли известување за родителите за родителска средба што би се одржала наредната недела.<br>•На хамер е нацртана табела со три колони – известување, реклама или упатство. По еден претставник од секоја група, треба да напише најмногу три клучни збора или | компјутер<br>проектор<br>бела табла<br>звучници<br><br>хамер<br>фломастери/ маркери<br>боици | Усни одговори на прашања<br><br>Избира медиумски содржини за презентирање на поими и разработка на теми.<br><br>Составува куса медиусмка порака во вид на реклама, упатство и информирање<br><br>Учество во групни активности |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | поими/изрази/датуми што најдобро ја претставуваат пораката што сакаат да ја пренесат или да го претстави процесот преку илустрација/цртеж. (прирачник ст.30) | | |

resursi.literatura.mk